**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на Тринаесеттата**
**седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 25 март 2003 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на РМ со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Макеоднија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Тринаесеттата седниц ана Собранието на РМ.

Пратениците Сашко Кедев и Петар Наумовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа по Втората точка од дневниот ред - Предлог на буџет на Република Македонија за 2003 година.

Продолжуваме со општиот претрес.

Има збор господинот Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата,

Денес на дневен ред на ова продолжение е Предлогот на буџетот на РМ за 2003 година, доставен до на пратениците, т.е. проекцијата од страна на Владата како би требало да изгледа Буџетот за 2003 година. Вчера слушнавме образложенија на претставници на Владата во врска со Буџетот и слушнавме многу дискусии од страна на пратеници за сите сегменти на Буџетот, како добри размислувања така и критики во врска со Буџетот. Сепак, овие проекти се размислувања на Владата и доброто и лошото го оставаме на самата Влада да видиме во иднина што всушност значи тој Буџет во правец на унапредувањето на функционирањето на државата и другите сегменти кои се опфатени во Буџетот.

За многу работи нема да дискутирам, бидејки претходните дискутанти тоа го направија, но ќе се задржам на проекцијата што се вика даноци во делот на образованието и науката. Но посебно сакам да напоменам дека вчера, всушност сношти се зборуваше за една бројка на вработување, имено, сегашната Влада наиде на неколку илјади вработени и едноставно тие вработени во голем дел се вработени со договор на дело и дека тоа е на товар на Буџетот.

Сакам да дадам само една информација дека 1998 година, кога дојде тогашната нова Влада, наиде на вработувања по сите основи и тоа не неколку илјади, како што рече господинот Коце Трајановски, туку околу 6.840 вработувања, па тогашната Влада не најде за потребно да ги критикува со реторика дека тие се апаши, дека тие го осиромашуваат Буџетот, туку најде сили во рамките на својата работа тие вработени да ги инкорпорира во програмите за вработување во тој период. Мислам дека реториката што вчера се слушна тука и се користеше, како “тие се крадци, тие се апаши” мислам дека не држи и не зборува добро за дигнитетот на овој Парламент. Мислам дека тоа треба да се напушти, бидејки тука сите рпатеници се еднакви и треба да ја критикуваат Вадата во сите сегменти или истата да ја фалат врз основа на аргументи, а не врз основ ана некои согледувања кои едноставно немаат никаква основа во себе.

Се зборува за многу работи во Буџетот. Едноставно и пред малку кажав дека нема многу да зборувам, но она што е важно вов рска со науката и образованието што сакам да го изнесам се однесува на даноците. Досега даноците беа 13% во доменот на услугите, а во образованието и науката многу се влегува во тој сегмент, сега нема да се даночи со 13%, туку директно со 18%. Само по тој основ имаме зголемување на даноци за 5%. Да не зборувам за други делови кои се потрошувачка за науката и образованието, кои беа до сега 5%, но сега ќе бидат 15%.

Полнењето на Буџетот со даноци е многу важна работа и затоа мислам дека овој сегмент, односно зголемвуањето на даноците од 5 на 18% во еден дел држи. Но би сакал да напоменам дека не само сега, туку и во минатото, и не само во нашата држава туку во сите држави има еден сегмент кој се вика сива економија. Таа сива економија во дадени моменти успеавме да ја симнеме на 20-30%, а во еден период таа беШе дури и 50-60%. Мислам дека ќе беше поцелесообразно Владата сега да работи на тие даноци, истите да ги собира на подобар начин, таа дупка да не биде голема во однос на сивата економија. Ако успееше тоа да го направи со некои механизми, а мислам дека има такви механизми, ќе имавме подобро собирање на жетвата што се вика даноци. Но сега што се случува? Мислам дека голем дел од

ставките кои се префрлени од 5 на 18%, особено во сегментот на хигиена, детергенти и слични работи, отвора пат за уште поголема сива економија. Ако за некого беше демотивирачки да тргува, да работи на црно што се вели за 5%, сигурно со 18% ќе биде многу по мотивирачки. Од една страна, ќе се полни касата, а знак прашалник е дали ќе биде тоа , со овие даноци, а од друга страна ќе имаме ерозија на даноците врз основа на сивото работење. Мислам дека Владата треба длабоко да се замисли за овој сегмент, бидејки иако во дадениот момент сивата економија е социјален амортизер, но во случај кога имаме и треба да имаме договори со Светската банка и ММФ, сивата економија не треба да биде како сега во голем процент. Не треба човек да биде многу умен и да филозофира, туку едноставно можеме да излеземе на пазар или било каде, едноставно да видиме какви се производи има, какви производи се нудат и тоа сигурно со неплатени давачки кон државата. Токму тука во овој сегмент треба д апоработи државата. А дали даноците се добри, дали таа математика со 18% е подобра од математиката со 5% и дали држи, ќе видиме со тек на време.

Кога ќе дојдеме до данокот на додадената вредност ќе дискутираме повеќе, но сега да бидам доследен на она што го реков на почеток дека пократко ќе дискутирам. Ќе зборувам за сегментот образование и наука. Образованието, а и науката , бидејки е во рамките на образованието, е важен сегмент на секоја држава, вклучувајки ја и нашата. Во последно време гледаме дека се поголем акцент се дава на образованието, а јас би реол уште повеќе на науката. Она што се проекции во образованието, во рамките на минатото околу 2002 година и тука можеби требаше да има малку зголемување , но добро, тоа е проекција на Владата. Но она што ми паѓа во очи е драстичното намалување, скоро двојно намалување на вложувањето во науката. 2002 година имало 196 милиони за науката, а сега се предвидуваат 106 милиони за науката. Ако се имапредвид дека ќе имамемоданочување од 13 на 18% за услуги што влегуваат во рамкит ена науката, значи имаме двојно намалување на вложувањата за науката.

Би кажал неколку зборови што всушност претставува науката кај нас, иако ме чуди што луѓето од позицијата кои се од фелата на професори, кои се од тој сегмент, од тој профил што не реагираат односно нема никаква нивна реакција за што се вложува во науката. Слушнавме многу проекции во смисла нов вид на менаџмент, ангажирање на млади, ангажирање на луѓе кои се во тековите на науката. Ќе се согласите дека со вакви инвестиции, со вакви вложувања во науката, науката во Македонија не само што ќе назадува туку ќе се движи кон нула. Мислам дека е

подобро,  зошто 100 милиони, да беше ставката нула ќе беше уште подобро?! Ова го дискутиравме на Комисијата за образование инаука и добив едно зачудувачко образложение. Имено, тие научници се упатуваат на меѓународни конкурси. Луѓе, па и сега имаше меѓународни конкурси. Тие меѓународни конкурси секогаш постоеле и ќе постојат, независно дали државата вложува во науката или не вложува во науката.

Но сакам нешто да напоменам.  За да конкурираат некои луѓе на меѓународни конкурси, треба да имаат име и презиме за тие конкурси. Државата треба да вложи во тие луѓе да бидат научници, за да бидат докажани луѓе од својата бранша. Никој, ама баш никој не повикува или нема да вклучи човек кој е тотален анонимус или немал можност да се искаже во врска со проекти. Тоа е едниот сегмент.

А другиот сегмент е следниот. Јас само би напоменал дека за унапредување на професори на нашите факултети, бидејки на нашите факултети се работи истовремено наука и ние немаме поголеми институти во сите сегменти одделно за наука и за образование. Тие едноставно држат настава и часови и се занимаваат со наука. За да напредуваат од звање асистент, доцент, вонреден или редовен професор, тие имаат законска обврска да имаат објавени дела, објавени  студии во меѓународни рецензирани списанија или она што се вика дел од науката што е вов рска со нивната област. На еден редовен професор законска обврска е да има 5 објавени труд во меѓународни списанија, од кои во три треба да биде прв автор. Или пак сме навикнати да немаме такви обврски, да го кршиме законот и едноставно да се изберат професори ама баш со ниеден научен труд. Ако е тоа интенцијата, тогаш мислам дека со ова се постигнува целта.

Досега честопати се милуваше да се прави споредба како стоиме со соседните земји во економијата, политичките работи и други делови што се однесуваат на демократското живеење на една држава. Јас би направил споредба со наши соседни држави колку вложуваат во науката. Албанија вложува 1% во науката. Србија и Црна Гора меѓу 0,9% и 1%. Бугарија вложува над 1%, Словенија и Хрватска 1,2%, да не зборувам за Грција. А нашиот удел во науката сега е 0,09%. Па можете да замислите ние каде одиме! Ако е ова начин да се размислува дека 100 милиони се големи пари да се заштедат, па вчера зборувавме за социјални проблеми, се зборуваше за повеќе од 240 милиони евра. Ако мислиме да имаме своја наука или едноставно свои претставници во науката, ние мораме да вложуваме во тие млади луѓе. Или пак сакаме да ги избркаме од Македонија и тие

мозоци и тие луѓе кои, и покрај тоа што нема вложено во науката , сепак работат некоја наука, која Македонија ја ставаат во редот на државите кои работат нешто.

Поднесов амандман во врска со ова и подетално во врска со науката ќе објаснам кога ќе се зборува за амандманот. Но верувајте, она што се случува сега, мене ме изненадува. Апсолутно отсуство на реакција и од позиција и од опозиција и од онаа да ја наречам професорска или научна фела во Република Макеоднија. Да се нема апсолутно сенс или реакција зошто токму во науката имаме драстично намалување на средствата за оваа година. Длабоко треба да се замислат сите луѓе кои и мислат добро на оваа земја, добро на младите, добро на иднината на македонската наука што прават и во кој правец ги прават работите. За да се унапредат тие луѓе и да остават трага во Македонија, да не си одат од Македонија, а сведоци сме на одлив на многуи млади кадри кои тука не нашле леб, не нашле ангажман, не нашле валоризација  на нивнито труд, со ова што се случува ќе имаме уште повеќе намалување на тој интерес и ќе имаме поголем одлив. Јас се прашувам каков е тој менаџмент утре, каква е таа наука што ќе се вклучи во транзиционите работи што се предлагаат од страна на Владата, или пак постојано ќе бараме, она што се случува со стоките за широка потрошувачка, да имаме буџетски дефицит и на крајот на краиштата ќе имаме дефицит на научни кадри и луѓе кои ќе ја водат целата научна мисла во Република Македонија.

Мојот предлог е: прифатете го тој амандман што е предложен или овие смешни износи од 100 милиони денари за науката за една година во Македонија - навистина се смешни. Би требало длабоко да се замислите зошто се прави рез на науката, наместо да имаме благо сголемување на средствата, на вложувањето во науката, можеби не изразено во стотици милиони евра, но ако 2002 година тие средства биле 3,3 милиони евра, логично ќе беше оваа година, заради промената на ДДВ за услуги да биде 4-4,5 милиони евра. За разлика од тоа, оваа година имаме околу милион и 600 илјади евра во науката. Да не должам повеќе, но мислам дека ова е најголем промашај што е направен во буџетската проекција за 2003 година. Дали тоа е направено нарочно или е како разултат на грешка , ефектите се исти- имаме уназадување, а во иднина сигурно ќе имаме уште поголемо уназадување на науката. Впрочем, најдобро би било во проекцијата  ставката за наука да биде финансирана со нула денари. Тоа би била најдобра проекција за тој дел.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор Цветанка Гашоска.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Придобивките од  Педесетгодиниот развој на еден здравствен систем, здравствена заштит аи здравствено осигурување треба да ги искористиме како ресурс за натамошно работење, норамално, со соодветно модифицирање и адаптирање во услови на пазарна економија. Наместо тоа, во изминатиот период ни се случи нешто друго, здравствената заштита се претвори во хаос, а во Фондот за здравствено осигурување се случи криминал. Здравствениот денар е под лупа на граѓаните, бидејки тој се издвојува за нешто суптилно, за здравје. Тој денар мора строго да се координира и наменски да се насочува и употребува. Зошто ни се во пораст бруцелозата, туберкулозата, болните од дијабет, болните на дијализа, срцевите болни потенцијални кандидати за кардиохирургија? Точно зарадинеорганизираноста, неразионалноста, заради хаосот. Нема веќе годишни превентивни ренгенски контроли на населението за рано откривање на туберкулозата и другите болести на белите дробови. Примарната здравствена заштита е маргинализирана, потценета, затоа се во пораст болестите кои се товар на секундарната  здравствена заштита, коај е многу скапа во споредба со примарната дејнсот. Нема рано откривање на покачен крвен притисок, нема доктрина во употребата на лекови, но зато аима повеќе бубрежни болни потенцијални за дијализа. Затајува едукацијата на населението за начинот на исхрана и живеење, за да се спречи појава на дијабет на срцеви болни, а сето тоа е работа на примарната здравствена заштита. Наспроти тоа , ние трошиме средства за изградба на скапи хирушки сали на секои 5 до 10 километри.

Средствата од Буџетот на Република Македонија што се издвоени за здравство ќе бидат доволни ако се направат реформи во здравството, во Фондот за здравствено осигурување, ако се изври приватизација на здравството, ако имаме контролирана наплата на здравствените услуги, строго контролирана набавка на лекови. Мора да има стратегија за рационално користење на лековите. Тоа впрочем го прават и најбогатите земји за доброто на своите граѓани, ако се направи добра организација и доктринарен пристап во работењето. За реализација на тоа имаме просторни капацитети, кадровски потенцијал.

Исто така имаме врвни стручнаци од секоја област, со тоа можеме и да се пофалиме. И затоа сметам дека со правилен и реален приод одвоените средства за здравство од Буџетот на Република Македонија ќе бидат оправдани.

СТОЈАН АНДОВ:

Почитуван г-дине претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници. Сигурно дека овој е еден од најважните акти што се донесуваат во текот на оваа година, а за оваа влада веројатно е најважен заради тоа што е прв испит за тоа како таа ги согледува работите објективно во Македонија, колку објективно ги гледа, колку знае да ги идентификува проблемите, да ги спореди, да ги одмери и колку знае и како знае да бара решенија за нив. Предлогот на буџетот кој го имаме овде може да се оквалификува како еден тежок предлог. Мој впечаток е дека не се точно согледани околностите во кои се донесува овој буџет и околностите кои добар дел од оваа година ќе ги определат тековите, економските текови. Така како ги виделе предлагачите на буџетот околностите произлегува дека проблемите кои ќе бидат преовладувачки во оваа година се проблеми кои ги создала претходната Влада, дека тие се од политички карактер, дека економскиот организам бил изложен на некое политичко насилство итн. Не се приоѓа да се види атмосверата, да се види што навистина се случува и кои фактори делуваат сега дневно во претпријатијата. Не се обидува да се согледа на кој начин оваа Влада и нејзините носечки фактори делуваат и создаваат атмосвера во која работи стопанството и што е резултат на политичкото делување на Владата и на политичките сили што ја сочинуваат Владата.

Прв впечаток кој е уочлив е дека нагло се забавува, заостанува индустриското производство, воопшто производството. Потоа, втор впечаток е дека нагло опаѓа прометот на мало. Тековните тенденции во овие месеци и во овој тековен месец е видливо, такви се што не дозволуваат да имаме илузија дека оваа година ќе биде лесно. Јас нема да ги спомнувам цифрите. Само сакам да ви кажам дека  секоја недела се држи некој состанок на некоја струка стопанственици кои ни соопштуваат дека се во панична ситуација, дека е многу тешка состојбата дека работите со кои се среќаваат не се вообичаени и со такви проблеми не се среќавале подолго време. Треба малку да се размисли што може да биде причината за оваа работа. Оние дупки за кои стално зборуваат, вакви дупки во буџетот ваму биле, таму биле, мислам Владата имаше за задача со ребалансот на Буџетот да ги порамни, добро да ги идентификува, да најде извори  за нив и да најде решение за нив. Ако тоа не го

сторила, а не убедуваше дека токму тоа го чини кога беше ребалансот на дневен ред, тогаш ние имаме една Влада на која еве, сама не убедува дека не треба да и се верува. Само пред извесно време тие тврдеа дека мораат да направат голем рез со ребалансот бидејќи многу дупки има во буџетот, иако изворите кои ги користеа, ги користења оние извори кои беа веќе создадени во економијата и финансискиот систем на државата. Според тоа не може да се каже дека сега овој буџет е посветен на затнување и покривање на дупките од минатата година. Тогаш што е ова што се случува во стопанството и што е ова што се заканува стопанството да го доведе во мизерна ситуација. Треба да се знае дека тоа се последици од популистичкиот настап на партиите на власт во периодот на предизборната кампања. Тогаш главна задача беше да се каже дека има многу криминална приватизација, дека ќе се ревидира приватизацијата. Тогаш беше главна задача овде во ова Собрание да се каже дека мора да се донесе законот за загубарите итн. Луѓето тоа го гледаа Се надеваа дека еве дојдоа на власт сега, навиотина ќе се отстранат проблемите во приватизацијата. Меѓутоа, се створија надежи дека комплетно приватизацијата ќе се преиспита. Не може некој да го слуша тој што говори и што ветува дека ќе прави само ревизија на приватизацијата каде што идентифицирал неговиот ривал, неговиот политички соперник дека нешто направил, туку и порано ќе се врати. Ние имаме сега ситуација каде генерално во голем број претпријатија работниците што се сметаат онеправдани со приватизацијата било од кој период да очекуваат ревизија на приватизацијата. Тоа кај нив раѓа надеж дека својата позиција ќе си ја поправат со ревизија на приватизацијата. Не може вас да ве слушаат само вие што мислите приватизација да се направи, туку тие сите сами се идентификуваат дека ќе си прават ревизија на приватизацијата.

Од друга страна оние стопанственици, бизнисмени кои се напатиле да водат приватизирани претпријатија и ги вложиле своите средства таму, влегле во големи ризици, земале кредити, итн., со самата закана што беше изречена и што зеде голем замав меѓу луѓето, тие се сега конфликтно разположени спрема сите такви идеи и се уплашени. И тие гледаат сега ако можат да си ги извлечат парите и ако можат некој профит сега да земат. Верувам дека тече еден процес на оставање на парите надвор, што е вообичаено во таква ситуација, бега капиталот од земјата.а тоа значи натамошно осиромашување, чека друга прилика некогаш кога ќе има Влада со поголема доверба.

Друго, еден од големите напори беше во предизбориете да ги подбуцнете малите стопанственици да бидат против фискалните каси. Тоа тие си го сватија дека

едноставно доаѓа една влада која треба да ја гласаат и да ја поддржат која нема да бара собирање на данокот. И нормално сега очекуваат да не го плаќаат данокот. Не можат тие луѓе да си врзат во умот како тоа оваа политичка сила која ги поттикнуваше по градовите да прават штрајкови, демонстрации, да бидат против воведувањето на фискалните каси, наеднаш сама инсистира на фискалните каси. Сите тие збрки се основа која создава крајно лош амбиент во фирмите, во стопанството, во финансиите итн. Наместо да се дадат ветувања овде дека енергично ќе се расчисти со тие заблуди, дека тоа било лага, дека не се ни мислело сериозно така да се работи, туку било само за гласови целата работа што инаку во тој поглед го направија и договорот со Синдикатот, ветувајќи им сешто и што бива и што не бива. Сега тие им се прават англичани пред синдикатот дека тоа не било така. Сите тие збрки што се правеа и сега се присутни во стопанството и се одразуваат на економските текови. Затоа сега се бара храброст, да се каже на Синдиактот: Ве лажевме луѓе, ни требаа вашите гласови, затоа ви велевме вака и така и нема ништо од тоа, ниту закон за загубари, ниту незнам какви други социјални заштити итн. Според тоа, ако не се зафати реалниот проблем со кој се среќава сега оваа влада, нема да го промени амбиентот, нема да ја промени атмосферата, нема да ги потсмири оние конфликтни фактори во стопанството кои се поттикнати сега и фактички кочечки делуваат на развојот на економијата кај нас.. Затоа господа, мислам дека не е добро идентификувана ниту атмосферата, ниту амбиентот, ниту главните проблеми, ниту мерките. Сега што се прави? Се прави штедење што е неизбежно, но се прави на еден ригорозен и така да кажам начин што викаат старите покутара. Наеднаш сега гледам се суспендира целата програма всушност на МАНУ. Веќе е изграден објект, не се предвидуваат пари да се догради, да влезат луѓето таму да можат да си ги остваруваат програмите. Се намалуваат финансиите на проектите кои се во тек, дури и се оневозможува да се објави она што е веќе изработено, напишано. Ние зборуваме за наука како политика каква ќе била и колку проценти да одвојуваме за науката понатаму, а науката што ја имаме веќе како резултат не и дозволуваме да проговори, да се одржи, да настапи.Потоа, гледам во буџетот не е тоа случајно, не постои јавното претпријатие “Злетовица” мислиме ли ние така еден проект, еден цел регион за снабдување со вода туку така да го избришеме. Тоа претпријатие ако буџетот не го финансира уште извесно време додека не застане на нозе, не може да си ја тера работата нормално Ова се само груби примери. Можам да наведам многу такви.

Кај приходната страна што направивме? Намаливме 1% и на оние фирми да речеме од ДДВ генерално направивме едно растоварување и оние кои добро работат итн. Но, затоа го префрливме товарот на пензионерите да плаќаат лекови уште 15% поскапо ДДВ таму, го префрливме товарот на електростопанство. Ако ги следиме изјавите на министерот за финансии дека разликата од 5 до 18% ќе ја плаќа електростопанство, во ДДВ тоа нема да се превали на крајните потрошувачи т.е. на граѓаните, тогаш се поставува прашањето, ако Електростопанство може уште 13% да плаќа ДДВ, тогаш таму нема дупки. Сета приказна за дупките е измислена. Ако имаат дупки како што велите во електростопанство, од каде ќе ги плаќа тие 13%. Како може да ги плаќа тие 13%. Настрана од целата работа што ако искаже загуба треба со буџетот да бидат покриени. Од кого ќе ги собереме тие пари за да му ги дадеме на електростопанство. Или играта со таканаречениот Бранков закон кој дозволува на органите на државата да си одберат фирми каде ќе дојдат тие пари и како ќе бидат после наменети. Тоа настрана што создава апсолутно нееднакви услови на пазарот, туку дозволува и голема мера на перење на пари. Сега ако преферирате вие да донесете закон кој олеснува перење на пари, а сте против законот за загубари, се разбира не само што го поречувате тоа што сте го ветувале пред изборите, туку декларирате кој е вашиот натамошен интерес. Затоа велам во една ваква ситуација каква е ред е да се обрне внимание на објективните и реалните проблеми со кои се соочува стопанството. Треба да видите што тоа сте ги вие создале, вие сте ги покренале тие конфликтни фактори внатре во стопанството, како да ги смирите, каде да се извините, каде да се повлечете во вашите настапи и во вашите намери, затоа што не веруваат многу на ова дека оние порано биле многу големи крадачи, особено не веруваат ако ист човек тоа го тврди сега од говорницата кој тврдеше дека најголеми грабачи биле оние со кои седи во Владата сега. Така што тие работи се така. Бидејќи на никој не му е многу важно да каже на крајот на краиштата колку луѓе ќе имаме во затвор. Важно му е може би и тоа. Но, многу поважно му е како да живеат подобро тие што не се во затвор, како да дојдат до подобри пари, до подобар стандард, до повеќе работни места овие што не се во затвор.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Почитуван претсеателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници, веднаш по објавувањето на Предлог - буџетот за 2003 година многумина побрзаа да истакнат дека овој буџет е социјален, а не развоен, дека е

рестриктивен итн. впрочем ова се случуваше и во овие два дена расправа. Но, притоа скоро сите заборавaат да признаат дека овој буџет е буџет на економската стварност во РМ. А таа стварност се осликува со многу проблеми, нелогичности и ограничувања кои се вистинска пречка за изготвување на буџет кој ќе биде по мерка на сите, кој ќе зема малку, а ќе ги задоволува потребите на сите. Овој буџет и да сакаме не може да биде развоен, затоа што за развој потребни се финансиски средства за инвестиции и за поддршка на стопанството. А ние сме приморани да издвоиме скоро 17 милијарди денари за социјална заштита и социјална сигурност на сите граѓани на кои таква заштита им е неопходна. Овој буџет исто така не може да биде доволно развоен затоа што мораме да издвоиме близу 11 милијарди денари за отплата на достасаните обврски по странските кредити и домашните обврзници. Само овие две категории зафаќаат повеќе од 50% од изворните приходи на буџетот за 2003 година. А со другата половина потребно е да се покријат расходите за одбраната, безбедноста, образованието, културата и на крајот да се обезбедат средства за развој на земјоделието и индустријата. Зошто гоупотребувам зборот доволно развоен? Затоа што во овој буџет има и развојни елементи, но износот на средствата издвоени за развој сигурно не се доволни за еден подинамичен економски развој кој на нас ни е неопходно потребен.

Овде да спомнам дека некои пратеници од оваа говорница истакнаа дека Светската банка пресметала дека за вработување на еден работник во Македонија се потребни повеќе од 11 илјади долари или евра, не се сеќавам. Се разбира дека износот на средства по вработен зависи од органскиот состав на инвестицијатата. Односно, дали ќе вложуваме во трудо интензивни или капитално интензивни. Анализата на учеството на поодделни индустриски гранки во вкупната индустрија на водечките транзициони држави Унгарија, Чешка, Полска, Словенија, Естонија, покажуваат дека во првите години од транзицијата најголемо учество имаат трудоинтензивните гранки: производство на прехранбени производи, пијалоци и тутун, производство на текстил, текстилни производи, производството на индустријата на преработка на дрво и производи од дрво.

Во втората фаза сите овие гранки доживеаја драстичен пад за сметка на технолошки поинтензивните индустриски гранки како што е производство на електрични уреди, апарати, производство на сообраќајни средства, производство на гума и пластика и производство на машини и опрема.

Затоа сметам дека износот од 11 милиони долари во овој момент за Македонија е повисок и имаме шанси и со далеку помалку средства по еден вработен да ја зголемиме вработеноста.

Многу пратеници од опозицијата во своите дискусии, а и со предложените амандмани што ќе ги разгледаме, настојуваат да не убедат дека во буџетот треба да се предвидат повеќе средства, за културата, за земјоделието, за развојот на неразвиените подрачја итн. итн. Но, не предлагаат од кои буџетски приходи да се покријат овие расходи. Тоест кои даноци предлагаат да се зголемат.

Овој пат јас сакам да укажам на еден друг факт што според мене е една од најголемите грешки што оваа држава ги направи во изминатиов период. Тоа е искористување на прибраните средства од приватизацијата. Господинот Марјан Ѓорчев критички зборуваше за користењето на овие средства. Притоа не кажа зошто не успеал оваа работа да ја промени во времето кога беше министер во Владата на господинот Љубчо Георгиевски и потпретседател на владеачката партија. Македонија до 30 ноември 2002 година од приватизацијата има прибрано околу 20 милијарди денари или над 327 милиони евра. Наместо овие средства да влезат во некаков фонд за развој или инвестициски фонд и да се употребат за реконструкција на веќе приватизираните фирми, како и за нови инвестиции, тие, со влегувањето во буџетот ги зголемија апетитите на министрите и ја зголемија јавната потрошувачка. Навистина, дел од нив се искористија за отплата на долговите во странство и за покривање на дупките во буџетот. Како на пример, за отплата на заостанатите обврски спрема пензионерите. Но оној дел што се потроши на име развојни програми сметам дека воопшто не ја постигна својата цел.

Навистина, на Македонија и се потребни и амбасади во странство и заштита на културно историските споменици и спас на Дојранското Езеро и селски патишта и водоводи и спортски сали и многу други инфраструктурни објекти. Но, на Македонија и е најпотребно заживување на стопанството и нови вработувања. Без тоа по селските патишта ќе нема кој да се движи, а селските водоводи нема да работат затоа што селаните немаат средства да ја платат потрошената електрична енергија за пумпање на вода.

Да не зборувам за средствата што се користени спротивно на законот и намените утврдени во законот. Најдобри примери за тоа ќе најдете во Извештајот за остварување на Програмата за Бирото на стопански неразвиените подрачја. Сето ова и поради нешто друго, дали оваа генерација имаше право неповратно да ги потроши парите на претпријатијата што многу генерации наназад ги создаваа. Со

вложувањето на средствата од приватизацијата во инвестициски или развојни фондови ќе се овозможеше нивно повеќекратно користење. Така што после враќањето на средствата што фондот ги инвестира во претпријатието или по продажба на уделите или акциите што фондот ги поседувал во некое претпријатие, тие ќе можеа повторно да се реинвестираат. На тој начин ќе се овозможеше користење на средствата и од страна на идните генерации. Сега сме принудени да ги очекуваме трошките од остатокот на приватизацијата. Оние незначајни и обезвредени акции и удели што Агенцијата за приватизација ги поседува или како општествен капитал, по Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал или како државен капитал што државата го стекнала по основ на стечај, конверзии и Законот за загубари. Се плашам дека од 400 милиони евра колку што изнесува номиналната вредност на вкупните акции или удели со кои располага Агенцијата за приватизацијата, нивната реална вредност не може да биде повеќе од 60 милиони евра. Затоа на Македонија и останува можноста умно и максимално да ги искористи средствата што по основ на кредити од склучени мултилатирални и билатерални договори, со меѓународните финансиски институции и влади на други држави ќе влезат во Македонија.

Но за оваа и за другите можности за забрзан развој ќе зборуваме кога ќе ги разгледуваме законите и предлозите за измени и дополнување на законите што ќе произлезат од пакетот на мерки за остварување на макроеконмската политика на Владата за 2003 година.

На крајот да истакнам дека и покрај тоа што јас не сум човек - вечен оптимист, сепак сметам дека Македонија има шанса. Па, почитувани колеги, ние имаме толку ниска основа, за нас и стапките на раст над 10% не се неостварливи. Но, затоа треба забрзано да се работи. Предвидените мерки за поттикнување на извозот, за зголемување на вработеноста, за мобилизирање на штедењето, за зголемување на кредитирањето на приватниот сектор и инвестициите, мораме многу брзо да ги преточиме во законски измени и во конкретни активности. Без тоа, нашата економија ќе тапка во место, нашите претприемачки идеи и ентузијазам ќе останат нереализирани и запрени, а развојот ќе остане само како добра идеја и неостварена цел.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Димитров.

Реплика има г. Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Бев спомнат г. претседателе.

Точно е тоа дека од средствата за приватизација се собрани некаде околу 20 милијарди денари, но ако направиме една временска, хронолошка димензија да кажеме дека 1993-1998 година се собрани околу 6 милијарди денари или околу 100 милиони евра. Од 1998-2002 година околу 230 милиони евра и притоа во период од 1999-2002 надворешниот долг на Република Македонија остана ист каков што беше и во 1998 година, не се зголеми, а се платија над 600 милиони долари, во тој момент еквивалент евра за враќање на долговите што се наследени према Лондонскиот и Парискиот клуб од поранешната Федеративна Држава Југославија. Според тоа, не постоеле ни можности, ни услови, во услови кога во период од 1990-1998 година се приватизираа некаде над 1100 претпријатија а се инкасирани едвај околу 100 милиони евра, во периодот 1999-2002 година се врши приватизација на околу 300 претпријатија, а се инкасираат 230 милиони евра при енормно големи долгови на Република Македонија кон странство што уште еднаш ќе повторам не се зголемија, туку останаа исти. За 4 години исто ниво како во 1998 година.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Продолжуваме со дебата.

Има збор г. Караџоски Жарко.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, претставници на Владата, колеги пратеници,

Еве како трет ден дискутираме по однос на Предлогот на буџетот за 2003 година, и навистина произлегоа многу дискусии. Факт е дека оваа тема секогаш предизвикува внимание кај пратениците за дискусии. Нормално е да се слушнат разни размислувања. Едни кои доаѓаат од страна на позицијата, други кои доаѓаат од страна на опозицијата, некои неутрални, но факт е дека буџетот заслужува внимание што му го дадовме овие денови.

Долго време размислував дали воопшто да се вклучам во расправа. Не мислам дека сум некој стручнак во оваа област, меѓутоа, поаѓајќи од дискусиите што ги слушнав се наметнаа некои прашања што останаа неодговорени, некои теми што воопшто не беа одговорени. Мојата дискусија би ја насочил токму во тој правец, ако нешто можеме да разјасниме и ако во нешто можеме да се доразубедиме.

Инаку, главната карактеристика на буџетот тоа што е потпрен во една макроекономска рамка на Владата што е проектирана за 2003 година и ако вака летимично го разгледаме Буџетот ќе видиме основни две карактеристики што го карактеризираат буџетот во делот на приходите и во делот на расходите.

Значи, главна карактеристика на делот на приходите е тоа што овој пат главна страна на приходот на буџетот за 2003 година се приходите од данокот на додадена вредност. Тоа е логично и разбирливо бидејќи во Предлгот на законот, точно на оваа седница на денвен ред имаме измена и дополнување на Законот за додадена вредност, каде што според оваа рамка што е проектирана буџетската каса за 2003 година, во однос на минатогодишниот ДДВ, треба да забележи некаде околу 3 милијарди и 500 милиони денари плус приход од ДДВ. Се разбира, тоа не е се од измената на стапката на данокот. Тука е веројатно проектирана и поголема финансиска дисциплина при наплата на ДДВ, што заедно ја сочинува таа бројка. Факт е дека приходната страна по основ на оваа категорија, данокот на ДДВ, во однос на минатогодишната па и на претходните е зголемена. Тоа е главниот носител на приходната страна според мене. Ако ги погледаме другите приходни страни ќе видиме дека има нешто помалку но се движат во рамките на она што беше проектирано во претходниот буџет за 2002 година. Само недостасува воениот данок, популарно наречениот. Вака или така, вкупниот приход на буџетот, во недостаток на тој данок, мораше да биде проектиран со нешто помали приходи. Но, и покрај тоа некаде разликата е околу 2 милијарди денари, според ова што овде можам да видам, нешто повеќе, зборувам за даноците, даночните приходи, а вкупните приходи се повеќе.

Очеигледно дека приходната страна, во недостиг на тој данок за што овде многу се спомнува дека “го укинавме”, јас би употребил друга терминологија, не е укинат, тој престана да постои со самиот факт што така беше донесен законот, со траење на одредено време. Значи, тој престана. Барем така се декларираме, дека во Република Македонија не сме во таква криза каква што бевме во претходните години, што значи дека и нема потреба од таков данок.

Значи, Владата имаше една таква задача, да дојде до одреден приход, мораше нешто да проектира. Колку е сега тоа популарно, добронамерно, колку ќе даде позитивни ефекти или негативни, ќе оцениме односно ќе видиме со тек на време, поточно 2003 година ќе каже ваквиот начин на зголемување на приходите преку корекцијата на ДДВ, како главен постулат беше, мораше да биде или ќе имаше некој друг начин или друг помалку безболен. Но, факт е дека за тоа си сноси предлагачот, поточно Владата, тоа е нејзината основна политика, јасно дефинирана. Министерот тоа го кажа во повеќе сегменти и ние тука ништо не можеме да корегираме. Постои аранжман со ММФ, така што тоа вака или онака ќе остане.

Значи, би се задржал на таа тема околу ДДВ, да се корегира стапката од 5%, ако ја гледаме вкупната приходна страна ќе испадне дека опфатот не е толку мал на она што знажи зголемување од 5 на 18%. Од друга страна имаме намалување од 19 на 18%. Значи, во тој дел на општа стапка имаме сега некоја заштита. Кога веќе вкупниот приход на ДДВ се зголемува, значи дека опфатот на ДДВ во однос на таа привилегирана стапка, не е мал. Барем јас така го разбирам. Математички не можам да го искажам, меѓутоа фактот дека сега во тоа оданочување како повластена стапка не ни се голем дел на производи како на пример лекови, струја, средства за лижна хигиена, што не се мал дел производи што директно или индиректно, директно влијаат врз точно социјалната положба на граѓаните. И тоа токму оној дел за кој што оваа Влада кажа дека основната цел е намалување на сиромаштијата. Не знам како тоа ќе успее, барем кога зборувам за ДДВ, како ќе ја намалиме сиромаштијата кога на овој начин, со намалување на привилегираната стапка на ДДВ, токму се удира врз нивниот џеб. Затоа што, да потсетиме главните трошоци на едно просечно семејство се во делот на исхраната, делот на плаќање на основните комунални трошоци и во делот на личната хигиена, каде имаме зголемена стапка од 5 на 18%. А, да не зборуваме дека и лековите за една категорија на граѓани, која не е мала, овој пат претрпува корекција во оданочувањето.

Лично не сум многу убеден дека струјата нема да поскапи, без разлика што Електростопанство даде такво соопштение, иако е волја на Владата да не дозволи нагли потреси во социјалната структура. И покрај најавите на Електростопанство јас сум убеден дека струјата еден ден ќе мора да поскапи. Електростопанство ќе биде принудено вака или онака да врши притисок во Владата да дојде до корекција на цената и таа ќе дојде. Ако не оваа година, ако не во

почетокот, можеби при крајот на наредната година, затоа што дубиозите ќе бидат многу поголеми од они што ги кажа министерот.

Аналогно на тие дубиози што ги истакна министерот, ако ги додадеме сега и овие, разликата на оданочувањето што треба Електростопанство да ја калкулира вака или онака, ќе дојде до многу поголеми дубиози. Затоа не знам како тоа ќе го издржи Електростопанство без да ја покачи цената. Затоа треба да бидеме подготвени дека еден ден ќе ни се случи, а самото поскапување на електричната енергија сите сме свесни што значи. Тоа е еден ланец што ќе ги поскапи сите производи. Храната и се друго што се подразбира под храна, сето она каде електричната енергија учествува во нивното производство.

Не знам колку и до каде ќе издржи Владата во таа проекција. Да се надеваме дека до тоа нема да дојде. Меѓутоа ќе видиме, да се надеваме. Тоа е по однос на приходната страна.

Овде имам еден податок, не сум многу сигурен дали е точен, министерот е тука, па може да ме корегира, податок дека по однос на приходите од царина во проекцијата на Буџетот на Република Македонија тој приход оваа година се зголемува за 100 милиони денари, што сметам дека е некаде 1% од вкупните, што значи дека не е некој зголемен приход од царините. Таа линија на царини од претходната година се задржува и оваа година со многу мала корекција. Значи, повторно останувам на онаа теза што ја кажав дека главниот приход е токму ДДВ-то. Тоа мораме да сватиме и да разбереме дека е тоа така.

Кажав дека во еден дел ДДВ учествува со покачување на стапката, но во другиот дел, во планираните приходи, учествува и финансиската дисциплина што ќе ја наметне најавената фискализација што ја слушнавме и од министерот, што ја започна претходната Влада. Тоа е исправен метод. Меѓутоа, за разлика од претходните ставови, кога денешната власт беше опозиција од која што страшно беше критикувано, дури и кај граѓаните се почувствува како еден невиден отпор, овој пат од Владата имаме сериозен пристап, дека процесот на фискализација ќе се одвива максимално, дури и со закана со казни што се предвидени во законот. Значи, ако некој сеуште негува надеж дека фискализација во Република Македонија нема да се случи, и покрај ветувањето на СДСМ кога беше во предизборната кампања, еве сега, јасен покажател е буџетот дека тоа ќе се случи и тоа што побрзо за да може да се оствари оваа приходна страна што овде се гледа.

Ако ја погледнеме расходната страна, главната ставка која ја карактеризира расходната страна, тоа е токмју ставката или трошоците предвидени

по однос на зголемување на вработувањето, предвидени во таканаречениот, популарно бранков закон, каде што еден поголем дел од средствата се одвојуваат токму за таа намена. Тоа е она проектирана политика на Владата на Република Македонија, борба против невработеноста и борба против сиромаштијата, како главни тези, тоа што беше ветено на изборите, сега се направи на овој начин. Дали тоа ќе даде резултати тоа ќе покаже времето. Јас лично не верувам дека овој закон ќе биде многу поразличен од овој првиот, кој знаете каква му беше судбината, која траеше извесен период, не траеше долго, па се укина, па сега се воведува, иако морам да кажам, на Комисијата кога расправавме за овој закон, господинот Манасиевски како претставник на Владата на Република Македонија по тој закон, го образложи од еден аспект дека тој закон, ваков или онаков, годишно вработувал некаде околу 25 до 30 илјади лица, што навистина е едно интересно прашање. Ако било така, и ако тие 20 односно 30 илјади останале на работа, и покрај оние работи што се случувале, покрај ваботување па испуштање, навистина се постави едно прашање, зошто мораше да се укине овој закон, зошто ако било така, некаде донесен 1997 година и ако продолживме да го применуваме тој закон до денес, ако помножиме 5 - 6 години по 30.000, тоа се 180.000 и ќе дојдеме во ситуација дека ќе немаме невработени, и можеби немаше да имаме потреба од бранков закон, репризер, тогаш, добро памтам, кога го носевме законот за да се укине тој закон, беше образложено дека е тој дел, апсолутно непродуктивен закон, дека Меѓународниот монетарен фонд и т.н. кој тогаш повторно преговараа аранжман со нашата Владата на Република Македонија, како една од основните тези односно цели беше тој закон да се укине. Така и направивме. Сега, чудно е на некој начин што Меѓународниот монетарен фонд го смени тоа мислење, иако во тој закон е предвидена некаква си рефундација, сепак главниот товар ќе го има буџетот.Јас ја разбирам политичката волја на позицијата да излезе во пресрет на она што го ветила, да го оствари и реализира она што господинот премиер и го најави дека ќе вработуваме по еден член од семејството. Јас ја разбирам таа политичка волја и разбирам дека треба да се најде начин како тоа да се реши. Но, дали е избран вистинскиот начин, тоа ќе го покаже времето, затоа што самиот овој закон можеби ќе се случи, токму да се вработат токму по еден член од семејството, но по принцип на непотизам. Секој кој има свое троговско друштво, иако лично немал намера, да речеме да ја вработи својата сопруга и некој од фамилијата, од роднините, на овој начин заради рефункцирање на средствата, заради течење на стаж, тоа ќе го направи, и официјално, да речеме, ќе се води како намалување на вработувањето,

во бројката кај Заводот за вработување, но реално тоа и не е некоја потреба од вработување. Тоа е само да се дојде до некја привилегија. Тоа е реална опасност која беше и во првиот и во овој закон и да не испадне дека овие средства што ги утврдивме со буџетот да ни појдат во бунар, без некој посебен ефект, затоа што главното реално вработување и главната реална политика може да се гледа само во делот на економскиот развој, во развојот на малите и средни, таканаречени претпријатија, но и во сите други.

Инаку, исто така, ако го видиме образложението од Владата на Република Македонија по однос на буџетот, интересен е податокот на капиталните трошоци. Оваа година имаме намалување на капиталните трошоци за 29,8%, што не е мала работа, што индиректно укажува дека оваа година ние нема да имаме никакво инвестирање во ниту еден сегмент, буквално во ниту еден сегмент во општеството. Тоа значи дека ќе ни останат патиштата такви какви што ни се, за некои други проекти и да не размислуваме. И можеби е среќа што во претходниот период, вака или онака некој ќе го критикува, некој не, можеби е среќа што го продадовме Телеком, а дојдовме до некои средства и до некои проекти, па и нешто се направи во Република Македонија. Јас лично како прилепчанец видовме некој аир, господинот заменик министер знае, некој аир видовме, барем се направи некаква лента од неколку километри, се почна инфективно одделение, се направи спортската сала и т.н., во време токму на тие проекти. Вака како што ни тргнала работата, спроедувајќи ги сите буџети на Република Македонија, значи од нејзиното остамостојуање до денес, со исклучок на периоди од 1999 до 2002 година каде што е прикажано со графикон, имаме пораст на капиталните трошоци, каде што секоја година буџетот учествувал со извесен процент во капитаните трошоци, што не е мала работа. Основната цел тука, се гледа е и развојната политика на буџетот. Значи, тука би била основната цел. Но, јасно е дека овој буџет апсолутно е рестриктивен, јасно е дека штедењето токму се прави на вакви работи, значи ќе ги ограничиме инвестициите, за програми и проекти да не станува збор и тоа е главното штедење на Владата на Република Македонија.

Дали требаше толку средства да се одвојат во расходната страна за програмата за вработување, или можеби дел од тие средства требаше да се искористат и за некоја друга намена, на пример намена за подобрување на состојбата во земјоделието и т.н., каде што во таа категорија страшно критична ни е состојбата за тоа ќе покаже времето, а можеби и Владата на Република Македонија

ќе се преиспита во понатамошниот период од оваа година, па можеби со ребаланс и нешто ќе корегира.

Инаку, морам да констатирам една работа, гледајќи ги расходните страни во буџетот, јас лично незнам и не можам да претпоставам како ќе се реши да launched речеме проблемот со откупот на тутунот во Република Македонија, кој е суптилен проблем и кој е проблем што навистина ескалира, проблем кој директно се одразува на економскиот статус на граѓаните на Република Македонија. Барем јас доаѓам од еден таков град, каде што директно или индиректно, некаде околу 30.000 граѓани егзистираат токму од тутунот. Оваа година со промената на власта Прилеп е апсолутно во мртвило, никакви наговестувања како да се откупи тутунот, пари воопшто нема, откупните претпријатија се сво хаос, состојбата со цените, и тие што се нудат е апсолутно катастрофална, што е огромна разлика од оние претходни четири години што претходната Влада го правеше. Јас тука незнам, не сум многу математичар да кажам како тоа се прави математички, меѓутоа можам да гледам од политички аспезкт. Очигледно е дека оваа Влада, апсолутно нема волја да помогне во тој правец, а има можност, има начини, ако ништо друго да го следи примерот на претходната влада. Никој таму не бара кој знае што. Откупните претпријатија бараат само еднас обична гаранција, значи Владата на Република Македонија да гарантира на деловните банки за да се најдат средства за откуп на тутунот, со тоа што се знае тоа како оди, како што правела тоа претходната влада. Исто така може тоа да го направи Народната банка, од самите девизни резерви да издаде гаранција и да се реши тој проблем. Не се случило ни претходните години нема да се случи овие години, некој ќе најде начин како тоа да го реши. Меѓутоа, да се доведат во прашање толку производители и да не се знае иднината, како ќе се откупи тутунот, сепак тоа е прашање за кое, јас барем така сметам Владата на Република Македонија не може да остане глува.

Она што можев да го слушнам од министерот за земјоделие, барем на оној одговор на пратеничко прашање што ми го даде, видов дека тука Владата на Република Македонија во тој правец нема никаква идеја, освен некои резерви кои стајат во стоковите резерви, да се продадат на некој тендер, ркој тендер, колку што слушам, до ден денес апсолутно нема никакво фајде, што значи тешко некој тие залихи воопшто ќе ги продаде, за да се дојде до некои средства за да отпочне исплатата на тутунот. Јас го зборувам ова што секој граѓанин во Прилеп и го чувствува. Удирањето дирекно на тутунопроизводството е удирање на целиот град. 30.000 граѓани, дирекно или индирекно на некој начин живеат од тоа. Ако вие сега го

погледнете какво е стопанството и како се живее во Прилеп, ќе видите дека тоа е апсолутно мртвило.

Знаете, иако Прилеп ја даде поддршката во гласањето на оваа власт, меѓутоа, секој еден граѓанин се прашува и се чуди што е тоа што се случи после 15-ти септември. Зошто одеднаш падна прометот, зошто производството е опаднато и тоа во сите капацитети. Еве зборувам јас само од аспект на Прилеп, а верувам дека е тоа и во цела република. Што се случи? Зошто власта не е во рацете на народот, како што е најавуваше, или испаѓа дека народот сега незнае да владее, бидејќи му ја дадовме власта. Нешто тука не коренспондира со она што беше толку помпезно најавувано. Така што, во сите овие правци, освен основните, овде, постулати на буџетот кој служи исклучиво само за 70% и повеќе, за исплата на плати за јавната админстрација и т.н., развојна компонента апсолутно нема.

Зборуваме за намалување на сиромаштијата како еден дел или сегмент од програмата. Сношти слушнав податок дека во Република Македонија моментално, после мерките на Владата на Република Македонија што ги презеде преку Министерството за труд и социјална политика, во Република Македонија 14.000 семејства веќе не примаат социјална помош. Тоа е таа борба против сиромаштијата и на тој начин ќе се бориме против сиромаштијата. Преку ноќ на 14.000 семејства им е укината социјалната помош.

Исто така, овде во образложението на буџетот што ни го нуди Владата на Република Македонија, во делот на структурните реформи во 2003 година, предвидена е поддршка на преструктуирање на претпријатијата, па се наведуваат одредени фирми, како што се Саса, Злетово рудници, Ткаачница Карпош, МЗТ ФАМ, Микрон од Прилеп, Нокатекс - Кочанско Поле и Руен. Значи, тоа се одредени трошоци издвоени таму, околу 1,5 милијарда денари за санирање. Меѓутоа, факт е и тука е наведено дека најголем дел од овие претпријатија ќе бидат затворени и тие средства токму се предвидени за таа намена. Пишува овде дека ќе им се даде испратнина и т.н., но просек од 9 испратнини. Тоа апсолутно не коренспондира со најавениот закон, односно измена на Законот за работни односи, каде што трпиме измена и велиме дека нема веќе да земаме 12 просечни лични доходи, туку се намалува некаде на 8. Токму тоа е и целта да се намалат овие, да ги наречам загубари, што може полесно и што е можно помалку да се плати. Затоа ни е потребен тој закон, таа измена на Законот за работни односи на кој и Синдикатот реагира, се со цел да го стимулира нивното вработување, како што беше и основната цел на таа исплата на тие испратнини, туку што полесно да се

ослободиме и што помалку пари да потрошиме од буџетот. Сега повторно се надоврзуваме на прашањето каде се гледа политиката на вработувањето, каде што од една страна, со помош на бранковиот закон ќе вработуваме одредена категорија на луѓе, од друга страна ќе ги испуштаме загубарите дома и тоа кја категорија на луѓе, која старосна граница на работници. Од друга страна на истите не им се нуди законот за загубари кој беше најавен во предизборието. На тие луѓе им се ветуваше дека барем ќе бидат згрижени. Јасна е веќе таа политика, дури нудиме еден закон, пак би го нарекол закон за загубари, но предлог на Владата на Република Македонија каде и тука има намалување на испратнината што ја дава Заводот за вработување и тоа мотивирано со некакви си европски стандарди.

Од друга страна претседателот на Владата на Република Македонија на мое пратеничко прашање одговори дека Владата на Република Македонија е со таква намера да затвори и одреден број на јавни претпријатија. Таму се спомнаа кои се, Водостопанство, Јавно претпријатие за станбен и деловен простор, што исто така ќе продуцира одреден број вработени да станат невработени. Колкав е тој број зависи колку такви јавни претпријатија ќе се затворат, што е пак поддржано со сите тие измени на закони, едно откажување на многу лесен начин, на што побезболен начин, а од друга страна контрадикторност, со тоа што велиме дека имаме мерки за подобрување на вработувањето и смалување на сиромаштијата, така што навистина овие правци Владата на Република Македонија ќе мора сериозно да размисли. Вака како што ни е проектиран буџетот, очигледни се намерите да правиме она што како Владата на Република Македонија сте го замислиле, но до каде тоа ќе оди, ќе покаже времето. Јас лично ваков буџет не можам да подржам и ќе гласам против.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Макрадули има реплика на излагањето на господинот Караџоски.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Во итнерес на вистината морам да ги потсетам граѓаните дека пратеникот Жарко Караџоски беше владин повереник во Тутунски комбинат - Прилеп до декември 2002 година и го остави Комбинатот со 30 милиони евра загуба, 20 милиони евра долг спрема банките и 10 милиони евра долг спрема добавувачите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика има господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Макрадули, точно е дека бев владин повереник во Тутунски комбинат, но јас не бев раководство во Тутунски комбинат. Таму имаше гарнитура, Управен одбор, надзорен одбор, директор и т.н., кој одговара за се и по закон и по се. Мојата улога беше да сго штитам општествениот капитал. Дали е намален општествениот капитал господине Макрадули, за тоа можеме да дискутираме, а дали се тие загуби што ги кажувате произлезени само од декември 2002 година, тоа е исто друга работа за која не сме меродавни ни јас ни ти да ја кажуваме. Има кој да ја кажува.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван господин министер, заменик минситер и останати претставници на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници и преставници на медиумите,

На почетокот навистина сакам да го изразам своето задоволство од големиот интерес на пратениците за расправата за буџетот и тоа и од страна на позицијата и од страна на опозициајата, иако после првиот ден и после експозето на господинот министер Петар Гошев, првиот дискутант лидерот на опозицијата Љубчо Георгиевски, ни стави до знаење дека во овој Парламент нема да има расправа за буџетот, бидејќи испадна дека само за него, според неговата констатација не е важна расправата за буџетот. Неговата констатација беше дека во сите останати земји во светот расправата за буџетот во парламентите не е интересна. Само во Република Македонија е интересна. Напротив, ова покажува дека не само во Република Македонија, господа, воопшто во целиот свет расправата за буџетот е расправа која предизвикув анајголем интерес не само кај пратениците, туку и кај јавноста. Од таа расправа за буџетот се гледа колкава е подршката на Владата на Република Македонија за годината која претстои.

Оваа расправа за буџетот за нас е битна уште од два аспекти.

Затоа ме зачудува констатацијата на господинот Георгиевски кој што сакаше да не убеди нас пратениците да се откажеме од една од главните функции

која што ја имаме, а тоа е контролната функција врз Владата. А дека Владата ни дава уште повеќе можност ние да ја имаме контролната функција покажува и по ова што следи, по Законот за извршување на буџетот. Оваа Влада е прва која што му дава до значење на Парламентот и не му се наметнува над законодавната власт. Таа ги префрлува се повеќе функциите на Парламентот. За тоа зорува членот кој што е изменет прв пат во овој закон за извршување на буџетот, каде што Владата се откажува од своето дискреционо право да префрлува ставки од една на друга, односно средства од една на друга ставка. Она за што најмногу беше критикувана претходната Влада и тоа навистина и вие од опозицијата и ние од позицијата можеме само да го пофалиме.

Вториот аспект за кој што е важна расправата за Буџетот е тоа што преку предложениот буџет, вистински се гледа колку една влада е одговорна, е отчетна е и транспарантна.

За првиот аспект за контролната функција на Буџетот реков доволно, а и кажаа пратениците во досегашната расправа и мислам дека е доволно.

Ќе се осврнам малку на вториот аспект на одговорноста на Владата по однос на предложениот буџет.

За вториот аспект, за одговорноста на Владата може да се каже дека оваа Влада е крајно одговорна при составувањето на буџетот. Тоа нема напразно да го кажам, ќе го поткрепан со неколку аргументи. Таа одговорност се гледа пред се во намалувањето на трошоците на предложениот буџет. Многумина овде ја спомнаа бројката од 100 милиони евра, јас само сега би ја повторил. Тоа досега ниедна Влада на Република Македонија и онаа во Социјалистичка Република Македонија и оние подоцна не го направија. Тоа го направи оваа Влада. За тоа можеме да кажуваме приказни вака или онака, но тоа е факт, а од фактите не се бега. Но што е карактеристично при ова намалување.

Карактеристично при намалување на трошоците е тоа што Владата најмногу си ги намали трошоците за своето дејствување, или како што некои милуваат да кажат:”стегање на ременот” Владата најмногу си го “стегна ременот” кај себе. Тоа можеме да го прикажеме вака или онака, но тоа е за пофалба. Оваа Влада со ниеден акт, со ниедна ставка не ги намалува трошоците кои што се за функциите на државата. Оваа Влада ќе ги сервисира обврските кон старото девизно штедење. Оваа Влада ќе ги регулира побарувањата на граѓаните по основ кои што произлегуваат од Законот за денационализација. Оваа Влада ќе ги регулира обврските на Република Македонија кои произлегуваат од надворешниот долг на

Република Македонија. Со еден збор, оваа Влада ќе обезбеди нормално функционирање на институциите на државата и со вака намален буџет. Сето ова покажува за одговорниот однос на Владата на Република Македонија при составувањето на буџетот.

Нормално е дека и буџетските корисници, нормално е и ние овде како пратеници да бараме повеќе, поголеми ставки за она или за ова дејност, за оваа или за онаа функција, која се покрива со буџетот, но господа, мораме реално да ја согледуваме состојбата.

Прво, мораме да си го поставиме основното прашање, можно ли е да ги зголемиме трошоците или приходите. Секој што сака реално да дискутира ќе каже дека тоа не е можно. Секој буџет е составен врз база на реалната економска состојба во било која држава. Реалната економска состојба која што ја наследи оваа Влада е таква дека ова е максимумот кој што може да се направи, да се состави еден буџет. Можно е зголемување и на приходите и на расходите. Но има три начини или е тоа со зголемување на даноците. Од она што досега го гледав од опозицијата, излегува дека сакаат само зголемување на одредени расходни ставки, но не нудат кој е начинот да се дојде до тие ставки. Сигурно тие мислат на зголемување на даноците. И колку сака да го прикажат зголемувањето на ставката на ДДВ на дел од ставките што се од 5 на 18% како зголемување на даночните ставки на Република Македонија, заклучокот е едноставен. Се врши реалокација на даночното остварување во Република Македонија и кога ќе го земеме вкупниот обем на даночното оптоварување во Република Македонија, как што беше изнесено во документите кои што ни се на располагање, вкупното даночно оптоварување во Република Македонија се намалува.

Второто можно зголемување на Буџетот е овде кој што само еден дискутант го изнесе господинот Геогиевски со зголемување на дефицитот на Буџетот. Добро е тоа што останатите дискутанти од опозицијата од неговата политичка партија не го поддржаа, бидејќи реално ја согледуваат состојбата.

Господа, свесни сме дека ние неможеме да настапиме со поголем дефицит во буџетот. Има пооделни држави, како што беше напоменато дури и во Европската заедница држави кои што имаат дефицит некаде од 2,5 или 3% од бруто домашниот производ, но господа, тие земји имаат реални извори следната година тој дефицит да го надополнат. Доколку ние ја поддржиме тезата за поголем дефицит во Република Македонија, тогаш ние ја поддржуваме тезата дека Република Македонија од година во година ќе ја зголемува својата задолженост.

Третата можност за зголемување на буџетот и најреалната е стопанскиот развој на Република Македонија. Тоа е можноста за создавање на амбиент за отворање на нови капацитети, отворање на нови работни места, нови инвестиции. Тогаш би се зголемил бројот на даночните обврзници, тогаш можеме да зборуваме и за нови инвестиции, за поголеми буџети и за ред други прашања кој што ни стојат за решавање. Токму оваа варијанта ја избра постоечката Влада. Ако погледате од пропратните документи кои што ни се испратени, од пропратните законски решенија кои што ни се прдложени, тоа е варијантата на Владата во која што се потенцира развојот и инвестициите во Република Македонија. Јас незнам како беше од 1998 до 2002 година, но во оној период од 1994 до 1998 година кога бев пратеник, ова е прв пат Владата во својот документ макроекономската политика да ја достави до пратениците. Ова е прв пат Владата бројни податоци, бројни документи за запознавање да ги достави на пратениците. Тоа зборува и за транспарентноста на оваа Влада. Ние можеме да зборуваме како сакаме. Но едно е факт. Го спомнувате зголемувањето на ставката на ДДВ од 5 на 18% на дел од стоките, но никој не спомнува за намалувањето од 19 на 18%. Некој ќе рече па тоа што е 1%. Го

Господо за големите системи, за големите стопански субјекти тоа 1% значи многу. Но прашањето е  како тие ќе се искористат. Затоа, политиката на оваа Влада е токму свртена кон овие субјекти. Тука господо од опозицијата ние прилично се разликуваме. Многу се разликмуваме посебно ние од ЛДП, за разлика од вас господо од опозицијата, кој што барем во дискусиите кои што ги имавме вчера, од прва до последна, изразито се залагавте, со исклучок на господинот Груевски, останатите исклучиво се залагавте за преголем државен интервенционизам во стопанството на Република Македонија. Ние не сам што сметаме дека е далеку тоа од сите развиени земји во светот, туку сметаме дека е тоа погубно за економијата во Република Македонија.Се согласувам можно е еден мал дел државата да има интервенции за инвестиции при некои инфраструктурни објекти. Но и тука господо мораме да го менуваме вашиот однос. Мораме да го форсираме начинот на концесии, мораме да го форсираме начинот на приватни иницијативи и во ифраструктурните објекти. Само на тој начин ние ќе можеме да постигнеме развој во Република Македонија. Зборувате за премии, субвенции и незнам што во земјоделието, а во практика правевте сосема друго. Само последната година на штета на државната каса задолжувајќи го  Фондот за земјоделие дадовте субвенции и премии за одредени земјоделски производи. За голем дел од нив донесовте одлуки на Влада, не ги реализиавте ги оставивте на оваа Влада за реализација. И

оваа Влада мораше да ги реализира тие одлуки. Зборувате за премии и субвенции, а од друга страна со толку фалениот протокол за влез во Светска трговска организација не ја заштитивте шеќерната репка. Не го заштитивте производството на шеќерна репка, така како што е во сите земји на Европската Унија. Тоа го пропуштивте. Но несвесно. Свесно го направивте. И сега, на оваа Влада ќе и тежи тој проблем и оваа Влада ќе мора да го решава тој проблем во иднина.

Нашето залагање, нашата концепција на оваа Влада, на парламентарното мнозинство се состои во создавање на амбиент од страна на државата во кој секој субјект рамноправно и под еднакви услови ќе може да се развива. А не да зависи од тоа колку е близок до овој или оној министер, колку е близок до ова или она политичка партија. Нашата опција се сведува на тоа.

Ние во овие предложени законски решенија зборуваме за инвестирање каде што сакаме инвестирањето да го префрлиме на стопанските субјекти. Сега е моментот државата да создаде амбиент за инвестирање, но уште поголем е моментот кога менаџерите на компаниите треба да бидат тие кои што предначат во предлагање на мерки, во предлагање на проекти, во предлагање на инвестиции во Република Македонија, кои што ќе имаат на крајот на краиштата, добра профитна стапка. Сето друго, мешање на државата, ќе значи враќање во други времиња.

Зборувате за инвестиции дека оваа Влада не предлага, дека оваа Влада не создава амбиент, се служите со погрешни бројки, кои што биле во минатиот период. Ние не можеме да бараме инвестиции во овој период кога каматата, како што рече и господинот министер Гошев на благајничките записи достигнуваше 13,15,20%. Господинот Георгиевски овде првиот ден, мене ми е жал што не е тука, но дојде само да ни каже да ни исфрли некои податоци и да си замине, првиот ден изнесе податок дека во времето на минатата влада, каматните стапки на благајничките записи биле 8%. Ноторна лага. Само еден до два екцесни периоди на аукциите кој што беа во Народна банка, таа стапка беше околу 9, 9,5%. Имше и периоди кога каматната стапка на благајничките записи беше до 20%. Воглавном во подолг период се движеа од 11,50 до 14% па и повеќе. И сакате некој во такви услови да инвестира. Само проверете ги пласманите на банките во Република Македонија во тој период, ќе видите дека најголем дел од своите финансиски средства, минатата година пласирале токму за откуп на благајнички записи. Па никој не размислува поинаку да вложува во стопанството кога може многу подобро да заработи, профитната ставка кога би ја вложил на било кое место е помала од она што може

да го оствари со благајничките записи. Тоа оваа Влада во првите месеци успеа да ја намали таа каматна ставка на благајничките записи и некој сака да каже дека тоа не е добро. Но господо, со залагањата на преголем државен интервенционализам со залагањата само да ги зголемиме побарувањата за одредени ставки на кои што им фрламе прашина на гласачите им кажуваме тогаш и се прашуваме зошто крајот на 80-тите и 90-тите години се боревме за промени во системот. Тие карактеристики беа својствени за тој систем за кој што се боревме да го промениме. Тогаш навистина се поставува голема дилема кај подржувачите на таквата теорија.

Би сакал, со неколку збора да се осврнам на некои дискусии кои што покажуваат преголема грижа за пензионерите, а кај пензионерите одат само пред избори, за да го снимат својот спот. Се грижат многу за селото, за земјоделието, а на село биле пред 40 години кога заминале од таму со торбето во училиште за да учат и повеќе не се вратиле и не виделе како живеат селаните. Се загрижиле и за тоа зошто штрајкувале минатата година приватните стопанственици за фискализацијата.

Ние добро се сеќаваме, прво е погрешна тезата дека тоа беше пред парламентарни избори од коалицијата “За Македонија заедно”, барем од оние кои што во Битола беа на чело против фискалните каси ви тврдам и ви гарантирам дека 1998 година работеа на страната на ВМРО-ДПМНЕ. И тоа еден по еден. Господине Мавровски ќе ги кажеме, вие ги познавате. Тие господа не се бунеа против воведување на фискалните каси. Тие господа се бунеа од начинот на кој им се натураа фискалните каси.

Тие господа се бунеа заради тоа што плаќањето на царини важи само за едни, за други не важи. Од тој аспект фискализацијата мора да се направи, но фискализацијата мора да се направи на начин кој ќе им овозможи на приватните стопанственици да избираат од каде ќе ја набават својата фискална каса. Или, дури може да се најде мерки и да се потпомогне начинот на фискализација. Тоа го докажував и со факти.

Би сакал да се осврнам уште на неколку дискусии што беа изнесени. Се зборуваше за Фондот или за Бирото за неразвиени подрачја. Можам да го кажам следното. Јас сум имал прилика скоро секојдневно да бидам во дел од тие неразвиени подрачја, но мора да кажеме дека покрај одредените резултати што ги постигнуваме на овој план, бидејќи не само претходната Влада, иако главните акценти ги насочи претходната година за илјадници објекти, кој кога ќе се заврши незнам, но овој фонд или ова биро постои од поодамна. Се покажа следното. Добро

е, се направија одредени патишта во овие осум-девет години, се направија дел водоводи, но очигледно е дека мора да го менуваме начинот на кој што ќе ги пласираме овие средства. Се покажа дека правиме матишта, правиме водоводи, правиме инфраструктурни објекти, а населението од тие неразвиени подрачја си заминува. Не се враќа оној што заминал. Тоа покажува дека имаме нешто фалично, некоја грешка и затоа мојот предлог ќе биде ова биро да го трансформираме. Ние треба да изнајдеме начин како да стимулираме изградба на стопански објекти во неразвиените подрачја. Ние мора да размислуваме, како што има во некои поразвиени земји, на пример во Италија имате во неразвиените подрачја за исти стопански субјекти кои што се наоѓаат во државата а се во понеразвиените подрачја олеснување на даночната стапка. Ние тоа треба да го пласираме. Во спротивно само ќе фрламе пари, ќе правиме брани за акумулации за вода, а ќе немаме кој да паси стока таму и кој да ја напива стоката. Ние ќе правиме патишта а нема кој да се движи, еднаш или два пати годишно ќе поминат оние што одат на лов во тој дел. Затоа мораме да ја менуваме стратегијата. Точно е дека треба да вложуваме во инфраструктурни објекти во тие подрачја, но главниот акцент да го ставиме на развојот на стопанството.

Понатаму што треба да направиме за да се реализира овој буџет. Ова е посебна обврска за нас пратениците и претставниците на Владата кој го сочинуваме мнозинството во овој Парламент.

Од нас господа пратеници од владината коалиција ќе зависи како ќе го спроведеме овој буџет. Од нас ќе зависи, од овде, од пратениците до најпоследниот што сме го поставиле на раководно место како ќе се однесува во трошењето на овој буџет. Ако тука ние ја пропуштиме нашата шанса тука ќе биде почетниот период на власта. Затоа тука треба очигледно ние да си ја поставиме задачата, опозицијата ќе биде коректор, ќе повикува и ќе критикува, но пред се ние треба да си ја поставиме нашата задача за крајно рационално однесување во трошењето на буџетот.

Исто така да ја зајакнеме улогата на Државниот завод за ревизија. Ништо нема да значи ако по три-четири години некој не напаѓа повторно и каже дека нерационално сме се однесувале кон трошењето на буџетот. Сега тоа треба да си го поставиме како задача и сега треба да го исполнуваме за да имаме успех.

Со неколку зборови би сакал да се осврнам и околу расходите и приходите.

Од поедини пратенци посебно од пратеничката група на ДПА слушаме и сега и на комисиските расправи дека треба да се најдат пари за образованието, за Охридскиот договор, за незнам кои инфраструктурни објекти и сл. Се согласувам

дека сите овие прашања треба да ги решаваме и постепено да изнаоѓаме решение, но господа од ДПА јас досега не ве слушнав како ќе придонесете со вашето ангажирање за наплата на даночните приходи во вашите средини. Секогаш кога ќе дојде даночниот службеник да наплаќа даночни приходи вие се ставате на страната на заштита на тие...

(реакција на некои пратеници од место).

Момент, може и ќе дискутираме.

Ниеден од вас не слушнав да излезе во јавност и да ги осуди оние граѓани што ги напаѓаа инкасаторите на Електродистрибуција. Ако сакаме да решиме одредени прашања ќе мора да придонесеме и за создавање на политичка клима за наплаќање на приходите.

На крајот би завршил со следното.

Можеме да зборуваме колку и да сакаме но и најдлабоката анализа ќе покаже дека овој буџет е избалансира, овој буџет е реален. Тоа го покажуваат и предложените амандмани.

Амандманите што се предложени од опозицијата воглавном се сведуваат само на една работа ако добро ги погледате.

Од ставката за функции на државата ќе земаме и ќе носите на сите други ставки.

Господа пратеници, јас би ги замолил да не шират демагогија и веднаш да ги повлечат сите амандмани што се однесуваат на земање на средства од ставката функции на државата од едноставна причина, заради тоа што тогаш ви пропаѓаат во вода сите досегашни дискусии. Се борите за загубарите, а токму во ставката функции на државата 1.588.366.000,00 денари се за загубарите. Се борите за раселените лица. Токму тука се ставките за раселените лица, за бегалците. Се борите за пензиите. Токму во таа ставка е ставката за усогласување на пензиите со порастот на платите. Токму во таа ставка е и делот за враќање на надворешниот долг на РМ. Па тогаш господа ако та ставка толку ја уништиме, толку ја расчлениме од каде ќе се обавуваат овие функции што треба да ги обавува државата.

На крајот, господинот Караџоски не е тука, но сакам да надополнам она што господинот Макрадули го рече. До сега беше претставник на општествениот капитал во Тутунскиот комбинат. Се запраша и рече дека го штити општествениот капитал. Се запрашал ли и видел ли колку е под хипотеки даден имотот на тој тутунски комбинат. Знае ли дека долгот на Тутунски комбинат е 1.200.000.000,00 милиони денари за кои што оваа држава има издадено гаранции. Зна ели дека

3.200.000.000,00 денари се обврските на сите тутунски комбинати за кои што државата гарантира. Знае ли Тутунски комбинат каков договорт склучи и што му продаде на Сокомак. Така ли го штитеше државниот интерес и државниот капитал и сега на тутунопроизводителите во Прилеп сака да им покаже како тој ќе се грижи за откупот на тутунот. Неможеме така да се грижиме господа и така да одиме напред. Можеме да одиме напред само ако реално ги согледуваме состојбите и ако од тоа на реален начин бараме излез.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика бара господинот Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Од ова што го слушнавме од колегата Најдовски, мислам дека ова што ни беше презентирано како буџет е точно, неменливо и најправилното и најисправното што можеме да го добиеме и незнам зошто дискутираме веќе трет ден кога сето тоа мора да биде така. И самиот кажа дека ова е еден документ за кој што во сите парламенти во светот се дискутира најизворно и она што значи најдобро.

Би се осврнал на неколку работи, фискализацијата . Во Битола ниту беа членови на ВМРО-ДПМНЕ, уште помалку од таа политичка партија, туку на тие луѓе скоро цела чаршија кои со денови штрајкуваа затоа што ќе се воведе фискализацијата воопшто не им беше проблем од каде ќе се купат тие фискални каси затоа што пред самите избори имаше во самите весници и огласи каде што продаваат повеќе од 50 фирми. Тоа воопшто не е проблем, а ако сега се случи штрајк на чаршијата незнам али ќе бидат пак истите луѓе а мислам дека ќе бидат истите.

Друго, велиме дека државни интервенции не би биле потребни и дека тоа не води во некое друго време. Како да го сфатиме законот на господинот Бранко Црвенковски за вработување, ако не како директна државна интервенција, одземање од сегде и овозможување вработување на луѓе под услови во кои што останатите стануват неравноправни во однос на вработувањето и во однос на она што значи реално вработување и отворање на нови работни места.

Друго, се вели дека каматната стапка се намалува со тоа што инвестициите во нашата држава ќе се зголемат. Јас досега, за жал, еве шест месеци не гледам дека некоја странска фирма влегла во Македонија или покажала некој интерес за било која наша фрма освен она што сначи големо богатство и она што го имаме

последно, а тоа е Електростопанство на Македонија, кое во изборната кампања СДСМ многу гордо и со почит го бранреше дека никогаш нема да се продаде и дека тој како објект и како енергетски систем никогаш не треба да се продаде. Сега гледаме некои други
ветрови и други разговори и дека тоа многу брзо треба да оди во продажба.

За неразвиените подрачја, ја знам дека господинот Најдовски многу често ги посетува, но ако сакаме да зборуваме за развивање на тие подрачја и развивање на индустријата и развивање на инфраструктурата, токму во тие неразвиени краишта без инфраструктура јас мислам дека воопшто е илузија. Значи, прво треба да го направиме едното, па да го бараме другото, затоа што никој ни во Зович, ни во Моино нема да дојде да откупи млеко кога знае дека едноставно камионот не може да пристигне до таму.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Јас имам еден принцип, кога бев претходно пратеник и сега ќе настојувам и овие четири години да го одржувам со моите сограѓани без разлика дали се од мојата политичка партија, или од друга да не влегувам во конфронтации бидејќи пред се сметам дека и мене на господинот Мавровски ни е во интерес развојот на Битола, регионот од каде што доаѓам.

Околу споменување на имиња на оние кои што биле за фискализацијата не сакам во овој момент да збворувам, а двете работи се следните:

Во овој период не влегла ни една станска фирма. Како сакаме да влезе странска фирма кога пет-шест месеци упорно овде кажуваме дека ќе излезат комити во планови, дека е ова нестабилно подрачје, дека овде е ризично да се инвестира, а од друга страна сакаме да дојдат странски инвестиции.

Што се однесува за каматите господинот Мавровски по се иЗгледа недоволно ме разбра затоа што ја зборував за каматите на благајничките записи, а какви беа каматите на благајничките записи ги имам овде од околу 100-тина аукции во Народна банка на РМ за тој период и кој сака може да ги види.

(Господинот Спиро Мавровски бара збор за реплика).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Спиро немате право на реплика.

Има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Мене ми е жал што морам повторно да објаснувам за нешто што по втор пат ме прозиваат.

Прво, господине Најдовски дали вие ја знаете структурата на државниот капитал во Тутунскиот комбинат. Ако не ја знаете ќе ви кажам дека државата, односно Владата учествува со 35%, што значи дека остатокот е на акционерите во Тутунски комбинат.

Друго, господине Најдовски Хипотеките што ги спомнувате и тн. мислители дека се само од периодот кога јас бев таму. Дали сте провериле колку хипотеки има пред мене. Јас бев само една година повереник таму. Ако веќе дискутирате во тој правец треба да знаете колкав е периодот на тоа.

Трето, како јас можам да спречам нешто што го прави раководството во кое јас како повереник не сум учествувал. Ниту сум бил во Управен одбор, ниту во надзорен, ниту во никаков раководен тим на тутунскиот комбинат. Одговорноста доколку постои барајте ја кај тие што ја воделе и раководеле, акционерското друштво.

А во делот за кој што дискутирате, а сакате да наметнете овед некоја теза и буквално испадна дека Жарко Караџоски е крив за се таму што се случува, тоа се само ваши мислења. Инаку, моето залагање е за тутунопроизводителите господине Најдовски. Јас зборувам дека луѓето вложиле мака, вложиле тгруд, ррпоизвеле тутун и не можеме да се однесуваме индиферентно независно какви биле проблемите во тутунскиот комбинат затоа што тие не датираат само од сега, туку датираат одкако јас знам за Тутунскиот комбинат. Ние како одговорна Влада не можеме да ги оставиме тие 7000 коопераnти на цедило затоа што Тутунскиот комбинат имал загуби и сега вие стоите на улица и чекајте пари од небо. Мора нешто во тој правец да се преземе заради тие кооперанти.

Или, значи ли вашата дискусија, она што вие мене ми го префрлате, дека треба да го затвориме Тутунскиот комбинат во Приле и сите тутунски комбинати во државата. Треба ли да им го удриме катанецот и што ќе се случи воопшто со оваа гранка. Јас од тој аспект зборував.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Слободан Најдовски.

Господине Картаџоски вие бевте надвор и недоволно разбравте и слушнавте што јас дисикутирав, па дозволете само кратка напомена.

Воопшто не реков дека треба да го ставиме катанецот на Тутунскиот комбинат, туку реков дека треба да го промениме приодот при помагањето на комбинатите. Неможеме ние како држава постојано секоја година да издабваме гаранции на тутундки комбинат, без разлика на кого, а некој во тоа раководство не одговорно да се однесува во своето работење. Неможе државата да ги покрива трошоците и неработењето на раководниот тим во Тутунски комбинат, дали е во Пртилеп или е во Битола, или било каде. Реков дека 1.200.000.000,00 денари должи Тутунскиот комбинат за кои што гарантира државата. Од друга страна велите зошто државата да ги врати, зошто државата да ги зголемува даноците. Мора затоа што гарантирала за тие ставки.

На крајот јас морам да ви кажам едно господине Караџоски. Јас ја знам маката на тутунарите бидејќи во своите 42 години барем 33-34 години сум се занимавал со производство на тутун.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Почитувани колеги, почитуван министре,

Јас уште на почетокот сакав да се пријавам за дискусија, но претходниот говорник доколку не ни ги отвореше очите ние ќе бевме премногу среќни што ја имаме оваа Влада. Можеби доколку се појавеше на почетокот ќе имаше друг тек целата дискусија. Јас мислам дека колегата на почетокот на дискусијата рече дека Парламентот треба да биде тој што треба да ги контролира функциите кои ги има Владата и имплементацијата на Буџетот. Не верувам дека ние ќе можеме на ефективен начин да ја контролираме Владата и имплементацијата на Буџетот доколку цело време ги фалиме решенијата на Владата. Мислам дека тоа не е вистински начин за контролирање на Владата како што дозволува Уставот на РМ.

Јас мислам дека среќата е многу далеку од реалноста. Пред околу два месеци на една емисија на радио ги случнав проекциите на Буџетот кој ги даде господинот Кораковски и уште од тогаш бев малку нерасположен затоа што толку колку што ја познавам сферата на финансиите, фискалната сфера видов дека оние компарации

кои ги прави во спофредба со минатите буџети нема некој новитет или оригинална понуда во врска со проекцијата на овогодишниот буџет.

Врз основа на дискусиите во Парламентот во врска со Буџетот гледам зошто прашањето нема оригиналност. Според мене мислам деа оригиналноста во приодот овој буџет нре нуди затоа што основниот аргумент врз кој се базираат корекциите на Буџетот е во тоа што другите се виновници за оваа ситуација. Значи одговорноста е на другите. Затоа овој Буџет не се разликува со некоја оргиналност и во најмала рака да ги рефлектираше ветуваењата кои ги имавме за време на предизборните кампањи.

Ова е мој осврт, мое гледање и мислам дека дискусиите кои ги имавме од позицијата покажаа дека другите се виновни и во врска со проекциите на буџетот и во врска со многу закони за кои дискутираме и врз основа на ова да правиме проекции на развитокот на општеството, мислам дека е многу погрешен приод.

Јас денеска нема да зборувам за техничкиот аспект на инфраструктурата на Буџетот иако мислам дека има недостатоци посебно во политиката на Владата која е тесно поврзана со имплементацијата на Буџетот. Значи овој буџет се карактеризира како социјален буџет, а во последните денови гледаме, вчера слушнав дека 1400 корисници на социјалната помош веќе не ја користат оваа помош и поголдемиот дел од нив се од регионот на Гостивар и Тетово.

Што се однесува до развојната компонента, овој Буџет е поврзан со Џи Ди Пи и џи ди пито кое го имаме ние не понудува некоја развојна компонента и повторно воразвојната компонента нема некој оргинален приод кој навистина може да даде надеж дека процесите ќе се развиваат на позитивен начин и ќе има некоја порадикална или реформаторска промена. Значи нема реформаторски дух, нема таков дух  иако има мали нијанси. Оваа развојна компонента се поврзува со судбината на работниците.

Имам забелешки и на ДДВ, но ние сме во фаза кога разговараме за една проекција и секако дека имплементацијата на Буџетот ќе покаже колку сме во право или колку сме воздржани во врска со имплементацијата на Буџетот.

Значи, Буџетот е синоним за едни одредени средства од плаќачите на даноците, значи од граѓаните и ја покажува проекцијата и начинот како ќе функционираат службите на државните институции. Начинот на трошење значи тоа е Буџетот.

Јас би сакал да дискутирам за политичката димензија на Буџетот и мислам дека пратениците од ДПА, за жал, потенцираат за немањето приод во врска со

Рамковниот договор. Сите други не го земаат во предвид овој мал елементл, меѓутоа, ние ќе останеме доследни во нашите ставови и во тоа дека овој Буџет е далеку од духот што го проектира Рамковниот договор и уставните промени. Ние оценуваме дека сепак како политички приоритет и економски приоритет имплементацијата е концизна во врска со Рамковниот договор. Наша оценка е дека доколку Рамковниот договор не се имплементира на квалитативен начин, на време, ќе има реперкусии на макроекономската политика и реперкусиите ќе бидат многу големи. Затоа, не земањето во предвид на Рамковниот договор и на реализацијата на Рамковниот договор на посебен начин овој Буџет што ќе покаже дека оваа Влада и со финансиски средства ќе осигура имплементација на Рамковниот договор што недостасува во овој Буџет.

Цело време нашите политички оценки се дека имплементацијата на Рамковниот договор има голем дефект. Јас мислам дека посебно албанските политички партии имаат за задача, а ова е поврзано и со духот што произлегува од Рамковниот договор Буџетот да биде расдпореден на пропорционален начин на цела територија и за сите граѓани на Републима Македонија. Мислам дека проблемите со кои се соочуваме како политички партии или Албанците во целина недостаток на механизмите за пропорционалноста во распределбата на Буџетот затоа што и ние Албанците ги плаќаме даноците со кои се пополнува овој Буџет. Ова е главната слабост недостаток на механизмот или начинот да се следи како се трошат овие пари.

Да ви кажам право лично мислам дека по Рамковниот договор и по Декларацијата на владината коалиција дека ќе го имплементира Рамковниот договор на квалитативен начин и мислев дека во некои делови на Буџетот ќе биде рефлектирана оваа волја и со финансиски средства.

Но, за жал, ова не се случи во овој Буџет, можеби недостастокот на имплементацијата на Рамковниот договор во Буџетот за мене е или едно игнорирање на значењето на овој политички документ или има некоја друга порака. Мислам дека на средбите со претставниците на Европската унија забелешките беа исти. Мене ми е јасно дека за имплементацијата на Рамковниот договор често пати се вели дека Европската заедница и САД како потписници на оваа спогодба треба да дадат донации на различни начини да го помогнат имплементирањето на Рамковниот договор затоа што овој договор влегува во сфера на општествениот живот и за тоа се потребни средства. Ние ќе го подржиме ова со целата наша политичка моќ Меѓународната заедница да го одржи ветувањето за имплементација

на Рамковниот договор  и сите овие донации треба да влезат или во Буџетот на Република Македонија или да се контролираат на начин на имплементација. Меѓутоа, ова не треба да значи дека ние потписниците на Рамковниот договор или сите тие што го подржуваат Рамковниот договор да преземат на себе финансиска одговорност за имплементација на Рамковниот договор, мислам дека овој приод е погрешен во врска со имплементацијата на  Рамковниот договор и ние како држава треба да размислуваме сериозно за да одделиме средства за имплементација на Рамковниот договор.

Ова го велам затоа што од говорот на господинот министер тој вели дека се предвидени средства за имплементација и ги нагласува секторите, меѓутоа, не се предвидени средства за потребната активност која ќе биде имплементирана според Акциониот план или врз база на начелата на Рамковниот договор. Од оваа диспропорција на распределбата се слуша уште нешто. Доколку постои штрајк во некое мало претпријатие и средствата предвидени за Рамковниот договор ќе бидат пренесени таму каде треба да се стабилизира ситуацијата. Кој гарантира? Јас мислам дека по Рамковниот договор, по уставните  промени ќе имаме механизми за пропорционална распределба на средства во Буџетот. Јас мислев дека после ова се става крај на начинот да нема буџетска дискриминација на било која заедница, на било кој регион, било да се во прашање Албанци, Македонци или друга етничка група.

Ова сакам да го поврзам на пример со еден од предизвиците на оваа владина гарнитура ќе биде и пропорционалното претставување на претставниците на одредени етнички групи, заедници и не е предвидена посебна ставка во која ќе бидат предвидени посебни средства точно за зголемување на бројот на Албанците во државната администрација. Значи, за нас денеска е гаранција само зборот на министерот и волјата на министерот дека некаде внатре се скриени парите за зголемивање на бројот на Албанците во државната администраиција. Мислам дека волјата е добра, но 60 години сме имале само волја и затоа барам на дециден начин овие значајни елементи да бидат ставени со точни зборови, со точни ставки во Буџетот.  За ова сме предвиделе еден амандман.

Друг аспект кој на дециден начин е нагласен во Рамковниот договор тоа е точката 6 која вели дека една заедница која има повеќе од 20% високото образование е финансирано од државата. Јас не гледам некоја појасна формулација и со тоа го приморувам министерот или Владата да стави посебна ставка за оваа работа и пак остануваме на волјата која вели дека сакаме, ќе го разрешиме ова

прашање, како што било години на ред. Јас не се согласувам со тоа и затоа сме подготвиле еден амандман кој вели дека таму каде Рамковниот договор е јасен да имаме посебна ставка. Значи, со оваа ставка која е предвидена за институциите на високото образование 21%, јас мислам дека и постојните универзитети нема да имаат доволно средства за нивен понатамошен развиток и егзистирање. Мислам дека е ова далеку од реформите, но тоа е друга тема, средствата предвидени во Буџетот нема да можат да ги покријат актуелните активности на универзитетите и мислам дека средствата се многу мали. Затоа ние предлагаме еден амандман кој има логика и предлагаме ставка за институциите на високото образование да биде зголемена и тука да бидат жртвувани некои други активности и од овој обем да се предвидат средства кои ќе бидат предвидени за високото образование на албански јазик, што е врз основа на Рамковниот договор, па доколку претставникот на Владата ги прифати овие два амандмани, јас ќе оценам дека е тоа еден позитивен чекор во однос на имплемнетацијата на Рамковниот договор.

Но, доколку ова не се случи, тогаш повторно и после Рамковниот договор ќе бидеме зависни од волјата на министерот или некој друг службеник во Владата, значи продолжува лошото искуство, горкото искуство, за да го добиеме она што ни припаѓа. Го имаме Универзитетот на Југоисточна Европа, тоа е ентитет што постои, таму има 2200 студенти, околу 2000 студенти се Албанци, а Владата не предвидува во најмала рака во овие 23% за високото образование да биде наменето и за овој Универзитет. Таму има 2200 студенти од кои 2000 се Албанци.

За комплетното разрешување на високото образование на албански јазик тоа е еден многу чувствителен проблем, ние слушаме дека ќе се третира тетовскиот универзитет на некој начин, меѓутоа, треба да направам една пријава дека во Рамковниот договор се вели доколку една популација има повеќе од 23% високото образование на таа популација треба да биде финансирано од државата. Тоа не значи само еден, два, три факултети, туку вкупното високо образование на албанскиот народ затоа што се потребни кадри од сите профили и мислам дека бројот на Албанците на јавните универзитети е многу низок во споредба со потребите на албанскиот народ од разни кадри. Значи, албанскиот народ има потреба од електро инженери, машинци и мислам дека овие 10 години е направен еден голем гаф дека бројот не го достигнал потребниот број и затоа треба да биде разрешено.

Ве молам, за еден поинаков приод, бидејќи постојат илјадници студенти кои поминале низ разни институции чии знаења останале без верификација и не само на

политички начин, туку треба да дадат оценки да се реши проблемо, значи во Буџетот немаме ниту една ставка за решавање на високото образование на албански јазик. Значи, пак ќе бидеме зависни од волјата на некоја индивидуа, а Рамковниот договор е многу дециден по ова прашање.

Јас се сомневам дека овој Буџет, вака проектиран може да обезбеди, освен другото, пропорционална распределба како по регионите така и во овие реалитети што ние ги имаме.

Значи, ќе ја следиме имплементацијата на Буџетот на дециден начин, апелираме до колегите да ги поддржат нашите два амандмани и да поминат од фазата на декларација да поминат во фаза на имплементација на Рамковниот договор. Значи ќе гласам против овој Буџет.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Буџетот на Република Македонија е еден од најважните акти кои Собранието треба да ги донесе во текот на годината. Мое мислење е дека времето на донесување на Буџетот иако е во законскиот рок сигурно ќе се запази и ќе се донесе до 31 март, а и начинот на кој се донесува е погрешен и прво се прави штета на пратениците што немаат многу време да си ја завршат работата како што треба, јас го реков тоа и на Комисијата за финансирање и буџет, а се прави штета и на државата, бидејќи Буџетот е прозорецот во кој ќе се гледа работата на Владата, на државата колку има инвентивност, колку има храброст, колку има стратегија во водењето на монетарната политика на една земја.

Сметам дека наместо ние сега да разговараме за Буџетот за 2003 година веќе требаше да почнеме да разговарам за Буџетот за 2004 година. Знажи не доцниме многу, цела една година имаме доцнење, бидејќи мое мислење е дека скоро сите расходи во Буџетот треба претходно да се дефинираат и да претрпат една целосна анализа за да на крајот на годината кога ќе го донесеме Буџетот за наредната година веќе имаме точно определени средства, односно пари кои ќе ни бидат потребни за наредната година за да ја извршиме функцијата на државата.

Сега како што е работата поставена дури по донесувањето на Буџетот да речеме како пример би ја земал локалната самоуправа, ќе почне со поднесување на проекти за оваа тековна 2003 година кои ќе бидат за одобрување доставени до надлежните фондови, надлежните министерства и други институции.

Тоа е промашена работа, бидејќи пред се околу одобрувањето на овие проекти околу тоа кој ќе биде одобрен, кој нема да биде одобрен не постои анализа која би требало да биде завршена и може да се направи доста штета едноставно со и така малите пари кои ни стојат на располагање наместо да завршиме некои објекти кои поради доа што се започнати и се веќе финансирани од државата ќе финансираме нови проекти кои исто така ќе бидат само започнати додека на забот на времето ќе оставиме веќе започнатите објекти да се распаѓаат и средствата кои државата ги има вложено во нив да пропаднат.

Едноставно кажано нема да штедиме туку ќе го расипеме и тоа малку што го имаме. Тоа е само како еден пример, а можеме многу да зборуваме на оваа тема дека ова е погрешно и дека треба да се размислува во таа насока и овој период да почнеме како Парламент да дискутираме полека на одредени области кои се составен дел на Буџетот.

Беше кажано дека една од причините што еве доцни Буџетот за 2003 година е промената на власта. Ако е тоа така, тогаш тоа не е добро промената на власта да ги кочи процесите во државата, без разлика какви промени ќе има во државата државниот апарат треба да си функционира најнормално и службите кои работат во државната администрација да си ја вршат најпрофесионално работата така што не смее да има такви промашувања. Може новата Влада да додаде некои работи, да одземе некои работи, но генералната политика на Република Македонија и на било која држава е една иста без разлика која влада ќе дојде на власт, а се знае зголемување на економската моќ на државата, зајакнување и растење на стандардот на населението, движење кон благосостојба.

Така што, тука треба сигурно многу да се работи во тој дел, да не се бараат само некои политички оправдувања и разни други причини , кои што би биле како олеснителна околност зошто еве ние сега ќе го фатиме последниот воз и на 31 март ќе го донесеме Буџетот на Република Македонија. Се зборуваше дека Буџетот е од повеќе аспекти и социјален и развоен , дури и политички, се кажа од министерот за финансии. Една е улогата на Буџетот во државата, а тоа е прво да го обезбеди функционирањето на државата во сите сфери. Прво, да обезбеди стабилност при исплатата на обврскит екои што државата ги има кон разните институции. Дали тоа

ќе биде од сверата на вработените лица кои што работат во администрацијата, од социјалната сфера, договорните обврски кои што ги имаме по основ на кредити и други некои обврски преземени од некои странски институции, банки и друго. Значи да обезбеди една социјална сигурност на населението, а секако и да се издвојат одредени средства за одржување на објекти, изградба на некои приоритетни објекти. Со еден збор кажано со Буџетот се обезбедува функционирањето на државата. Претходната влада се напаѓаше дека имала лоша програма, лош Буџет, дека едноставно во претходните 4 годинине се работелокако што треба. Ако погледнеме низ броклите ќе видиме дека тоа не е така, дека функциите на државата не биле загрозени во ниту еден момент. Таа Влада каква била, таква била, успеала навремено да исплаќа плата на вработените, навремено да ја исплати социјалната помош на загрозените фамилии, навреме да исплати пензија на пензионерите и не само да исплати, туку и да ја покачи пензијата на пензионерите. Полицијата и војската се опремени знаеме како, не сакам сега да проширувам, бидејки ќе ни треба многу време ако почнеме во детали. Знаеме во каква состојба беше до 1998 година, а знаеме во каква состобја е сега и полицијата и војската. Сето тоа некој го овозможил и треба да се признае дека каква била таа влада, што правела, важно успеала да направи еден раст, успеала да обезбеди една норамлна фунакција на државата и еве РМ е сега побогата држава , одтколку што беше, да речеме, во 1998 година, ако се погледне во делот во сопственоста на државата, во делот на средствата како се користени од даночните обврзници. Се кажа дека, еве оваа Влада сега, ќе штеди. Уште не е почнато со работа, може да се каже еве Буџетот не е усвоен, а на големо се збори дека треба да бидеме штедлива држава, дека многу малку ќе трошиме. Дали тоа ќе биде така и дали навистина ќе се штеди, ако има на што да се штеди, прво, треба да го поставиме прашањето од каде ќе се штеди, кога и самиот министер за финансии призна дека 80% од Буџетот веќе ни е резервиран и потрошен. Значи, тие 20% со кои што се врши распределба, која што еве и ние како пратеници поднесуваме амандмани да влијаеме на таа распределба, се многу малку и тешко дека тука нешто ќе се заштедеи. Инаку, зборот штеди кажува деак се штеди на расходите. Значи, треба да се намалат расходите во државата. Кога штеди една фамилија , штеди за да собере повеќе пари да купи нешто покапитално во семејството, да купи стан, кола и т.н. Во нашата држава, а ако мислиме да штедиме оваа година, на крајто на годината или овој дефицит што е програмиран како 1,6% од бруто националниот доход треба да го намалиме, или да ни остане суфицит односно пари кои што ќе влезат и ќе се пренесат во наредната година. Тоа ќе бидат

показателите колку сме штеделе во оваа година, која сега веќе ја почнавме, поминаа три месеци, што значи еденквартал од буџетот веќе е извршен. Сметам, рано е за такви изјави дека ќе се штеди и дека , дури и убедувања дека тоа навистина е така, нема да трошиме пари, ќе се однесуваме нај домаќински кон парите. Ќе видиме тоа како ќе биде, бидејки знам дека од овој мал буџет кој што го имаме , нема многу што да се заштеди. Факт е дека буџетот ни е многу мал, дури за 4 милијарди денари помал од минатогодишниот. Министерот за финансии ова го спомна дека е квалитет и позитивна работа, повторно во насока на штедењето, рестриктивноста. Ова воопшто не е позитивна работа да имаш мал Буџет. Секогаш е позитивно ако се има еден раст, едно зголемвуање на парите со кои што ќе се располага. Ова покажува дека приходите во државата како што се проектирани се многу мали и тоа е загрижувачко. реба да не загрижува зошто имаме толку мали приходи. Тоа значи дека протокто на капитал , индустриското производство, движењето на парите во државата е мало односно во државата малку се работи. Така, не треба да се фалиме со овој податок, туку треба да се загрижиме зошто е тоа така и да кажеме дека оваа година, еве, со оваа нова стратегија која што се предлага, ќе имаме раст на приходите во државата, поради зголемено индустриско производство, поради раст во економијата, поради позитивните процеси кои што ќе се одвиваат на ова поле. Реков дека малку пари стојат за распределба, па затоа јас не поднесов амандман каде да се распределуваат тие пари, бидјеки има малку можности за тоа, јас сум сигурен дека со ваквата распределба ќе се обезбедат минимум функции во државата и дека има и мали можности за пренамена на средствата од една ставка во друга. Сакам да кажам околу двете милијарди денари кои што се насочуваа во Законот за поттикнување на вработувањето. Тоа не е мала сума, а мислам дека попусто ќе бидат фрлени парите и дека едно големо промашување за ако можност да се зголеми вработувањето во Македонија. Ќе се потрошат пари, кои што и така многу малку ги имаме, пари кои што , ако сакаме веќе да влијаеме на зголемување на вработеноста, можеме многу попаметно да ги потрошиме и можеме многу попаметно да ги инвестираме во македонската економија. Не сакам да зборувам како бидејки има луѓе кои што се способни во Макеоднија да го направат тоа како најдобро ќе се инвестираат парите. Има различни можности преку грантови, само ќе напоменам, преку намалување на општата стапка на придонесите, преку она што е недоволно стопански развиени подрачја ако се направи вистинската намена не за градење на водоводи и чешми, туку навистина за финансирање на стопански недоволно развиените подрачја преку

одреден процент а гранд, кој што ќе се додели на фирмата коај што ќе инвестира во тоа подрачје. Потоа, преку намалување на каматите на кредитните средства низ субвенции во бакарството и разни други начини, кои што сигурно ќе придонесат за реални нови работни места, отворање на нови реални работни места, а не фиктивни , како што со овој закон се нуди да се отворат или веќе постоечки работни места, кои што само ќе се пријавуваат дека постојат. Ова е грешката, бидејки ова ќе видиме дека е така преку порастот на брутонационалниот доход, преку приходите , даочните приходи, каде што ќе немаме зголемвување. Едноставно, преку расход на индустриското производство, каде што исто така нема да има некоја промена. Инаку, 33 милиони евра колку што се нудат сега за оваа работа, треба да донесат одреден раст на бруто националниот дохопд ако влезат навистина ако инвестициони срesдства преку кои би се отвориле реални 2500 работни места, кои што ќе произведуваат и ќе придонесуваат за зголемвување на бруто националниот доход. Ова е грешка, но ќе видиме дека е тоа така. Сигурно Владата тоа нема да го признае. Јас сум сигурен во тоа дека нема да признае дека е тоа грешка и повторно ќе се убедуваме на некоја седница во Собранието дали сме погрешиле или не сме погрешиле. Опозицијата ќе акже дека е грешка, позицијата ќе одговара дека не сте во право, а показателите ќе говорат дека е грешка.

Уште еден момент сакам да спомнам во делот на приходите, каде што обезбедуваме зголемвување на приходите преку зголемвувањето на стапката на ДДВ од 5 на 18% за одредена група на производи, кои сега се со стапка од 5%. Ние вака ќе обезбедиме одреден прилив на средства во Буџетот на РМ, а тоа е сигурно и тие средства ни требаат. Затоа и Владата го прави ова.

Дали е избрана вистинската категорија од која што треба да се земаат средствата, дали е ова вистинскиот избор од каде да се извлечат средствата, се поставува прашањето. Ако се погледне групата на производи од кои што ние ќе повлечеме одредена сума на пари за да го наполниме Буџетот, ќе се види дека се работи за производи од егзистенцијално значење односно од животно значење на граѓаните на Република Македонија. Се посегнув аво најмалата возраст, бебињата односно средствата за лична хигиена. Се посегнува кај најстарата возраст пензионерите, кои се најголемите корисници на лековите. Се посегнува во џебот на земјоделците , тие кои што најтешко живеат во Македонија во овој момент. Едноставно, се посегнува во џебот и на социјалците, социјалните семејства, кои што знаеме ги имаме 70 илјади во Македонија.

Мислам дека имаше други можности за да се остварат овие приходи кои што ни се потребни, дури и некои од овие стапки , кои што во овој момент се покачуваат од 5 на 18% , требаше да одат дури на стапка од 0%. Ние слушнавме дека во светот се оди на изедначување на стапката на ДДВ. Точно е тоа и ние еден ден треба да дојдеме кон тоа и да одиме да ја изедначиме стапката на ДДВ да биде иста за сите производи, ама не во моментот кога имме 379 илјади невработени, кога имаме 70 илјади социјалци, кога имаме огромна сиромаштиај во државата. Сигурно сме ан најниското скалило во Европа по степенот на развојот. Тука можеше да се покачи стапката на ДДВ, но за производи кои не се потреба и не се од егзистенцијално значење за граѓаните на РМ. Тоа се алкохолот, цигарите, тука дури таа  стапка можеше да отиде повеќе, како и некои други производи сега да не ги набројвуам, се знае кои се тие производи , кои што се луксуз, каде што стапката може да порасне до 25% и сигурно државата ќе ги собереше овиенеопходни средства кои што се потребни во Буџетот.

Ова е уште една грешка, тоа е мое мислење дека не требаше да го направиме и дека ќе погрешиме со овој потег и со ова можам да кажам дека ова е уште еден адут дека она што го кажа министерот дека овој Буџет е социјален, сметам дека овој Буџет не е социјален, кога се влечат вакви потези. Не е ниту развоен, видовме зошто. Овој е Буџет за да може колку толку да се изврши функцијата на државата односно и тука има едно ако успеат да се соберат приходите што се наведени во приходниот дел.

Се надевам дека не би било вака како што јас зборувам, туку државата можеби подобро мисли , но сепак, ние како пратеници мораме нашето мислење да го кажеме овде. Ние за тоа сме избрани од народот, мораме да зборувам во овој Парламент, да ги браниме интересите на граѓаните. Времето ќе покаже дали ќе имаме раст на економијата во РМ. Времето ќе покаже дали оваа стратегија е исправна, иако сите показатели зборуваат дека тоа не е така. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на буџетот на РМ за 2003 година.

Владата на РМ поднесе амандмани на раздел 09 002 Програма 12 ставка 427 потставка 427122, ставка 463 потставка 463212, ставка 467 потставка 467121, ставка 427 потставка 427122, ставка 452 потставка 452114, ставка 467 потставка 467121, ставка 742 потставка 742113, ставка 761 потставка 761112, потставка 761119, раздел

09001 Програма 11, потставка 426712, потставка 742115, раздел 06001 Прогрма 12, ставка 424 потставка 424416, потставка 714115, раздел 26001, Програма 15 ставка 426 потставка 426717, раздел 09 002, ставка 427 потставка 427119, раздел 38 002, Програма 16 потставка 425215, поставка 425216 и потставка 725922, раздел 19101 програма 11 ставка 426, потставка 426712, потставка 726716; раздел 28001 Програма 11, ставка 467 потставка 467211 и на раздел 02001 Програма 12 ставка 422 потставка 422111, ставка 423 потставка 423111, потставка 423112, ставка 424 потставка 424111, ставка 426 потставка 426511, потставка 463212, потставка 463213, ставка 468 потставка 468115; раздел 0902 Програма 12, ставка 427 потставка 427119, ставка 467 потставка 467121 и тие се составен дел на текстот на Предлоготна буџетот.

Ги молам пратениците што се излезени од салата да влезат зашто преминуваме на континуирано гласање по амандманите.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 1 на Дел 1 на Предлогот на буџетот на Фондот за животна средина и на член 1 Дел 1 на предлогот наБуџетот на Фондот за водите со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на буџетот.

Пратеникот Тито Петковски поднесе амасндман на раздел 16 001, Програма 16, ставка 443, потставка 443511 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандмани на Раздел 14001 Прорама 11, ставка 443 потставка 443719 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121 и на раздел 14001 Програма 11 ставка 443 потставка 443721 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121, со кои не се согласил претставникот на Владата.

Пратеникот Ружди Матоши поднесе амандман на раздел 16001, Програма 14 и на Раздел 09002 Програма 47, ставка 471 потставка 471113, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Зиди Џелили поднесе амандман на Раздел 28001 ставка 467 потставка 467211 и на Раздел 09002 Програма 12, ставка 471 потставка 471113, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандман на раздел 16001 Програма 13 ставка 463 потставка 463214 и на раздел 09001 програма 11, ставка 427 потставка 427122, Раздел 116101, Програма 12, ставка 467 потставка 467121 и на раздел 09002, Прогрма 12 ставка 428 потставка 428111, раздел 13001 програма 11

ставка 468 потставка 468113, на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443717, на раздел 14 001 Програма 11, ставка 443 потставка 443721 и на раздел 09002 Програма 12, ставка 443 потставка 443818, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Михајло Георгиевски поднесе амандмани на раздел 18010 Програма 11 ставка 443 потставка 443611 и на раздел 08001 Програма 12, ставка 427 потставка 427112, раздел 18010 Програма 15 ставка 443 потставка 443615 и на раздел 10001 Програма 11 ставка 465 потставка 465211, раздел 18010 Програма 17 ставка 443 потставка 443617 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121 и на раздел 16 001 Програма 18 ставка 424 потставка 424112 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212, раздел 16001 Програма 17 ставка 442 потставка 442117 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212 и на раздел 16001 Програма 14 ставка 424 потставка 424612 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212, по кои Владата не се произнела..

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандман на раздел 15001 Програма 11, ставка 426 потставка 426513 и на раздел 16001 Програма 18 ставка 425 потставка 425216, по кои Владата не се произнела.

Пратеничката Силвана Бонева поднесе исправка на текстот на амандманот односно прежистен текст на амандманот.

Пратеникот Марјан Ѓорчев поднесе амандман на раздел 14001 Програма 11, ставка 471 потставка 471119 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121, на посебниот дел Програма 42 ставка 426 потставка 426315 и на раздел 05002 Програма 12 ставка 443 потставка 443717 на Предлогот на буџетот на Фондот за земјоделство, на посебниот дел, Програма 44 ставка 441 потставка 441323 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443 314 на Предлогот на Буџетот на Фондот за земјоделство и на посебниот дел Програма 44, ставка 441 потставка 441420 и на раздел 09002 Програма 12, ставка 443 потставка 443314, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Цветанка Иванова, Драган Ѓеоргиев и Лилјана Ивановска поднесоа амандмани на раздел 09002 Програма 12 ставка 471 потставка 471113 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121 по кои владата не се произнела.

Пратениците Џевдет Насуфи и Илјаз Халими поднесоа амандман на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443818 за додавање нова потставка и на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443717 ставка 467 потставка

467121, ставка 471 потставка 471113 и на раздел 16001 Програма 14 и на раздел 09002 Програма 12, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Замир Дика поднесе амандман на раздел 09002 Програма 12 ставка 467 за додавање на нова потставка по потставката 467121 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112, по кои владата не се произнела.

Пратеникот Марија Којзаклиска поднесе амандмани на раздел 05001 Програма 12 ставка 424 потставка 424412, на раздел 10001 програма 12, ставка 465 потставка 465211, раздел 16101 програма 12 ставка 142 потставка 142114 и на раздел 15001 Програма 11, ставка 420 потставка 420112, раздел 13001 Програма 11 ставка 472 потставка 472112 и на раздел 07001 програма 11, ставка 467 потставка 467119, радел 19001 Програма 11 ставка 467 потставка 467114 и на раздел 08001 Програма 12 ставка 426 потставка 426718, раздел 16001 Програма 17 ставка 443 потставка 443714 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121, радел 05001 Програма 12 ставка 424 потставка 424414 и на радел 08001 Програма 12 ставка 426 потставка 426718 и на радел 19301 програма 11 ставка 443 потставка 443813, на радел 16001 прогрма 15 ставка 441 потставка 441511, по кои Владата не се произнела.

Во меѓувреме пратеничката Марија Којзаклиска ги повлече амандманите на Разделот 05001 Прогрма 12 ставка 424 потставка 424414 радел 10001 Програма 12 ставка 465 потставка 465211 и на раздел 05 програма 12 ставка 424 потставка 424414, на раздел 08001 Програма 12 ставка 426 потставка 426718, поднесени под број 07750/23 и 07 - 750/28 од 17 март 2003 година.

Пратеникот Љубчо Балковски поднесе амандмани на радел 13001 Програма 11, ставка 468 потставка 468113 и на радел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212, раздел 13001 Програма 11 ставка 468 потставка 468115 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212, радел 13001 Програма 11 ставка 472 потставка 472114 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212 и на раздел 13001 Прогрма 11 ставка 461 потставка 461112 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Коце Трајановски и Љубчо Балковски поднесоа амандмани на раздел 13001 програма 11 ставка 472 потставка 472114 и на раздел 10001 Програма 12, ставка 465 потставка 465211, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Аднан Ќахил поднесе амандман на радел 16001 Програма 17 ставка 443 потставка 443714, радел 12101 програма 12, ставка 467 потставка 467121

и на радел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428112, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Орданчо Тасев поднесе амандман на радел 09002, Програма 12 ставка 443 потставка 443722 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212, по кои владата не се произнела.

Пратеникот Коце Трајановски поднесе амандмани на раздел 19001 програма 11 ставка 467 потставка 467114 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121, раздел 14001 Програма 11 ставка 467 потставка 467216 и на раздел 04002 програма 11 ставка 468 потставка 468111, раздел 35025 Програма 12 ставка 401 потставка 401 111 и на раздел 09003, Програма 11 ставка 471 потставка 471118, раздел 35025 програма 12 ставка 423 потставка 423111 и на раздел 09003, Програма 11 ставка 471потставка 471118,. раздел 13 001 Програма 11, ставка 472 потставка 472112 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467 121, раздел 28001, Програма 11 ставка 467 потставка 467211, на раздел 09002 Програма 12, ставка 467 потставка 467121, раздел 13001 Програма 11 ставка 465 потставка 465211 и на раздел 09002, Програма 12 ставка 467, потставка 467121, раздел 18010 програма 17 ставка 443 потставка 443617, на раздел 13001 Програма 11 ставка 444 потстапка 444111, радел 35026, Програма 12 стапка 423 потстапка 423114 и на раздел 09003 Програма 11 ставка 471 потставка 471118, радел 16001 Програма 13 ставка 468 потставка 468111 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443717, раздел 16001 програма 12, ставка 468 потставка 468111, на раздел 09002 програма 12, ставка 443 потставка 443717, раздел 16001 Програма 12 ставка 463 потставка 463212, на раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212, на раздел 16001 Програма 12 ставка 463 потстапка 463112, на раздел 09002 Програма 12, ставка 443, потстапка 443717, по кои владата не се произнела.

А господинот Коце Трајановски, кој  толку амандмани поднесува го поканувам идниот пат, согласно Деловникот, во предвидениот рок да ги поднесе.

Пратеникот Ганка Самоиловска Цветанова, поднесе амандмани на раздел 16101 Програма 12 ставка 467 потставка 467121 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212, раздел 18001 Програма 15 стсавка 443 потставка 443615 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212, раздел 18010 Програма 17 ставка 443 потставка 443617  . . .

И на Раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212, Раздел 18 010 Програма 13 ставка 443 потставка 443613 и на Раздел 08001 Програма 12 ставка 427 потставка 427122, Раздел 13001 Програма 11 ставка 467 потставка 467121. На

Раздел 08001 Програма 12 ставка 427 потставка 427... Раздел 18010 Програма 14 ставка 443 потставка 443614, на Раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212 и на Раздел 18010 Програма 14 ставка 468 потставка 468111, на Раздел 10001 Програма 16 ставка 443 потставка 443819 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Слободан Чашуле поднесе амандман на Раздел 13001 Програма 11 ставка 472 потставка 472113 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121 по кои Владата не се произнела.

Почнуваме со претрес и гласање по амандманите.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 16 ставка 443 потставка 443511 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121 поднесен од пратеникот Тито Петковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, за гласале 20 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 16001 Програма 16 ставка 443 потставка 443511 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121 поднесен од пратеникот Тито Петковски.

Инаку да ве известам дека на седницата се потпишале дека се присутни лично 111 пратеници, а во салава гласаме 70.

Отворам претрес по амандман на Раздел 14001 Програма 11 ставка 443 потставка 443719, на Раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121 поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор.

Има збор г. Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство при Парламентот на Република Македонија го поднесе овој амандман и со овој амандман се предлага обезбедување на дополнителни средства во Програмата за здравствена заштита на животните. Со оглед на тоа дека во Република Македонија во еден подолг период на време беа присутни повеќе заразни болести зоонози како шап и лигавка кои што имаа директен аутпут во извозот на јагнешко месо од Република Македонија и прекин на извоз од 1996 година до 1999 година, потоа појавата на беснило за време на косовската криза кога се пренесе беснилото од територијата на Јужна Србија и Косово во Република Македонија и болеста син јазик која што беше пренесена од територијата на Република Грција. Исто така и болеста бруцелоза која што долги години наназад не се поддржува соодветно и со адекватна пропорција на оваа заразна болест не се врши радикација на заболените животни и тоа придонесува и за намалувањето на сточниот фонд на Република Македонија, но истовремено и за појава на пренесување на таа болест и кај луѓето. Овие заболувања имаат карактер на елементарна непогода и како што реков преземени се соодветни мерки од страна на Ветеринарната служба во Република Македонија преку ветеринарните станици, преку Институтот за ветерина при Факултетот “Кирил и Методиј”. И сите овие мерки се извршени без соодветна надокнада во долг низ на години и се јавува еден перманентен недостиг на средства во буџетот при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кое што предизвикува да се спречи во целост успешна акција во иднина на било какво превентивно дејствување за сузбивање на горе споменатите заразни болести зоонози. Оттука цениме дека предвидениот износ од 100 милиони денари кој што се бара од потставката - Изградба на други објекти во Разделот - Министерство за финансии - Функции на државата е нужен и ќе овозможи зачувување на сточниот фонд во Република Македонија, ќе овозможи нормална функција на Ветеринарната управа во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ќе овозможи нормално функционирање на сите ветеринарни станици, на Институтот

за ветерина и сето тоа ќе значи навремено следење на состојбите и ефикасна здравствена заштита на животните од болести и спречување на пренесување на тие болести кај луѓето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, за гласале 24 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 14001.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001 Програма 11 ставка 443 потставка 443721 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121 поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Претставникот на Владта на Комисијата не го прифати амандманот.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор.

Има збор г. Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Во името на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство морам да кажам значи на Комисијата сите пратеници кои што се членови од сите политички партии за првиот амандман и за овој гласаа едногласно, затоа што тука се работи за некои елементарни работи во државата кои што со години наназад не се согледуваат и едноставно некогаш мораме со отворени очи да погледаме на вистината. Овој амандман се однесува на средства кои што се потребни за поддршка на извоз македонскиот да речеме најпропулзивен сточарски производ, тоа е јагнешкото месо за кој што Република Македонија со години наназад имаше едвај квота од 1700 тона извоз на квота за извоз во Европската унија, а од 2002 година Република Македонија има право неограничено, односно поточно од 2000 година после потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација на 9 април има право неограничено да извезува јагнешко месо во земјите од Европската унија пред се Италија и Грција. Познати се состојбите со понудата на јагнешко месо оваа година, познато е дека соседните држави пред се Бугарија и Романија многу агресивно настапија со дампинг цени кои што го оневозможија македонскиот извоз, а

тој македонски извоз во изминатите две години изнесуваше над 30 милиони долари, над 3 илјади тони јагнешко месо. Мислам дека доколку овој амандман се поддржи, тоа ќе значи прво спас на сточниот фонд на Република Македонија. Второ, тоа ќе значи поголеми девизни резерви на државата Република Македонија, тоа ќе значи работа на кланиците, 6 извозни кланици со извознички броеви од Европска унија во Република Македонија и тоа ќе значи нешто што е есенцијално за оваа држава, еден век традиција, умеење и знаење на извоз на јагнешко месо надвор од нашата држава. Оттука сметам дека овој амандман треба да биде поддржан.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници, за гласале 28 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 14 и на Раздел 09002 Програма 47 ставка 471 поставка 471113 поднесен од пратеникот Ружди Матоши.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Аманданот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Аманманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, за гласале 10 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 28001 ставка 467 Потставка 467211 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 471 Потставка 471113 поднесен од пратеникот Зиди Џелили.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амманданот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Збор има г. Зиди Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Со овој амандман сакам да биде направено едно подобрување што се однесува до Буџетот, посебно ставката 28001 за економски недоволно развиените региони. Имајќи го предвид значењето на Бирото за неразвиените региони ова Биро опфаќа околу 1300 населени места во Република Македонија и над 65% од територијата на Република Македонија. Тие се неразвиени населби, населени места и со оглед на тоа дека средствата се предвидуваат, имаат развоен, а не потрошувачки карактер за подобрување на елементарните услови за живот, за изградба на инфраструктурата како и на економската и нееkономска инфраструктура. Во економска инфраструктура се потпомага изградба на канализациите, локалните патишта, водоводни мрежи итн. Додека во нееkономската инфраструктура основните училишта, амбулантите, домовите на култура итн. Затоа што сепак ја познавам улогата која ја има Бирото за недоволно развиените краишта, мислам дека и другите пратеници ќе ја имаат во предвид таа улога и ќе гласаат за овој амандман.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Владата воопшто не ја спори потребата од побрз развој на неразвиените подрачја во Република Македонија. Меѓутоа, оваа година не можеме да планираме повеќе средства заради вкупните ограничувања за кои што зборувавме овие 2-3 дена овде во Парламентот и заради тоа што од минатата година имаме големи обврски пречекорени на самото Биро кои што ги измирувавме

и уште треба да ги измируваме. Така што оваа година навистина не можеме. Инаку потребата за побрз развој Владата ќе ја има во предвид во својот мандатен период.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници, за гласање 24 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 13 ставка 463 поставка 463214 и на Раздел 09001 Програма 11 ставка 427 поставка 427122 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас лично очекував дека ќе биде прифатен, бидејќи станува збор за опрема во средното образование и не е некој голем износ. Само се менува ставката во износот од 4 милиони на 14 милиони, а се заменува со други оперативни расходи во ставка 09001. Така што имајќи во предвид каква ни е состојбата со опремата во средното образование, овој износ само би подобрило нешто, а не би кој знае колку нарушило во целата проекција на буџетот. Мислев дека министерот ќе имаше разбирање, но со оглед дека нема, апелирам до пратениците да го поддржат овој амандман.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Министерот сигурно има разбирање апсолутно, но буџетот на Министерството за образование и наука е доволно голем годинава наспроти сите ограничувања и министерот за образование сите приоритети внатре во рамките на својот буџет може секогаш да ги преоцени и да пренасочи средства. Тоа воопшто не е проблем. Но, не можеме на овој начин со вакво преземање да го зголемуваме буџетот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 79 пратеници, за гласале 31 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16101 Програма 12 ставка 467 потставка 467121 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 428 потставка 428111 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Збор има г. Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Лично не се надевав дека ќе биде прифатен, затоа што во ставката Изградба на други објекти во Агенцијата за млади и спорт беше предвидена ставка “0”. Мојот предлог е таа ставка да се промени во 30 милиони денари. Затоа што Агенцијата за млади и спорт во тој ресор, во таа Агенција отпочнаа проекти за изградба на сали што го отпочна претходната Влада. Не е далеку ниту оваа Влада во тој дух младите треба да ги пренасочуваме од оние пороци во животот кои што

гледаме дека штетно се однесуваат на младината, да ги насочиме онаму каде што треба во спортот итн, да го развиваат тој дух, а не да одат по кафичи итн. Мислам дека ставката “0” кажува дека оваа година апсолутно нема ништо во тој дел да имаме. Значи, за спорт не ни се потребни ниту за младите никакви пари. Така што можеше барем во делот каде што станува збор за непредвидливи расходи. Значи, не предвидов да се одземе целата сума за непредвидливи расходи, туку некаде од 50 милиони само 20 милиони, 1/3. Мислам дека можеше да има разбирање. Ако тоа го нема министерот, можеби пратениците го имаат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Би сакал да го поддржам амандманот на г. Караџоски. И апелирам на господата од СДСМ кои што се во спортот и кои знаат каква е состојбата во овие моменти кога многу спортски екипи веќе се откажуваат од првенствата заради никакви финансии. Точно она што значи спорт да биде финансирано и да биде обезбедено, затоа што и овие спортски сали што постојат немаат ниту минимални услови за егзистирање. А кажавме за спортистите, кажавме за младите дека треба да ги тргнеме од тие пороци. Но, останува на вас господа сега кога министерот не прифаќа и кога тој буџет на Агенцијата за млади и спорт е преполовен, посебно буџетот за спорт за 100 милиони, мислам дека оваа ставка треба да се усвои.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

За амандманот гласаа 78 пратеници, за гласаа 30.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 - Програма 11 ставка 468, потстапка 468113 и на Раздел 09002 - Програма 12 ставка 443, потставка 443717, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали бара некој збор? Господинот Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро, очигледно за господинот министер состојбата со патиштата во Република Македонија не го интригира. Каква ни е таа состојба сите сме сведоци. Можеше во овој дел нешто повеќе да се предвиди и нешто повеќе да се даде. Инаку, очигледно дека најверојатно оваа година ќе газиме по дупки и ќе возиме по руинирани патишта.

Во правец на тоа амандманот го поднесов и од друга причина. Во правецот Градско - Прилеп беше почната една активност од претходната Влада. Со оглед на вака наменети средства се многу малку предвидени, барав тие средства да се зголемат со овој амандман, така да тој правец до некаде би бил завршен, затоа што сите сме сведоци колкава е тука френвенцијата и како тоа би можело да се спречи барем од безбедносна причина. Но, очигледно дека нема разбирање и оставам како ќе гласаат пратениците.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Министерот за финансии има збор.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Имаме разбирање да не газиме по дупки сигурно. Меѓутоа и минатата година имаше дупки, не од како дојдовме новата влада нели, по патиштата. Само да го информирам Собранието и пратеникот Жарко Караџоски дека тој предлага всушност да земеме од ставката која што е наменета за евентуално усогласување на пензиите што ни е законска обврска. Тоа не можеме да го направиме, бидејќи

прво законските обврски на државата мораме да ги обезбедиме. Затоа не можеме да го прифатиме, не затоа што не сакаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 81 пратеници, за гласаа 26.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001 - Програма 11 ставка 443, потставка 443721 и на Раздел 09002 - Програма 12 ставка 443, потставка 443818, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Караџоски, првиот беше за средни училишта, вториот за спортски сали, третиот за патишта, сега четвртиот …….

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Четвртиот за бранковиот закон.

Добро, господине претседателе и јас да сум во кожата на министерот за финансии сигурно дека ќе го одбијам овој амандман, затоа што ќе добијам јавна опомена од премиерот, бидејќи е негов законот. За него се предвидени средствата. Со оглед да не очекувам дека овој закон ќе даде резултати и мислам овие 600 милиони денари ќе бидат фрлени во бунар.

Подобро и попаметно ќе беше барем половина од нив да бидат искористени во проекти за земјоделието, или да помогнеме на она што и претходно

го зборував. Да помогнеме на тутунарите и на ред други земјоделци, каде состојбата со откупот на нивните производи е во една таква состојба во која што не можат да дадат средства. Има многу граѓани во Република Македонија кои што не бараат работа од Бранко Црвенковски преку неговиот закон, туку бараат да го наплатат она што го сработиле. Сами имаат работа, ако ништо друго барем во делот на земјоделието. Барем, што се однесува до пратениците, ако имаат повеќе чувство, макар лично не верувам, да видиме како ќе се реализира.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Знаете дека закони во Собранието предлага Владата на Република Македонија, не предлага поединечен министер или премиер.

Господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Чувството на одговорност особено треба да биде присутно кога е некој на власт. Тогаш да беа грижливи толку многу, луѓето што беа на власт или господинот Жарко Караџоски со нив, ќе имавме подобра ситуација и ќе можевме повеќе амандмани да прифатиме.

Оваа ставка е планирана со голема грижливост што ќе треба Собранието на Република Македонија да ја оцени после реализацијата, а претходно навистина не може да каже дали ќе има ефекти, или нема да има ефекти.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

За амандманот гласаа 83 пратеници, за гласаа 28.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010 - Програма 11 ставка 443, потставка 443611 и на Раздел 08001 - Програма 12 ставка 427, потставка 427112, поднесен од пратеникот Михајло Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа и самиот амандман не е точен. Ставките се згрешени. Во принцип не.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали бара некој збор?

Господинот Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Јас имам поднесено шест амандмани од областа на образованието, науката и културата. Со едно обраќање ќе кажам деак тоа е за развој и унапредување на образованието на науката и културата, без што не може општеството да оди напред. Затоа ги замолувам пратениците и апелирам на нивнат совест, на нивнат култура да ги гласаат.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

За амандманот гласаа 75 пратеници, за гласаа 23.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010 - Програма 15 ставка 443, потставка 443615 и на Раздел 10001 - Програма 11 ставка 465, потставка 465211, поднесен од пратеникот Михајло Георгиевски

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали бара некој збор? (Никој)

Констатирам дека никој не бара збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

За амандманот гласаа 78 пратеници, за гласаа 26.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010 - Програма 17 ставка 443, потставка 443617 и на Раздел 09002 - Програма 12 ставка 467, потставка 467121, поднесен од пратеникот Михајло Георгиевски

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Иако соодветните институции немаат планирано програма за оваа намена за која се дискутраше, иако во буџетите на соодветните буџетски корисници можат да се најдат средстдва овој амандман го прифаќаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Констатирам дека амандманот од кој што предвреме се откажа Михајло Георгиевски е составен дел на буџетот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 - Програма 18 ставка 424, потставка 424112 и на Раздел 09002 - Програма 12 ставка 463, потставка 463212, поднесен од пратеникот Михајло Георгиевски

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали бара некој збор? (Никој)

Констатирам дека никој не бара збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

За амандманот гласаа 79 пратеници, за гласаа 26.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 - Програма 17 ставка 442, потставка 442117 и на Раздел 09002 - Програма 12 ставка 463, потставка 463212, поднесен од пратеникот Михајло Георгиевски

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали бара некој збор? (Никој)

Констатирам дека никој не бара збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

За амандманот гласаа 78 пратеници, за гласаа 25.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 - Програма 14 ставка 424, потставка 424612 и на Раздел 09002 - Програма 12 ставка 463, потставка 463212, поднесен од пратеникот Михајло Георгиевски

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали бара некој збор? (Никој)

Констатирам дека никој не бара збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

За амандманот гласаа 77 пратеници, за гласаа 26.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 15020 - Програма 11 ставка 443, потставка 443422 за додавање нова потставка 443422-а и на Раздел 15020 - Програма 11 ставка 441, потставка 441211, поднесен од пратеничката Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Дали е 45.000 денари или има грешка?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

45 милиони, а не 45.000 денари. Да е 45.000 денари, не би бил амандман.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Овде пишува 45.000. Ако е 45 милиони не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На овој амандман има доставено преправка поради техничка грешка, додадени се три нули.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали бара некој збор?

Има збор госпоѓа Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Потребата од усвојување на овој амандман ќе ја образложам накратко и се надевам дека ќе биде прифатен од пратениците, на задоволство на сите оние невработени на кои, со прифаќањето на овој амандман ќе им се овозможи преку преквалификација, доквалификација или стручно оспособување полесно да се вработат.

Невработените, стечајните работнити и работниците технолошки вишок, колку повеќе чекаат на Бирото за вработување, толку повеќе се оддалечуваат од знаењето стекнато по пат на едукација и работно искуство, што во оваа ера на брз техничко - технолошки развој брзо застарува. Доколку сакаме невработените да бидат конкурентни на пазарот на работната сила, тие треба да бидат флексибилни и брзо да се прилагодуваат на пазарот на трудот. Тоа се постигнува единствено преку континуирано стручно оспособување, нивна преквалификација и доквалификација, што ќе соодветствува на потребите на пазарот на трудот, а што успешно ќе биде спроведувано од институтите за образование на бозрасни чиј што статус и воспоставеност е таква што можат брзо и квалитетно да направат и спроведат програми за обука.

Во државата работат само неколку вакви проекти за обука на оваа категорија невработени граѓани, како што е проектот Призма, подржан од Министерството за труд на Америка и проектот на УНДП, со кој преку обука за вработување на млади кадри за потребата на локалната самоуправа помага во вршењезто на функциите на локалната самоуправа. Тоа се прекреасни примери за да се увиди придонерсот односно корисноста на образование на возрасните во решавањето на проблемот на невработеноста. Затоа е пторебно поинакво поставување на овој проблем отколку досега. Односно, вистинска поддршка на невработените во нивното стручно оспособување, преквалификација и доквалификација, за да им се подобрат шансите за вработување. Овие луѓе едвај маат средства да преживеат со својата фамилија, а камоли самите да вложуваат во своето образование и стручно оспособување.

Затоа треба тука државата да се ангажира, посебно преку центрите за социјална работа и Заводот за вработување и токму невработените социјални случаеви треба да имаат приоритет, да се обучат за занимања за кои има потреба на пазарот на трудот, со цел да се создадат услови за да можат брзо тие да се вработат.

Овде е неминовно да потенцирам дека треба државата финансиски да помогне во стручно оспособување на хендикепираните граѓани, социјални случаеви во зависност од видот и степенот на нивниот хендикеп, со цел да се овозможи и оваа категорија на граѓани да го оствари своето право на работа. На невработените лекувани зависници од нарккотични средства, социјални случаеви, чиј што број постојано се зголемува, не може да им се помогне во нивната ресоцијализација ако не работат и се судираат со основните егзистенционални проблеми. Треба, со стручно оспособување, преквалификација и доквалификација и на оваа категорија на граѓани да им се овозможи преку стекнување на знаења и вештини да се вработат или да се самовработат. Со тоа товарот на државата за исплата на социјална помош ќе се намали, а на сите овие категории на граѓани ќе им се овозможи самите достоинствено да заработуваат за живот, наместо да чекаат социјална помош. Тоа е еден чекор напред и прилог во решавањето на проблемот со невработеноста, поссебно на социјалнит случаеви што се на товар на буџетот на Република Македонија.

Оттука сметам, дека пратениците треба да го прифатат овој амандман што дури е и со симболичен износ во однос на вистинските потреби и резултатите што би ги добиле во однос на вработувањето и тоа би бил добар почеток да покажеме грижа за образование на возрасните што насекаде, во високо развиените земји во светот е еден од показателите на општествениот и економскиот развој на државите.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Господинот Гошев се јави за збор,

ПЕТАР ГОШЕВ:

Потребата од образложението од почитуваната госпоѓа Бонева е апсолутно во ред, во согласност со политиката и ставовите на Владата на Република Македонија. Денешниот Завод за вработување, пратениците можеа да прочитаат во Програмата за поттикнување на вработувањето, се планира да се трансформира, реорганизира, модернизира, осовремени, да може повеќе од својата надлежност и

функции да ги пресврти кон ваквите фукции. Значи, тоа го планира Владата на Република Македонија.

А, да информирам само дека вкупниот буџет на Заводот за вработување е 5,7 милијарди денари. Владата на Република Македонија од буџетот трансперира 4,1 милијарда. Таму веќе има 50 милиони денари за вакви намени во нивниот буџет. Со самата трансформација ќе се ослободат средства други за ваква намена, така што средства за вакви функции Заводот за вработување ќе има многу повеќе отколку до сега. Значи, тоа е акцептирано како политика.

Плус на тоа да додадам дека самиот амандман, значи во овој момент не можеме повеќе да издвоиме средства за таа намена, освен тоа амандманот е технички неисправен.

426513 - а, нема таква ставка. Значи и технички неисправен, а што се однесува до политиката, политиката е прифатена од Владата на Република Македонија. Образложението е во ред, но со овие средства и со оние што во моментов не била во можност да ги види пратеничката се обезбедува таа функција за оваа година.

Значи, одговорот е не.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Се работи за тоа дека средствата за овие намени се предвидени и постојат, меѓутоа не во Буџетот туку во Буџетот на Заводот за вработување кој е составен дел на овој буџет. Таму се лоцирани таквите средства.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Доколку, навистина средствата од Заводот за вработување се искористат токму за оваа намена, јас лично сметам, доколку изричито не биде кажано колкав е тој обем на средства што ќе се употреби, до тогаш навистина нема да имаме поголем придонес во решавањето на овој проблем. Инаку, технички беше неисправен, имаше грешка, меѓутоа тоа е исправено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи покрај образложението вие останувате на амандманот.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За амандманот гласале 78 пратеници.

За гласале 28 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001, Програма 11, ставка 471, потставка 471119 и на Раздел 09002, Програма 12, ставка 467, потставка 467121, поднесен од пратеникот Марјан Ѓорчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа, а средства за оваа намена има обезбедено преку Министерството за животна средина и тоа многу повеќе од овој износ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Целта на амандманот е обезбедување на дополнителни средства во потставката 471119, а тоа е програма за заштита на Дојранското Езеро, предвидена во Буџетот на Министерството за земјоделство, шимарство и водостопанство, поточно во Управата за водостопанство која е надлежна за стратегијата на управување со водите на територија на Република Македонија.

Од причини што минатата година се пристапи кон изградба на системот за спас на Дојранско Езеро со должина на цевковод од 19.300 метри со вградени вкупно шест илјади тони шавни цевки, со десет бунари од 100 литри во секунда и два преливни базени во Богданци и Дојран со 300 метри кубни, се формираше јавно претпријатие “Дојранско Езеро” кое треба да води грижа за операционализација и севкупно техничко одржување на тој систем. Тоа е систем кој има полибалентна функција. Значи покрај тоа то служи за спас на Дојранското Езеро, тој систем кој обезбедува и наводнување на површините, земјоделска површина, на потегот Богданци и на потегот Дојран. Тоа јавно претпријатие во услови кога сите средства

што се обезбедени во Министерството за животна средина и просторно планирање, не ќе може нормално да ги извршува своите функции, во услови кога системот не стопанисува, или поточно уште не е почнат со работа, иако техничкиот прием беше завршен на 9 октомври и потоа требаше на база на записник, севкупните забелешки надзорните органи, по фази, при што беа констатирани исправките што треба да бидат направени запизнички, да се завршат работите до 21 октомври. Во случај тој да работеше, можеби, Јавното претпријатие "Дојранско Езеро" ќе имаше начин да опстои и да продолж со работа.Значи овие средства се, покрај тоа проектот да стане функционален и оперативен односно да се пристапи кон полнење на Дојранското Езеро, од системот кој обезбедува 1 литар во секунда количество на вода, истовремено служи и за опстојување на Јавното претпријатие "Дојранско Езеро", во еден регион во кој владее немаштија, во кој замре туризмот и во кој има огромна невработеност.

Се надевам дека пратениците ќе имаат слух за потребите на луѓето кои работат во ова јавно претпријатие.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

За оваа програма се предвидени 70 милиони денари во Буџетот и повеќе можности немаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амаднманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници.

За гласале 23 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 0902 Програма 12, ставка 471, потставка 471113 и на Раздел 09002, Програма 12, ставка 467, потставка 467121, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Драган Георгиев и Лилјана Ивановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Има збор господин Драган Георгиев.

ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:

Имајќи ја предвид рестриктивноста на Предлог-буџетот за 2003 година, поднесен од страна на Владата на РМ, од името на предлагачите го повлекуваме амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 09002, Програма 12, ставка 443, потставка 443818, за додавање нова потставка и на Раздел 09002, Програма 12, ставка 443, потставка 443717, ставка 467, потставка 467121, ставка 471, потставка 471113, поднесен од пратениците Џевдет Насуфи и Илјаз Халими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

Амандманот е технички погрешен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор?

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Јас, господине претседателе, господине министре, почитувани колеги, очекував дека ќе добијам еден ваков одговор од фактот дека до денес, она што постојано се ветува не наидува на практично реализирање.

Тоа што министерот го одбива прифаќањето на овие два амандмани кои се однесуваат на соодветното претставување на претставниците на заедниците кои не се во мнозинство и финансирањето на образованието, високото образование, се разбира за албанците, доаѓа во судир со неговото ангажирање, претставено во

експозето кога господинот министер вели, и покрај финансиските ограничувања овој буџет обезбедува реализација на Охридскиот договор. Јас мислам дека овие амандмани се поврзани со сегменти од Охридскиот договор.

Јасноможам да го разберам овој одговор на министерот, всушност ова одбивање на амандманите, бидејќи на ваков начин, фактички ние неможеме да очекуваме во иднина дека нешто може да се реализира од уставните измени и од Охридскиот договор. Затоа јас барам од пратениците да ги поддржат овие амандмани, поаѓајќи од фактот што во овој Парламент се изгласени уставните измени кои произлегуваат од Охридскиот договор, а овој договор го потпишаа претседатели на четири партии, главни партии чии пратеници се во Парламентот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор министерот Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Во образложението на Буџетот и економската политика, јасно реков дека договорената политика за спроведување на Рамковниот договор, односно уставните обврски, е покриена со финансиски средства за политиката што треба да се оствари оваа година. Тоа е апсолутно точно.

Господинот Халими може да се сомнева и секој има право да се сомнева, но тоа што го објаснив во образложението е апсолутно договорена политика на Владата на РМ, со учество на сите коалициони партнери. Господинот Халими изрази сомневање и дека има 11,7% албанци во структурата на вработените, буџетски корисници, што се 70.000, и тоа не му се верува. Меѓутоа, го повикувам и за овие бројки и за оваа другата бројка што не верува, да дојде во Министерството за финансии, да го увериме дека ова е точно. Така што не е кажано ништо напразно, а средства од овде неможат да се земат за да се префрлат за тие намени за кои зборува, бидејќи овие средства се за други намени кои се потребни, планирани за тоа и неможе да се намалуваат. За правичната застапеност средства во буџетот има во согласност со она образложение што го дадов и средства за легалните високообразовни институции на јазиците на етничките заедници, исто така има обезбедено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Илјаз Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Господине министре вие велите средства постојат, дека сте обезбедиле средства за рамноправното присуство, што се однесува за високото образование на албански јазик.

Доколку тие средства не се предвидени со буџетот, како можат тие средства да се реализираат. Овој мој сомнеж е заснован врз еден друг факт.

Во една од комисиите во Парламентот, Комисијата за политички систем каде јас го поставив ова прашање, особено што се однесува до финансирањето на високото образование на албански јазик, бидејќи тоа е обезбедено со Охридскиот договор, државниот секретар кој може да се смета дека е мотор или срце на Министерството, немаше поим дека во Охридскиот договор постои една таква определба. Тој рече, незнам дали постои вакво нешто. Доколку вие се сомневате во оваа, прашајте ги пратениците, членови на оваа Комисија, тие ќе ви го потврдат тоа што ви го кажувам јас. Бидејќи тоа постоело во Охридскиот договор, постоеше и определбата дека од државниот буџет треба да се финансира високото образование на албански јазик, претходно зошто не сте го предвиделе ова во Буџетот. Значи ова не се случува откако вие сте го концептирале на ваков начин Предлог-буџетот, туку многу порано беше прифатен односно усвоен Охридскиот договор и уставните измени. Доколку се сака да се тактизира, тоа е нешто друго. Јас сакам да се демантирам самиот себе си навреме, доколку вие навистина ќе го реализирате она што е определба, уставна определба и определба на Охридскиот договор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Абдулади Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Принципиелно се јавив да кажам нешто во врска со амандманот, бидејќи овој амандман ги тангира и е во интерес на немакедонското население во Македонија, пред се албанците во РМ.

Јас се согласувам со она што се доделени некои средства за импементација на Охридскиот договор, или пак за уставните измени, за правичното претставување, адекватно, на албанците во државната администрација. Но, не знам во колкав процент се договорите коалиционите партнери да го реализираат тоа годинава,

бидејќи се вели дека во администрацијата има 11,7% албанци, или пак албанците се претставени со 11,4%. Јас не се согласувам со оваа констатација, затоа што учеството на албанците во администрацијата не е 11,4%, реално, не како бројка. Доколку вие ги имате предвид јавните претпријатија каде што работничката сила се албанци, а не значи дека се претставници во јавната администрација. Тој не е вработен во администрацијата туку тој е вработен во ЈП “Комуналец”. Еве да земам еден пример. Од вкупниот број на вработените за хигиена во ЈП “Комуналец” - Скопје, сигурно 50% се албанци, но сите тие се оние кои собираат ѓубре, додека во канцелариите ќе видете колкав број на албанци има. Ова важи за сите институции во РМ. Кога говориме за државната администрација, треба да правиме разлика штое е државна администрација а што се јавни претпријатија

Второ,и јас сум еден од тие кои што барам продирање на албанците во државната администрација да биде многу побрзо. Но повторно Владата е таа која треба да каже колку таа предвидела за овие 4 години, кога ќе биде на власт коалицијата, колкав ќе биде процентот секоја година. Ова ние не го знаеме.

Јас немам никаква забелешка до министерот за финансии. Сакам да нагласам дека министерот за финансии, информациите што ги добил од другите министерства и политичките разговори што се правени на ниво на Влада, сигурно не ги има сите овие значајни информации, да направи еден буџет кој ми одговара и мене, но и на другите. Затоа јас мислам, од недостаток на информации што ги има од соодветните министерства, што се однесува до вклучувањето на албанците во државната администрација и за високото образование на албански јазик, дојдов до една констатација дека буџетот за 2003 година ќе биде доволен за реализација на овие барања, или пак за имплементација на Охридскиот договор.

Јас уште еднаш ќе се навратам на високото образование и Охридскиот договор. Но и политичките разговори на највисокиот политички врв на Македонија имаат обврска, или земале обврска да се институционализира тетовскиот универзитет.

Доколку утре дојде до ова институционализирање и вклучувањето на финансискиот систем бо буџетот, доколку немаме предвидено средства, како можеме да го реализираме овој проект, доколку тој не се финансира од буџетот на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Вејсели ако внимателно слушавте што зборува министерот, немаше 10 минути попусто да зборувате.

Има збор господинот министер за финансии Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Значи уште еднаш да повторам.

Прво, ги имам сите потребни информации господинот Вејсели да не се саклдисува за тоа, не работиме без точни информации.

Второ, 11,7% не 4 кај буџетските корисници кои што изнесуваат околу 70.000. Во воведното излагање реков дека Владата договори политика до крајот на годината тој процент да биде околу 14%. Значи тука не се јавните претпријатија и фондовите, каде што процентот е помал, каде што е договорено за 2 процентни поени зголемувањето во тој дел. Настрана пак прашањето дали сите јавни претпријатија ќе останат јавни претпријатија, ќе се приватизираат, дали некои ќе постојат, нема да постојат и тн. Тоа е пак друго прашање. Но заради прецизно информирање за пратениците кои се сомневаат дека има планирано средства.

Трето, не може да се планира една ставка ставена во некој раздел, ставка за имплементација на Рамковниот договор, тоа не е возможно буџетски да се структуира така, затоа што сите министерства имаат обврски конкретни кои што одделно треба да ги реализираат за спроведување на Рамковниот договор. И пари се предвидени и планирани во соодветните министерства за задачите што ги имаат во врска со Рамковниот договор, односно уставните обврски кои што произлегоа од тој договор.

Значи има пари предвидено во Министерството за внатрешни работи, каде што се планира и вклучени средства за зголемување на бројот на лиза што треба да се вработат од етничките заедници, кои што се помалубројни во Република Македонија. Има во буџетот за Министерството за одбрана. Има во буџетот во Министерството за правда. Има во буџетот на Собранието, каде што се предвидени средства за преведувачи и други и тн. Има предвидено средства што ќе се ослободат од одливот на луѓето во администрацијата, каде што исто така точно се проценуваат колку можат да бидат, но овие политички договори, всушност имаат финансиска потпора во буџетот на Република Македонија. Сите институции со закон што се легални во областа на образованието, односно високото образование, исто така се предвидени. Кога ќе се институционализира, ако се институционализира

некоја друга високообразовна институција, тогаш е тоа друго прашање, друга ситуација и тогаш ќе се предвидат средства и ќе се најдат средства за тоа, а претходно на нешто што не е неможе да се одвојат средства за тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, претставници на Владата,

Години со ред сум сведок на тоа дека кога имало амандмани од пратениците албанци за предвидување на средства кои автоматски имплицираат и официјализирање на тетовскиот универзитет, односно на високото образование и неговото легализирање, во тие случаи во различни форми ни е речено деа ова е правено само онака и често пати и наши колеги тука и некои надвор ни рекле дека ова го прават само заради тоа да предложиме амандман. Во овој случај треба да се разбере дека сме во еден друг момент, во едно друго време и без оглед на тоа кој го предложил амандманот, јас мислам дека самиот проблем бара можеби и елабoрациа и подобро разјаснување. Ја знам дека аргументите на министерот за финансии во овој момент ја сум принуден да ги прифатам, затоа што во составувањето на буџетот пред ставот што го изработувал нема некоја институција со име и презиме тетовски универзитет за кого ќе бидат одделени средства.

НИКОЛА ПОПОВСКИ

Се работи за амандман, пред се за зголемување на јавната администрација врз основа на Рамковниот договор, а не за универзитетот во Тетово, што вие го спомнувате. Ве молам, да не зборувате за амандман што не постои по инерција. Ве молам да се концентрирате на темата а таа е имплементација, вработување за соодветна и правична застапеност.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Само еден момент ве молам, ја сум многу свесен, но не ми се дозволува да направам еден вовед, за да дојдам таму каде што сакам да стигнам. Знаете ли зошто го направив овој вовед, затоа што јас во овие предвидувања на буџетските средства влегува сето она што е и образование, затоа што и образованието се финансира од буџетот. За тоа кога се зборува за администрацијата и за структура на

администрацијата нам ни излегуваат ситуации кои воопшто не можеме да ги разбереме на еден начин. Зошто, затоа што кога ја земаме администрацијата на државните органи и различни министерства и тн. и она што е образование, било основното, средното или високото, тогаш ние имаме една дискрепанца во она што се вели процент, или учество на албанците во администрацијата. Затоа и ни излегува дека со буџетските средства процентот на албанците кои ги користат овие средства од Буџетот во овој момент, како што објаснува и самиот министер е 11,7%. Но сето ова воопшто не ја задоволува динамиката со средства кои се одредени во Буџетот за зголемување на процентот на албанците во она што ќе речам е администрација во државните органи, или во Министерството и тн. Затоа ние тука ми се чини дека средствата кои се одвоени на еден начин не ја задоволуваат динамиката на она што значи правилно претставување на националните заедници, во овој случај не македонци во администрацијата. Затоа тука мислам дека, всушност зборот ми е дека објаснувањето на министерот како претставник на Владата да биде пофлексибилно и да биде јасен и за онаа публика која што го слуша, затоа што тука се создава впечаток дека нема буџетски средства кои го зголемуваат процентот со задоволителна динамика на учеството на албанците во државната администрација, или во државните органи. Ова објаснување треба да го дадеме појасно, објаснувајќи ја структурата на администрацијата, затоа што тука најнакрај излегува едно друго објаснување за публиката и нема доволно јасно објаснување затоа што со какви средства ќе биде потполнето она што го нарекуваме динамика на застапувањето на претставувањето, динамика која што се спомнува и во Охридскиот договор.

НЕВЗЕТ ХАЛИМИ:

Повторно го земам зборот само за да објаснам неколку дилеми тука. Јас не се сомневам толку во бројот 11,7% кои се корисници на Буџетот албанци, но треба да се прави разлика. Во мојата дискусија ја потенцирав дека треба да се прави разлика меѓу јавната администрација и државната администрација.

Во државната администрација албанците се опфатени со 6,7% а во јавната администрација се наставници, професори, хигиеничари и тн. и нормално е дека во паралелките во кои има настава на албански јазик, не може да има наставници македонци и затоа претставувањето на учеството на албанците е точно во образованието и тука треба да се прави разлика. Ние се ангажираме во државната администрација, вработувањето се покачи за 6,7% во согласност со бројот на

албанците во Македонија кое што засега е 23%, а ќе видиме колкав ќе биде со резултатите од пописот и сега оди во сгласност со тоа.

Министерот рече дека се одвоени средства и во Министерството за внатрешни работи и во Министерството за одбрана за оние што не се дел од популацијата немакедонска.Тоа е дел за униформираните персони, а за тоа произлегуваат од другите обврски кои ги земала Македонија со Европската унија и НАТО. Ја знам дека во министерствата се предвидени средства и за вработување, но никаде не е предвиден меѓанизам, колку посто од тие средства ќе бидат употребени за вработување на луѓе од заедниците или заедниците кои не се мнозинство. Да не се случи практиката, во едно министерство да се објави конкурс за 10 административни вработени а 9 да бидат примени македонци а само еден албанец. Се додека не се усогласи процентот на албанци, значи треба да бидат на конкурсите примени 9 албанци, а 1 македонец. Само на овој начин постепено може да се вработат оние 2400, за кои се вели дека се спогодиле со акциониот план да се вработат во текот на оваа година. Нема друга шанса да се реализира ова. Ќе остане самотеорија. А не може да се реализира, доколку сето тоа не е предвидено во Буџетот. Останува само на добрата волја на луѓето кои ги претставуваат институциите да се оствари оваа обврска која произлегува од Охридскиот договор.

Затоа ве молам да го поддржите овој амандман, затоа што е наш заеднички интерес и со овој амандман ја поправаме само една од грешките која е направена од порано и само на овој начин може да порасне нашата меѓусебна доверба затоа што ние историски сме се определиле да живееме заедно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. Инаку да ги потсетам присутните пратеници дека не разгледуваме финансиски план на јавни претпријатија, на институции, туку гледаме Буџет на Република Македонија.

Гласале 58 пратеници.

Ги молам службите да избројат колку присутни пратеници имаме во салата.

Има 58 присутни пратеници. Во овој момент немаме доволен број пратеници. И така некои од пратениците веќе излегоа на ручек. Ќе продолжиме во 15,20 часот.

Давам еден час пауза.

(Пауза од 14,20 часот).

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 15,40 часот)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот поднесен од пратениците Џевдет Насуфи и Илјаз Халими за кои дебатиравме, го ставам на гласање.

Гласале вкупно 70 пратеници, од кои 12 гласале за.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија не го усвои амандманот на Раздел 09002.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Со една процедурална забелешка сакаме да кажеме една констатација.

Очигледно е дека кворумот на денешната седница, односно на продолжението го прави опозицијата, а тоа кажува каков е односот на позицијата.

Овој пат носиме еден сериозен акт на државата, а позицијата која што е носител и поддржувач на Буџетот има еден несериозен пристап и не си обезбедува кворум

Ние сме кажале дека ќе бидеме опструктивна опозиција, излеговме само да ви кажеме дека улогата на опозицијата сепак не е мала, ќе присуствуваме на седницата, ќе ви го правиме кворумот, ќе ви го одржуваме кворумот и нормално ќе гласаме онака како што мислиме.

Значи, имајте предвид како претседател и опоменувајте ја позицијата да присуствува редовно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Караџоски и имам се предвид.

Сите пратеници ги упатувам да имаат предвид затоа што брзо ќе предложам измена на Деловникот и ќе воведам два пати потпис. Еднаш првиот час на доаѓање на седница и еднаш на завршување на седница. Кој нема два потписа нема дневница. Сега имаме 111 луѓе кои добиваат патни и дневни трошоци, собираме едвај 70 за да продолжиме со работа. 50 луѓе можете да замислите што направиле денес, не позиција, опозиција, општо за пратениците зборувам.

За збор се јави процедурално господинот Иван Ивановски.

ИВАН ИВАНОВСКИ:

Во контекст на она што го кажа господинот Караџоски.

Кворумот на парламентарната седница не е ексклузивно право ниту на позицијата, ниту на опозицијата, туку на сите пратеници и не затоа што пратениците на владеачката коалиција го бранат Буџетот, амандман пратениците на опозицијата го напаѓаат, туку сите имаме обврска да се однесуваме сериозно кон самиот акт, исто како што вие нагласивте во вашето искажување. Сметам дека е одговорност на сите да го одржуваме кворумот, а не да го препишуваме на некоја ексклузивна политичка партија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со расправа.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001, програма 14 и на Раздел 0902, програма 12, поднесен од пратениците Џевдет Насуфи и Илјаз Халими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Илјаз Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Почитувани колеги овој амандман го поддржувам во сесијата 6 точка 2 од Охридскиот договор каде што се вели дека државата зема обврска да го финансира високото образование на една популација, каде што во вкупниот број на популацијата во Македонија има над 20%. Значи ова е една обврска на Владата да го поддржи овој амандман доколку сака да го имплементира оној дел на Охридскиот договор со кој што е во врска овој амандман.

На крајот, сите сме се ангажирале и потписниците на четирите партии, најголеми партии и ова едногласно го направивме.

Министерот малку порано во еден одговор што го даде на пратениците во врска со ова прашање, во врска со високото образование на мајчин јазик меѓу другото рече кога ќе се институционализира високото образование тогаш ќе се одвојат средства во Буџетот за тој да биде финансиран. Сега засега постои една институција на високото образование, тоа е Универзитетот на Југоисточна Европа,

кој е регистриран, што значи дека тој е институционализиран и природно дека постои основа да се одвојат средства за финансирање на високото образование на Албанците.

Истовремено функционира и тетовскиот универзитет, меѓутоа тој не е официјализиран и затоа според Владата тој не може да биде финансиран.

Владата врз основа на договорот меѓу владините партнери треба да одвои средства најпрво да се создадат услови, прво да се официонализира овој универзитет а потоа да се одвојат средства за негово функционирање. Значи не може да се рече дека ќе се дадат средства тогаш кога ќе се институционализира, што значи практично не се одвојуваат средства за тој да се институционализира. Значи, тука доаѓа до една спротивставеност самиот министер во врска со тоа што е владина определба.

Затоа јас ве молам почитувани пратеници да го поддржите овој амандман, затоа што произлегува од Охридскиот договор, тој е наша обврска и на овој начин ние само уште еднаш ќе докажеме дека сме подготвени да ја почитуваме секоја спогодба и Уставот и законите кои произлегуваат од Уставот на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Хисни Шаќири.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, господине министре.

Вистина е дека на дневен ред имаме една многу значајна точка која го определува економскиот развиток на државата. Документ кој што има голема тежина и треба да му посветиме посебно внимание. Јас неколку дена гледам дека се прави една огромна дебата и се презентираат многу прашања во интерес на сите граѓани на Република Македонија, а посебно на Албанците. Се потенцира Охридскиот договор како документ кој е од огромно значење и за кој документ ја превземавме обврската сите политички структури во нашата држава. Сега на нас е одговорноста Охридскиот договор да го заокружиме, затоа што тој е постигнат во минатиот состав и во рамките на Охридскиот договор ние треба да водиме сметка да го затвориме овој процес, затоа што тој сеуште не е завршен. Ми се чини дека се дадени некои објаснувања од министерот во експозето во врска со Буџетот. Беа допрени неколку прашања кои навистина Албанците на пример да бидат опфатени, се спомна

денеска Министерството за внатрешни работи, Министерството за народна одбрана, Министерството за правда и јавната и државна администрација. Дел од Охридскиот договор е и опфаќањето на Албанците во јавната администрација. Тоа се уште не е сторено, но сепак ние го имаме предвид фактот дека самиот министер беше јасен и дециден и во овој правец е работено и во рамките на овој Буџет, во позициите кои треба да бидат опфатени Албанците во оние институции, во оние министерства каде веќе се предвидени средства. Но, дали е тоа доволно. Тоа можеби не е доволно и сега постојат дилеми и се создава замагленост во нас колку е во состојба финансиските средства на овој Буџет да бидат покритие за реализирање на Охридскиот договор.

Ние ќе имаме и ребаланс и во тој правец доколку успееме да направиме една поправка на Буџетот трансферирајќи средства од една на друга позиција затоа што масата на средствата на Буџетот не се неподвижни. Сега постојат дилеми околу универзитетот во Тетово. Често пати во овој правец се дискутира, а понекогаш и ние немаме јасен став.

Високото образование и универзитетот во Тетово се два прашања за кои треба да правиме разлика. Во овој правец треба да имаме јасен став и ми се чини дека ова прашање сеуште ние не сме го расчистиле со себе си. Доколку дискутираме за универзитетот во Тетово, тоа е едно прашање, тоа е институција која засега има таква каква што има автономија и правно не е признат од државата, меѓутоа постојат подготовки и се работи во правецот универзитетот во Тетово да го има статусот што го имаат другите универзитети во Македонија.

Сега кога зе зборува за Буџетот, се зборува и за ова прашање и се поставува прашањето зошто не се предвидени средства. Ве молам ние себе си не треба да си правиме политика и не треба да се залажуваме себе си, прашањето за тетовскиот универзитет не се разрешува само со амандман. Има процедура која што треба да биде многу сериозна и треба да имаме еден многу исправен приод затоа што ние имаме одговорност за оваа институција. Јас сега тетовскиот универзитет го гледам како еден државен проблем, а не само како проблем на Албанците затоа што се работи за една институција каде што треба да бидат подготвувани кадри. Тоа е прашање треба да се разреши.

Во овој правец досега ДУИ работел и ќе работи во иднина. Мислам дека одговорноста што ја имаме ние, ние никако не треба да ја отстраниме, туку треба да поминеме на сериозен начин, да не правиме дебата само заради дебата. Треба да бидете убедени, зборувам со потполна одговорност, не да обвинам никого, и друг

пат ни се случувало да имаме адманмани, но тетовскиот универзитет дефакто егзистира уште од 1994 година, а де-јуре сеуште не е признаен. Ова прашање треба да го разрешиме и Буџетот како буџет. Зошто се правиме толку несериозни, доаѓаме на тоа ниво да ги разбираме работите онака како што сакаме да ги разбираме, а не да правиме разлика меѓу процедуралните работи. Доаѓаме во позиција како да не ги познаваме процедурите.

Да ја запознаеме јавноста дека прашањето на тетовскиот универзитет не се разрешува со амандмани. Досега, ви велам со полна одговорност, иницијатива за официјализирање на тетовскиот универзитет немало. Нека излезе некој тука да каже со документ дека е покрената иницијатива каде што се почитувани сите процедури и дека има барање во Владата на Република Македонија  од било кој состав на владите, мислам дека е направена грешка, а ние не сме запознаени, во тоа време не сме имале политичка мобилизација да гор азрешиме ова прашање. Доколку сакаме да правиме дебата само за јавноста, само за да добиеме поени, доста го залажувавме народот и доста манипулиравме со популацијата. Треба да бидеме многу сериозни и затоа ова прашање треба да го разгледуваме сериозно. Во овој правец се работи ДУИ и ми се чини дека со партнерите во коалицијата ќе најдеме заеднички јазик да го разрешиме ова прашање.

Во моментот кога ќе биде правен субјект тетовскиот универзитет тогаш бездруго ќе бидат обезбедени средства, меѓутоа сеуште не сме стигнале до таму, сега се разговара и треба да биде во Агендата на разговори меѓу партнерите на коалицијата ова прашање да биде надминато во 2003 година, и да биде затворено, затоа што е во севкупен интерес на сите граѓани на Република Македонија. Да не дискутираме во онаа форма, нашите зборови да го имаат соодветното место.  Треба да најдеме правна основа и сите иницијативи и амандмани кои се предложени ќе ги поддржиме, меѓутоа со потполна одговорност ви велам дека од правен аспект отсега натаму ДУИ на овој проблем ќе  пријде на сериозен начин  во соработка на партнерите на коалицијата. Тоа значи да го разрешиме на соодветен начин и да го затвориме на заеднички начин. Во тој правец и опозицијата треба да даде свој придонес, како и позицијата да даде свој придонес во тој правец.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

По се изгледа тука има недоразбирања, или лоши интерпретирања, не знам што е проблемот.

Амамндманот што е предложен од мене и Џевдет Насуфи, кој што го поддржува ДПА не е во врска со финансирањето на тетовскиот универзитет, затоа што тој универзитет не е официјализиран. Ние знаеме дека Владата не одвоила средства за него. Но, со оглед на тоа дека е институционализиран универзитетот на Југоисточна Европа, оваа Влада има обврска да одвои средства според Охридскиот договор за да го финансира овој универзитет каде што над 2000 студенти студираат. Тука се 2200 студенти, од кои 2000 Албанци.

Пратеникот кој што зборуваше пред мене, господинот Исмет Рамадани рече дека ние како Влада немаме обврска да ги финансираме институциите кои не се институционализирани.

Ова е мојот одговор, затоа што имаме институција која што е официјализирана и има основа да бидат одвоени средства за финансирање на тој универзитет. Разговорите меѓу ДУИ и претставниците на тетовскиот универзитет за официјализирање ние ги поддржуваме и бараме од другите партнери на владината коалиција да ги поддржат, затоа што Албанците имаат право и имаат потреба да имаат и нивни државен универзитет. Тука нема никаква дилема и доколку ова се постигне ние ќе го поздравиме и ќе го поддржиме затоа што е од заеднички интерес. Со ова мислам дека ќе разрешиме уште едно прашање кое се провлекува уште од 1994 година наваму. Мислам дека не е ништо лошо доколку тетовскиот универзитет го имаме како трет универзитет, го имаме и Универзитетот на Југоисточна Европа. Ние имаме потенцијал и студентите треба да бидат опфатени во овие два универзитети. Ова е за објаснување на дилемата што постои.

Јас уште еднаш апелирам до сите пратеници да го поддржат овој амандман за да се финансираат институциите на високото образование и на овој начин мислам дека се потпомогнува унапредувањето на институциите на високото образование на албански јазик.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Шаќири реплика.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Би сакал уште еднаш да бидам јасен, ние како партнери во оваа коалиција сме заинтересирани тетовскиот универзитет да биде универзитет со еднаков статус со останатите универзитети. Вистина е дека постои Универзитетот на Југоисточна Европа и ние немаме ништо против тој Универзитет да функционира онака како што

е или да кажам кратко и јасно ДУИ не е заинтересиран да блокира било какви средства кои се наменети за Универзитетот на Југоисточна Европа, меѓутоа, ние треба да имаме еден јасен приод и сета наша политичка сила да ја сублимираме за разрешување на прашањето на тетовскиот универзитет затоа што треба да го затвориме ова прашање бидејки е од голем интерес на Република Македонија и на сите граѓани. Во овој правец работиме и имам впечаток дека и партнерите во коалицијата не разбираат на прав начин и мислам со заеднички сили ќе го надминеме и ќе го разрешиме овој проблем. Во овој правец треба д апокажеме сериозност и уште еднаш потенцирам амандманот како амандман ќе го подржиме, меѓутоа, ДУИ и целата парламентарна група на оваа партија сме заинтересирани да се работи во оваа насока и во иднина да имаме посебни средства во Буџетот и за тетовскиот универзитет, но кога ќе стане правен субјект и тоа мислиме да го разрешиме во што покус рок. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Мене посебно ми остава впечаток констуктивноста на мојот коелга Хисни Шаќири и дефинитивно полека се докажува тоа дека институционалното решавање на прашања кои подолго време ги промовираме со овој амандман на еден начин го разбираме тоа дека пристапот кон некои проблеми, а особено кои се големи и секогаш сме ги квалификувале како такви, а тоа е во случајот со високото образование дека синоним на високото образование беше тетовскиот универзитет и сега во оваа сала со години се дискутирало и еве го моментот кога дефинитивно денеска како претставници на три политички партии на албанците, значи како пратеници, да разбереме дека е тоа констуктивно на еден начин има правно разбирање, но и политичка клима и разбирањето од партнерите во овојслучај кои кога ја слушаат оваа констуктивност создаваат расположение да се направинешто што може да се корегира што се однесува до распределбата на финансиски средства од Буџетот.

Доколку денеска е пораката дека започнува процедур аонака како што треба за легализирање на една образовна институција како што е тетовскиот универзитет и дефинитивното решавање на високото образование на албански јазик, тогаш

постои можност на крајот на краиштата можеби на наивен начин и оние средства за функционирање на државата кои остануваат како функционални средства таму во еден ребаланс на Буџетот во моментот кога се официјализира тетовскиот универзитет или ќе се разреши проблемот на високото образование да се предвидат и средства кои ќе бидат во Буџетот денес тука . Пораката е многу добра. Значи станува збор за конструктивност дека овој проблем треба да се реши. Подвлекувам, треба да се реши за да не дојдеме во ситуација овде да имаме амандмани за кои знаеме дека нема да поминат, но ние ќе гласаме , како албанци ќе го направиме, тоа е голема работа, а на мониторот ќе излезат 12-20 гласа и ние ќе речеме зборувавме, предложивме, тој гласаше, тој не гласаше.

Дефинитивно замолувам сите оние кои сакаат да придонесат во овој правец за да се работи, да се најде решение за оваа институција за која многу пати сме разговарале, а не да се најдеме во ситуација каква што е сега кога се лажеме сами себе, ги лажеме партнерите во коалицијата, опозицијата, јавноста и на крајто на краиштата единствена сатисфакција останува дека гласав за.

Се андевам дека ова ќе биде најдобрата порака. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Гласале 74 пратеници, за гласале 12 пратеници, против 59, воздржано 3.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 09002, Програма 12, ставка 467, за додавање нова ставка по потставката 467121 и на Раздел 09002, Програма 12, ставка 428, потставка 428112, поднесен од пратеникот Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Владата еднаш интервенираше со помош и Владата ги задолжи сите министерства да направат, во своите рамки, се што е потребно.

За овие дополнителни средства во овој момент не можеме да дадеме подршка .

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој бара збор?

Господин Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам господине претседател, почитувнаи пратеници, гиосподине министер, колку за јавноста да дообјаснам дека овој амандман бара распределба на средства за изградба на објекти во општина Дебар.

Како што ви е познато пред неколку месеци на несреќен начин објектите на општина Дебар беа изгорени во пожар. Освен активностите и услужните дејности на општинско ниво што беа извршувани од страна на граѓаните. Исто така во тие објекти беа сместени и канцелариите на одделни министерства и тоа еден објект каде сите услужни дејности што се однесвуаат до локалната самоуправа во соработка со централната власт ги извршуваа граѓаните на Дебар и општината Дебар.

Веднаш по опожарувањето имавме контакти со претседателто на општината, имавме контакти со министерот за локална самоуправа кои реагираа на адекватен начин и во Владата, како што потенцираше и министерот, тоа беше дискутирано и на ниво на Влада и Владата интервенираше со една маса од околу 10 илјади евра и ги обврза со еден заклучок сите министерства кои имале свои ограноци во објектот на општината дебар да подготват елаборати колку секое министерство ќе даде средства за да повторно се изгради овој објект.

Помина долго време откако Владата го донесе овој заклучок и јас мислам дека е моментот во Буџетот министерствата кои треба да го направат тоа многу брзо, барем денес , да се договориме за една сума која ќе бид едоделена на општина Дебар за да се започнат елементарните работи и да се започне со изградба наобјектот на општината Дебар.

Неколку месеци канцелариите на општината и дисперзираите ограноци на министерствата се дислоцирани во неколку објекти во Дебар и граѓаните на Дебар се хендикепирани од тој аспект не можат да ја почувствуваат работата ниту на локалната самоуправа ниту на деловите од министерствата во нивната општина.

Оценувам дека станува збор за една итна работа која треба да биде во рамките на лансирањето на законите за окална самоуправа, но доколку Владата не може да влијае со средства, тогаш се прашувам како може да дојде до децентрализација на власта во општината Дебар.

Јас го разбирам министерто дкеа Буџетот е рестриктивен во вооj случај, но мислам дека со еден заклучок би можеле да заклучиме дека се согласуваме Владата да издвои средства за  изградба на оваа зграда врз оснвоа на тоа што неколку министерства имаат свои ограноци значи секое  министерство да оддели средства .

Затоа ги замолувам пратениците, бидејќи пратеникот е тој кој најмногу ја чувствува општината и тој е во најнепосреден контакт со граѓаните, да  не подржат со една единствена цел да можеме на граѓаните на Дебар  да им овозможиме да имаат една зграда во која ќе ги решаваат своите проблеми со кои секојдневно се соочуваат, во однос на локалната валст.

Претседателот на општината испрати до сите парламентарни групи опис на ситуацијата, ги запозна со заклучокот на Владата, ги запозна со проектот околу изградба на нов објект на општина Дебар и затоа ги замолувам пратениците да не подржат да се оделат одделни средства за општина Дебар. Министерот го замолувам барем на седница на Владата заклучокот на Владата да може да се реализира со една единствена цел да може да се изгради оваа зграда. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Во средствата на сите минситерства постои ставка за реконстукција и сите андлежни министерства можат во согласност со заклучокот на Владата да се ангажираат така што мислиме дека не треба да се интервенира сега со посебен амандман, туку повторно да го ставиме на разгледвуање заклучокот на Владата што го имаше да се реализира така како што беше договорено со тој заклучок на Владата и ќе го поставиме на седница на Влада реализирањето на заклучокот за да се разреши овој проблем.

Познат ми е проблемто и нема потреба од менување овде.

НИКОЛА ПОПОВСКИ

Благодарам.

Господин Буџаку.

АГРОН БУЏАКУ:

Ве поздравувам господине претседателе, почитувани колеги, ова е едно прашање кое во врска со самото функционирање на државната администрација, за жал, мислам дека во Дебар беше изгорена зградата на општината и регионалните министерства така што за да функционира онака како што треба државната администрација треба да се создадат услови за работа.

На овој начин правиме едне апел што побргу да биде изградена една нова зграда коај ќе овоаможи на граѓаните и на овој начин на државната администрација да ги извршува своите обврски.

Овој проблем е разгледан на Владата, ветени се средства, заземени се одредени ставови , значи на овој начин треба што побргу да се имплементира се што приднесува во овој правец, ова го велам во мое име како пратеник и го подржувам амандманот на мојот колега.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидеки никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на галсање.

Ве молам да гласаме?

Гласале 82 пратеника, 21 за, 59 против, 2 воздржани.

Констатирам дека Собранието не го донесе амандмнот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16101, програма 12, ставка 424, подставка 424114 и на Раздел 1501, Програма 11, ставка 420, потставка 420112, поднесен од пратеничката Марија Којзаклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Госпоѓа Којзаклиска.

МАРИЈА КОЈЗАКЛИСКА:

Заклучокот од сите дискусии по Предлог буџетот за 2003 година како од страна на Владата на Република Македонија , така и од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ чиј член сум и јас укажуваат дека истиот е рестриктивен, можеби и треба да биде рестриктивен, но не таму каде не треба и не на штета на натамошниот развој на одредени сегменти од нашиот живот.

Потврда за ова е и фактот дека сите релевантни институции укажуваат на тоа дека енергијата која ја поседуваат младите треба да се насочи во други свери од животот меѓу кои една од основните е спортот.

Како родители сигурно сме сведоци на прекумерното трошење на енергијата на младите на работи кои во ни еден случај не влијаат стимулирачки врз нивниот развој. Тоа прекувремено трошење на енергија на непотребни работи секој ден се повеќе оди кон екстремни граници со прифаќање на најголемото зло на ЏЏИ-век, а тоа е дрогата.

Секој ден читаме показатели кои укажуваат на се поголем број на млади кои тргаат по патот од кој нема или можеби многу ретко има враќање. Затоа, еден од нашите приоритети треба да биде навремено и правилно насочување и постојано укажување на квалитетите кои ги носи спортот со себе. Ако не преземеме нешто во тој правец, нашиот индиферентен однос ќе не доведе воситуација да бидеме само неми сведоци на она што се случува околу нас односно што ќе се случува во иднина со наќите млади, ако не се преземат потребните мерки. токму од овие причини посебно паќа во очи неодвојувањето на финансиски средства за дозавршување односно финализирање на еден од овие сегменти на кои укажувам. Тоа се спортските сали, што беше една од претходните акции, една од акциите на претходната агенција за млади и спорт. Доизградбата на овие сали е во непосредна врска со остварување на целта, за што го поднесувам токму овој амандман, а тоа е правилно организирање и насочување на развојот на младите. Затоа, сметам дека сосема оправдано ќе биде усвојувањето на овој амандман и овие средства да се насочат и наменат за непосредно финансирање на спортските клубови, а со тоа и за развој на спортот.

Благодрам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој амандман не е за спортските сали.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас укажав дека тој е само еден од сегментите на спортот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали друг бара зборт? (Нема)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, од кои 21 за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 програма 11, ставка 472, потставка 472112 и на раздел 07001 Програма 11 ставка 467 потставка 467119, поднесен од пратеничката Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Има збор г-динот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Причина за поднесување на овој амандман е да се даде уште една можност на Владата да му посвети повеќе внимание на водоснабдувањето. Водоснабдувањето на РМ е на толку ниско ниво, кое во скоро ниту во една локална самоуправа не ги задоволува потребите на граѓаните. Со оглед на фактот дека водата е еден од главните извори на живот, никако не смееме да дозволиме да не инвестираме односно да обезбедиме средства за подобрување на водоснабдувањето. Сите досегашни направени истражувања укажуваат на фактот дека водата ќе стане дефицитарен фактор како на светско така и на наше локално ниво. Затоа, е потребно, сметам дека е потребно стимулирање на тенденциите и на проектите кои одат кон обезбедување на доволно количини на вода.

Покрај поттикнувањето на проектите за обезбедување на доволно количини на вода, потребно е како постојните така и новите извори на вода да им се обрне

достојновнимание и да им се посвети вниманието за подобрување на квалитетот на водата. Со оглед на тоа дека процесот на децентрализација ќе започне, мор особено да се води сметка за сите фактори важни за животот на луѓето, посебно на водоснабдувањето при пренесувањето на надлежностите од Владата на единиците на локалната самоуправа. Од овие причинисметам дека амандманот требаше да биде усвоен, меѓутоа, Министерството за финансии смета дека не треба.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Збор има министерот за финансии Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

И судовите се во лоша состојба, парите се бараат да се земат од таму, за да си дадат на оваа намена, Владата се разбира, знае колку е важно прашањето за снабдувањето со вода и не останува само на оваа иницијатива и на овие средства што сега се предвидени во буџетот. Прво, за тоа постојат и могу грантови, постои комплетен проект за цела РМ.

Второ, пред речиси два месеци Владата заклучи да земе кредит, да се задолжи кај Јапонската банка што вреди повеќе од 100 милиони долари за проектот Злетовица, каде што ќе се разрешат проблемите намногу општини со неговата реализација. Така, не се само овие средства во врска со ова прашање, кое што се разбира дека е актуелно во Македонија, меѓутоа, во овој буџет за оваа намена од таа ставка не можат да се користат средствата, така што остануваме на одбивањето на амандманот.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас би сакала само да му укажам на министерот за финансии дека и тој знае во каква состојба се судовите. Не се во таква, како што е водоснабдувањето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи повеќе никој не бара збор го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 80 пратеници, за гласале 24 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 19301 Програма 11, ставка 443, потставка 443813 и на раздел 16001, Програма 15, ставка 441, потставка 441511, поднесен од пратеничката Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

дали некој бара збор?

Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас се извинувам уште еднаш и би сакале да го повторите разделот на амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

19301, тој што ви е за ученичкиот стандард.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА

Јас останувам на образложението кој е наведено во амандманот, со оглед на тоа дека со овој буџет е намален покрај студентскиот и ученичкиот стандард, а ние мораме со оглед на постојните развојни индиции од кои треба да се поведеме за натамошно усовршување на нашите млади, сметам дека овој амандман треба да биде прифатен и апелирам до пратениците да го поддржат амандманот.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Се разбира, средства никогаш не се доволни за тоа колку потреби чувствуваат луѓето за сите области од својот живот, меѓутоа, обезбедени се во буџетот доволен износ насредства, се разбира, во согласност со расположивите можности за оваа година. Инаку, сакам да ги потсетам  сите пратеници што инсистсираат на многу амандмани кога го собравме износот на сите средства преку амандманите, произлегува дека би тsребало да направиме промени во буџетот за повеќе од 8 милијарди денари, да го зголемиме дефицитот за уште две милијарди денари, што се разбира не е можно. А, бидејќи една четвртина од буџетот веќе е потрошено со сите месеци кои што ги поминавме, така што повеќето од овие амандмани, всушност, значат блокирање на работата на многу други институции. Јас би сакал пратениците кога инсистираат на своите амандмани да го имаат предвид и ова, дека промените се за повеќе од 8 милијарди, што е апсолутно не е можно дека дефицитот би бил уште за две милијарди поголем, што исто така не е можно. и дека повеќе институции би останале без елементарни потреби, доколку сите овие префрлувања ги правиме на овој начин како што се инсистира.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 77 пратеници, за гласале 23 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 19001 Програма 11, ставка 464, потставка 467114 и на раздел 08001, Програма 12, ставка 426 потставка 426718 поднесен од пратеничката Марија Којзеклиска

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој бара збор?

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Единственонешто што е најскапоцено и кое нема цена е здравјето.Единствен начин да го сочуваме нашето здравје е да имаме квалитетно здравство во кое ќе се инвестираат средства за негова натамошна надградба и развој. Со предложените решенија во Предлог буџетот, во делот кој се однесува на Министерството за здравство, не само што не може да се напредува, туку оваа година ќе стагнира, а со оглед на брзиот развој на медицината, не сакам да размислувам дека истото тоа ќе уназадува.

Во самиот предлог буџет видовме дека одредени ставки во Министерството за здравство едноставно се препишуваат од претходната во оваа година, како што вчера посочи колегата Оровчанец, и не можеме да не добиеме впечаток на незаинтересираност која постои кај Министерството за здравство за една од нивните основни дејности за кое постои, а тоа е развојот на здравствената заштита.

Од друга страна пак, проширувањето на здравствената заштита до најоддалеченото населено место, мора да функционира непречено со обезбедување на амбуланти и во тие места. Ставката на буџетот за оваа година за изградба на здравствени објекти е 0 предвидена со буџетот во Министрството за здравство. Здравствените организации вршат една од основните и најважните дејности во општествениот живот, а тоа е, како што рековме, грижата за здравјето на граѓаните. усовршувањето на здравствената дејност и обезбедување услови за вршење на истата, не смее да биде запрено. Здравата нација е основа за целосна натамошна надградба на општетвото во сите сфери.

Сметам дека на прашањето во однос на неинвестирање во изградба на здравствени објекти е прашање на кое добро требаше да размислат Министерството за здравство и Министерството за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓо Којзеклиска, изградбата на здравствени објекти не е во буџетот. Туку е во буџетот на Фондот за здравство.

Господинот министер за финансии.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Една дополнителна информација до пратеничката Којзеклиска. Преку проектите на Телеком, преку средствата од Телеком, 11 проекти во здравството се

подготвуваат за изградба, а преку фондот за здравство се одвоени за изградба околу 149 или 150 милиони денари, исто така, за тоа. Според тоа не е заборавена изградбата и покрај ваквите услови во кои се наоѓаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, вие барате со амандманот 20 милиони, а во Фондот за здравство во буџетот кој е составен дел има 140 милиони. Сега, би било фер да го повлечете амандманот.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Министерството за здравство како составен дел на Буџетот, Буџетот на Министерството за здравство има ставка изградба на здравствени објекти. Овде не зборуваме за Фондот за здравствено осигурување, зборуваме за Министрството за здравство и во нивна надлежност, раздел  изградба на здравствени објекти.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Повеќе никој не бара збор, Ве молам да гласаме за амандманот.

Гласале 73 пратеници, 18 гласале за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001, Програма 17, ставка 443, потставка 443714 и на раздел 09002, Прогрма 12, ставка 467, потставка 567121, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се изјасни по амандманот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам дали некој бара збор?

Госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас само би сакала накратко да укажам дека во време на развој на науката, техниката  и научно истражувачката дејност предложените финансиски средства за

2003 година во овие свери ќе бидат за 50% помали, отколку со буџетот предвидени за 2002 година. Значи минатиот буџет. Вака предвидените средства ни од далеку не ќе ги задоволат потребите на науката, а да не зборуваме за можноста за развој на научно истражувачката дејност.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали има друг за збор? (нема)

Констатирам дека претресот е затворен и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, за гласале 20 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001, Програма 11, ставка 468, потставка 468113 и на раздел 09002, Програма 12, ставка 463, потставка 463212, поднесен од пратеникот Љубчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој бара збор?

Господинот Љупчо Балковски.

ЉУБЧО БАЛКОВСКИ:

Почитувани пратеници, имам поднесено некколку амандмани кои што имаат за цел подобрување на условите за живеење на граѓаните во населениете места и општини.

Конкретно, за овој амандман што е поднесен е од причина што средствата потребни за купување на мебел, канцелариска опрема и купување на информатичка опрема во износ од 100 милиони денари во делот на функции на државата, може би се оправдани врз направена анализа за потребите на институциите. Меѓутоа, сметам дека оваа опрема со ангажирање на Владата врз база на направени проекти

за потребите, може овие средства да се добијат преку разни донации, програми на ЕУ, и развојни програми од многу земјидонатори, а дел од средствата што Владата ги планира да ги намени за купување на оваа опрема да се пренасочат за градежни активности.

Значи, да потенцирам, имаме можност информатичката опрема врз изработените проекти од страна на Владата да ги добиеме по пат на донации од Европската Унија и разните програми што се предвидени за равој.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Овој проект е уште од екс министерот Груевски, во тек е, во реализација е и ние треба да го реализираме до крај, бидејќи е започнат. Проектот е добар и треба да се направи. Така што, ако би ги зеле тие пари би требало да го прекинеме тој проект, а тоа не е добро. Во фондот за патишта си има посебни средства, посебна програма.

Амандманот не можеме да го прифатиме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави г-динот Балковски.

ЉУБЧО БАЛКОВСКИ:

Јас кажав дека врз база на проекти изработени од Владта, можеби оправдано овој проект за информатичка опрема и за купување мебел и сите други услови што се потребни на институциите. меѓутоа и предложи, бидејќи постојат проекти врз база на изработени од Владата програми од ЕУ, и разни земји и донатори, едноставно тие средства да се обидеме да ги добиеме, а овие средства да ги пренамениме за други градежни активности.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Нема пари предвидени за мебел од овие средства, од кои што сака г-нот Балковски да се земе. Тоа го реков и синојка. Значи да прецизираме, да не се ставаат нешта што не стојат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, од кои 20 за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001, Програма 11, ставка 468, потставка 468115 и на Раздел 09002, Програма 12, ставка 463, потставка 463212, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г. Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор г. Љупчо Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Кажав дека овие 4 амадмани што јас ги имам поднесено се ставка земена од Програмата 12, ставка 463, потставка 463212, а тоа е купување на мебел, канцелариска опрема односно потставка за купување информатичка опрема, кажав со кои средства можеме таа опрема да ја обезбедиме како Влада, како Парламент, затоа што досега сме имале искуство како може и на кој начин многу полесен да се обезбедат средства за информатичка опрема, а многу потешко е да се обезбедат средства за градежни активности.

Конкретно за овој амандман сега ќе кажам дека во Предлог буџетот на Министерството за транспорт и врски воопшто не е предвидена ставка за реконструкција и санација на свлечиштата на земјиштето. Знаеме минатата година и

оваа година колкави проблеми имаме за Велес, знаеме за Ростуше, меѓутоа, почнавме со такви активности минатата година, кои се прекинати заради времето и се надевам дека и оваа година Владата ќе продолжи со таа активност, затоа што таа активност е насочена директно за помош на населението во местата каде што има свлечиште на земјиштето. Меѓутоа, можеби има некои други ставки што се наменети за елементарни непогоди, можеби така ќе каже министерот, но тие се наменети ако се случат. Ова е веќе случено, има програма, има проекти, само треба да продолжат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор г. Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Господине Балковски, јас ви благодарам за советите дека можеме да најдеме донаторски средства за некои проекти, но истовремено сакам да ви кажам дека вие, бидејќи час се каравте, час се миревте со Меѓународната заедница, час ви требаа, час не ви требаа, час со убави зборови, час со најпогрдни зборови - ви гарантирам дека ние ќе обезбедиме повеќе донаторски средства за повеќе проекти отколку вие што ни сугерирате сега. А ова не можам да го прифатам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Овој систем на работа, за секој амандман по 3 реплики меѓу подносителот и министерот за финансии, предлагам да се кажат аргументите и контра аргументите во еден наврат и тука да завршува.

Реплика за г. Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Ако веќе одиме на вчерашната дискусија меѓу мени и министерот за финансии, јас вчера реков многу е сериозен е овој Предлог на буџет како точка на дневен ред и така треба да се однесуваме сите заедно.

Второ, во овој момент, за овој амандман што јас го имам поднесено, сите донации без разлика на каков начин се добиени, има постапка, има процедура и на временски период може да добијат тие донации. Земјиштето не трпи ние да се договараме да добиеме донации за свлечиште на земјиштето како што е тоа во Велес и  Ростуше затоа што минатата година имаше моменти кога земјиштето одеше  по 40 см. во текот на еден ден. Може, јас разбирам дека има потреба од

компјутерска технологија и информатичка опрема, меѓутоа, сепак мислам дека е многу подобро решение овие средства да се искористат за намена за санација на населените места во Велес и во Ростуше отколку во овој момент овие средства да се пренаменат за информатичка опрема. Информатичката опрема може да се добие и по пат на донации како што нагласив веќе неколку пати.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Балковски, проблемот со вашите амандмани во што е.

Имате 4 или 5 амандмани, сите се на други ставки позитивни, а негативната ја црпите само од една ставка. Еве, под услов г. Гошев првиот амандман да ви го прифатеше, другите 5 ќе ви паднеа затоа што таа ставка се исцрпи, така што и вие кога алудирате на совесност на едната страна, имајте предвид дека ... (г. Балковски се уфрла со зборовите “ако ми дозволите”). Ќе ви дозволам, меѓутоа, знаете како, секој амандман е на истата ставка. Ако едниот помине, ви паднаа другите 5 и што ќе правиме после?

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Ставката наменета за купување мебел е 100 милиони денари. Во првиот амандман јас барам 31 милион, остануваат 69 милиони денари, но не се прифати. Овој амандман од таа ставка 100 милиони денари, и да беше прифатен овој амандман, од 69 милиони, предлагам 30 милиони денари да се донесат за санација на земјиштето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тоа не го пишува во вториот амандман, пишува пак 100 милиони денари се заменува со 70 милиони денари.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Ако не се прифати или не се прифати првиот амандман, останува овој износ, значи пак се 100 милиони денари.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

А ако се прифатеше првиот амандман, тогаш како, ќе го преправавте амандманот? Не ми кажувајте мене.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Има од 100 милиони денари за 4 амандмани за одделни ставки и предлагам 95 милиони денари, амандман 5 милиони денари пак ќе останат во средствата наменети за компјутерска опрема и купување мебел.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не сте ги составиле така амандманите, за секој нареден ви е минусирана само една ставка.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Секој нареден е минусиран за една ставка затоа што дали знаев јас дека ќе биде прифатен првиот амандман? Не се прифати, значи одам со вториот амандман и пак ставката оди на 100 милиони денари.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандман тоа значи дека ќе поднесете еден амандман со 4 позитивни и една негативна.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Тоа можете вие како претседател да го кажете на стручните служби како да се подготват амандманите. Јас ги подготвив во еден амандман, тие рекоа во 4 амандмани ќе се подготват затоа што не знаеме, рекоа тие, дали ќе се прифати првиот амандман и ќе одиме се ставка, дали 10 милиони, дали 69 милиони, со 31 милион или 25 милиони на крајот во четвртиот амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Љубе Бошковски.

ЉУБЕ БОШКОВСКИ:

Процедурално г. претседателе.

Ќе ги молам претставниците на извршната власт да престанат со навреди кон законодавниот дом, кон законодавната власт и г. Петар Гошев да престане со опозиционата реторика, веќе позната на овој Парламент, да не не навредува во стилот дека меѓународната заедница затоа што ние не сме биле коректни кон неа, затоа што нема да даде помош. Тоа не е точно. Вие сте сведоци

дека меѓународната заедница пред парламентарните избори ја додели ветената помош на Република Македонија. Тоа е една работа.

А, ако ние сме се расправале, особено Бошковски додека беше министер за внатрешни работи со некои претставници на меѓународната заедница, тоа беше затоа што на тоа не обврзуваше Уставот на Република Македонија, одбраната на македонскиот суверенитет и интегритет. И ако повторно биде загрозен македонскиот суверенитет и интегритет, ниту еден дипломат во Република Македонија не може да биде поштеден.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ова не беше процедурално, беше дискусија.

Има збор г. Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Само една забелешка. Мислам дек аовде очигледно амандманите се поднесуваат за политички маркетинг. Претходната Влада, во текот на 2000 година, одобрила 75 милиони денари за свлечиштето во месноста "Рамина" во Велес. Тие средства не се реализирани. Според тоа, илузорно е сега да се тврди, да се бараат некои средства за таа намена иако тоа е сосема оправдано. Меѓутоа, бидејќи ова е актуелно прашање, јас поставив пратеничко прашање до Владата, имам соодветен одговор, гледам дека постапката е почната и знам дека таа работа ќе се реализира. Според тоа, овие амандмани, веќе донесени одлуки во 2000 година и нереализирани мислам дека овде се депласирани.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Би кажал само неколку зборови. Тука се препукуваме и се правиме кој е попаметен, броиме некои пари, но она што е актуелно, она што го гледаме изгледа не сакаме да го видиме. Сите оние што се на терен и лижно ги виделе проблемите, посебно на овие свлечишта, не знам колку од вас доживеале такво свлечиште, но јас имав можност да видам едно од 35 милиони метри кубни. после тоа, не парите од Европската заедница, не знам што уште ќе ни треба за да можеме да го санираме. Ако можеме сега да интервенираме, не е ни политички маркетинг, бидејќи и вие истото го гледате, значи тоа е потреба. Тогаш Владата треба да изнајде средства и

да го направи ова, а не тука да се надмудруваме дали било вака, го предложил г. Балковски или господата од СДСМ. Воопшто не е преблем кој ќе го предложи. Битно е дека проблемот постои и треба да го решаваме. Да не се надмудруваме дека кога ќе ги добиеме средствата, и ако ги добиеме, тогаш нема да имаме санација, бидејќи ќе биде нешто доразрушено. Тоа е основата и затоа мислам дека овој амандман на господинот Балковски треба да се прифати.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитуван претседателе, само да дообјаснам дека овие средства не се наменети за свлечиштето во Рамина - Велес, туку се наменети за свлечиштата во Македонија, поточно за Рамина, Ростуше и за неколку други помали свлечишта што ги имаме во западниот и источниот дел на Македонија. Тоа што минатата година се одобрени 75 милиони за свлечиштето во Велес, ние ќе бевме уште позадоволни да беа 750 милиони, затоа што таму е голем проблем. Меѓутоа, со една или две години не може да се санираат сите работи што се направени на лице место. Затоа, постои програма, постои проект и врз основа на тие изведувачки проекти се оценува колку во секоја година ќе се употребат средства. Оваа година не се предвидени средства за таа намена. Затоа и го давам овој амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека никој веќе не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 66 пратеници, за гласале 23.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Со оглед дека ближи часот, како претседател на Собранието предлгам да работиме до усвојувањето на буџетот на Република Македонија со сите амандмани.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да се изјасниме.

Гласале 65 пратеници, за гласале 48 пратеници, против гласале 17.

Констатирам дека продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 Програма 13 ставка 472 потставка 472114 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Љупчо Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Значи, и со овој амандман се предлага пренаменување на средствата од Функции на државата, купување за информатичка опрема и затоа се напишани 100 милиони денари, затоа што двата амандмани досега не се усвоија. Овој амандман што го поднесувам е со цел средствата да бидат наменети за единиците на локалната самоуправа од пограничните места заради изградба на патишта до тие места. За што всушност се однесува?

Минатата година Генералштабот на Армијата на Република Македонија, заедно со Министерството за транспорт и врски, направија проект на 4 погранични места и 4 караули каде што се отвораат нови патишта заради безбедноста на Република Македонија. Значи работевме заедно Генералштабот односно Армијата со својата механизација и Министерството за транспорт и врски со свои проекти и со свои средства заради времето, заради временските услови, бидејќи тие се погранични планински места, не се овозможи тоа да се направи во минатата година. Оваа година, ако смета Собранието и Владата, заради безбедноста на Република Македонија дека тие патишта треба да се доправат затоа што се започнати, Генералштабот на АРМ, можете да го прифатите овој амандман. Средствата не се толку големи, тие 10 милиони денари, меѓутоа, доволно е да се пробијат тие патишта и потоа со програма од Министерството за транспорт и врски и од Генералштабот на АРМ мислам дека ќе се дозавршат тие започнати проекти.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклужувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 73 пратеници, 24 гласале за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 Програма 11 ставка 464 потставка 464112 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Има збор министерот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Обезбедени се средства за тоа што го бара г. Балковски 40 милиони денари во функција на држава и мислиме дека толку можеме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со амандманот се предвидува ставката 0 да оди на 25 милиони денари. Ако сте издвоиле на друга ставка 40 милиони денари, значи е задоволен критериумот.

Има збор г. Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Ви објаснив, јас и вчера напомнав, 40 миилони денари за експропријација се обезбедени во функција на државата, дел од Министерството за финансии, 40 милиони денари за сите институции во државата.

Во ставката на Министерството за транспорт и врски всушност немаме одреден износ, односно ставката е 0 за земјиште за купување, односно земјиште за експропријација. Ние како поранешно Министерство за транспорт и врски минатата година склучивме неколку договори што се во тек на постапка оваа година. Ако се повлечат овие средства во делот на Функции на државата 40 милиони денари само

за Министерството за транспорт и врски, што ќе биде со останатите институции во државата кога тие ќе имаат потреба да се експроприра дел од земјиштето.

Затоа, во Министерството за транспорт и врски се бараат овие средства да бидат пренаменети од делот Функции на државата во делот на Министерството за транспорт и врски, затоа што сега сме март, април месец и допрва претстојат градежни активности, па ако државата, Владата, и оваа година има програма за изградба, тогаш прво ќе треба да ги реши имотно правните односи. Затоа се предлагаат овие измени во Предлогот на буџетот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 73 пратеници, 25 гласале за.

Констатирам дека амандамот не е усвоен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 - Програма 11 ставка 472, потставка 472114 и на Раздел 10001 - Програма 12 ставка 465, потставка 465211, поднесен од пратениците Коце Трајановски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали бара некој збор?

Господинот Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОСКИ:

Ќе ми дозволите господине претседателе, најнапред да искажам една констатација дека сите овие четири амандмани што јас ги поднесов се потребни средства. Тие средства се во буџетот. Значи, јас извршив една пренамена на средствата. Тие средства без разлика во кој месец од оваа година Владата ќе мора да ги пренамени. Бидејќи не се случи сега на оваа седница на Парламентот, дали Владата на Република Македонија после во владина постапка, или Министерството за транспорт и врски заедно со Министерството за финансии ќе ги согледаат сите овие активности кои што не можат да се дозавршат, а средства има, ќе ги пренаменуваат средствата и ние ќе бидеме сведоци на тоа. Конкретно, овој амандман што го имаме предложено заедно со господинот Коце Трајановски, всушност се пренаменуваат средства за подобрување на условите на сите раселени лица во Република Македонија, бидејќи тие сеуште не можат да се вратат во своите домови. Значи, амандманот е за подобрување на условите, затоа што и минатата година, меѓутоа и оваа година Владата на Република Македонија излезе со тој став, претставници од Владата беа во посета на интернатите и студентските домови каде што се раселените лица. Тие тоа го манифестираа дека ќе помогнат. Еве, сега конкретна прилика едноставно овие средства да бидат пренаменети за подобрување на условите. Тие средства нема да се изгубат со повлекување на раселените лица во своите домови, туку едноставно сите градежни активности, сите подобрувања на условите ќе останат и за учениците и за студентите што ќе ги користат понатаму тие студентски и ученички домови.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници, за гласале 22.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 - Програма 17 ставка 443, потставка 443714, Раздел 12101 - Програма 12 ставка 467, потставка 467121 и на Раздел 09002 - Програма 12, ставка 428, потставка 428112, поднесен од пратеникот Аднан Ќахил.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали бара некој збор?

АДНАН ЌАХИЛ:

Јас и претходно најавив дека во дискусијата ќе зборувам за овој амандман. Имам и образложение за тоа дека, ќе цитирам: науката во Република Македонија треба да биде столб на развојот. Бидејќи немаат сигурно долгорочен развој без сопствена наука и вложување во наука. Досега науката имаше многу мали средства. Но, со овој предлог дефинитивно ја доведуваме науката во незавидна позиција. За да имаме континуитет во науката предлагам да се задржи нивото на финансирање како и во 2002 година, но со благ пораст. Порастот треба да биде во правец дека имаме зголемување на данокот на додадена вредност за услугите од 13% на 15%, затоа да биде и благ порастот. Спротивно со вакви минимални средства нашите научни работници нема да имаат можност за основните работи врзани за нивни проекти и научни ангажмани. Сето ова ќе резултира демотивирачки за млади луѓе, а и за сите врзани за науката. Ние, т.е. Владата на Република Македонија предлага некои проекции во иднина како би требало да се мотивираат луѓето, особено нашиот научен млад кадар. Мислам дека со овој начин едноставно, кажав и пред тоа, незнам на кој начин ќе се излезе од таа безизлезна ситуација, затоа што ангажманот на луѓето кои се во науката сега и кои би требало во иднина да бидат столб на државата, се доведува во незавидна ситуација. Скоро дупло намалување на овие пари и да се нема осет дека треба вложување баш во овој дел што државата треба прво да вложи за да може после тие истите научни, луѓето од науката да конкурираат на меѓународни проекти за да си создадат свој имиџ, а и имиџ на државата. Ако тоа не се прави, мислам дека доаѓа до ерозија ем во интересот на науката и во образованието, ем во тоа што се вика продавање на ум што е сигурно многу важно и многу важна инвестиција кое во долгорочни периоди ќе ни донесе сигурно некој позитивен ефект. Веднаш да се направи проекција, да се намали толкав обем на средства, вложувањето во науката, мислам дека е апсолутно

неисправно, немотивирачки и незнам од каде произлегува и таквата проекција баш во тој раздел каде што има за трансфери во научно истражувачки институции од поранешните 140 милиони да се симне на 70 милиони, веднаш тоа да се направи, мислам дека тоа е сигурно плод на неаналитичен пристап кон овој проблем. Верувам, а треба да се замисли министерот за финансии господинот Гошев зошто баш кај науката се прави ваков рез, иако со овој амандман, а и со она што јас настапив не бараме многу поголеми пари за научните дисциплини, туку едноставно да остане во рамки како што беше и порано со многу благ пораст, имајќи ги во предвид ситуациите во рамки на Република Македонија, безпарицата и осетот дека треба постепено да се зголемува науката, но наглото намалување сигурно ќе доведе во безизлезна ситуација. Затоа предлагам ако не се усвои овој амандман, во иднина да се стави ставка нула за науката, па како што увезуваме се и сешто, да почнеме да увезуваме и наука и начуни дисциплини.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот..

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, за гласале 20.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 09002 - Програма 12 ставка 443, потставка 443722 и на Раздел 09002 - Програма 12 ставка 463, потставка 463212, поднесен од пратеникот Орданчо Тасев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали бара некој збор?

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Го поднесов овој амандман со кој што всушност барам корекција во предлог буџетот, т.е. обезбедување на средства во висина од 60 милиони денари

кои ќе бидат наменети исклучиво за обнова и за развој на лозарството во тиквешијата, како и развојот на овоштарството и градинарството во овој дел. Имено, ќе дадам кратко образложение, имајќи ја во предвид развојната политика и политиката во земјоделиeто воопшто од осамостојувањето па до денес, со посебен акцент на земјоделието особено лозарството, можам да констатирам дека тоа беше особено неповолна, не беше поволна политиката особено спрема делот на лозарството, со исклучок на 2002 година кое нешто допринесе лозовиот насад во тиквешијата да биде едноставно преполовен. Иако со извозот на асталските грозја, како и со извозот на алкохолните пијалоци кои што се добиваат со преработката на винското грозје се остваруваат значителни приливи на девизни средства. Оваа гранка едноставно е прилично запоставена. Особено сакам да потенцирам дека покрај низинскиот дел од градот Кавадарци многу поволни услови за развој на лозарството, а особено на овоштарството има и висорамнината Витачево и општина Конопиште која според својот територијален опсег е една од најголемите општини и која има големи перспективи како за развојот на лозарството и овоштарството, така и со другите нејзини природни капацитети и ресурси со кои што едноставно располага таа општина. Затоа сакам да потенцирам дека има едно големо интересирање кај населението од тиквешијата за вложување во оваа гранка со кое нешто всушност на некој начин би се обезбедиле две работи, односно би имало дјна корист, т.е. тоа е враќањето на лозарството и на овоштарството, а истовремено ќе се реши и проблемот на невработеноста во еден нејзин дел кој сега едноставно многу силно притиска во општина Кавадарци, ако се има во предвид дека денеска бројката на невработени во општина Кавадарци е некаде преку 9.000 лица. Значи, потребните средства предлагам да се обезбедат од буџетот на Република Македонија онака како што тоа е предложено во амандманот кој што го имам предложено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, за гласаа 17.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 19001 - Програма 11 ставка 467, потставка 467114 и на Раздел 09002 - Програма 12 ставка 467, потставка 467121, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали бара некој збор?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Пред се би сакал да кажам дека, бидејќи на почетокот на расправата по амандманите рековте дека доцна сум ги поднел амандманите. Само јас би сакал да кажам дека така ни беше сугерирано од стручните служби во петокот кога ги поднесувавме со оглед на тоа што петтиот ден паѓа сабота и недела, дека може да биде и понеделникот. Така што, ако сме биле лошо разбрани, мислам дека во иднина ќе го почитуваме тој термин, бидејќи така ни беше објаснето.

Инаку, со оглед на тоа што имам повеќе амандмани, ќе гледам и ќе се трудам да имам само едно објаснување по секој амандман. Инаку, што се однесува до овој амандман, се работи за изградба и реновирање на здравствени објекти во општините Гази Баба, Илинден, Петровец, Ѓорче Петров, Чаир, би сакал да кажам дека состојбата со здравствените објекти е катастрофална, многу е лоша, наназад 10 години не се инвестира. Би сакал само да напоменам дека во овие општини и да посочам некои од тие здравствени објекти како на пример во Булачани стар дотраен објект, во Авто команда која што е населба од големо значење во бараката која е целата дотраена и прокиснува целосно, во Кадино крајно руиниран објект, во Житиште, Ченто исто така дотраена барака, поликлиника Ченто нема простор за домашна посета, нема простор за патронажна служба, нема кабинет за уво, нос и грло и нема кабинет за невропсихијатрија. Доколку пратениците најдат за сходно да гласаат за овој амандман, јас би им бил благодарен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

За амандманот гласале 12 пратеници, воздржан 1, против гласале 49 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 19001 Програма 11 ставка 467 потставка 467114 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121 поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001 Програма 11 ставка 467 потставка 467216 и на Раздел 04002 Програма 11 ставка 468 потставка 468111, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал да напоменам дека средствата со овој амандман се наменети за каналската мрежа од левата страна на Вардар која ги опфаќа општините Илинден, Гази Баба и Петровец. Инаку, сведоци сме оваа година на поплавите кои ги зафатија овие подрачја и за време на овие поплави на површина излезе проблемот со каналската мрежа која долги години наназад не е обновувана. Би сакал исто така да потсетам дека голем број на куќи во овие населени места беа зафатени со поплавата при што беа нанесени огромни штети. Месните заедници прават проценка на тие штети, сигурно ќе бидат доставени тие проценки до Владата на Република Македонија и ќе се бара од нив тие да бидат надоместени. Исто така, сакам да напоменам дека министерот за земјоделие оствари средба со градоначалникот со општина Гази Баба и тука е договорена оваа сума околу 10 милиони денари за поправка и одржување на каналската мрежа во овие населени

места. Би сакал да потсетам дека исто така за оваа област имав поднесено и пратеничко прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас би сакал да интервенирам процедурално и барам да се утврди бројот на присутните пратеници во салата, затоа што одиме на гласање, а сметам дека нема доволен број на пратеници во овој момент.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, стручните служби да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата. Ги молам пратениците доколку се во бочниве сали да влезат, за да обезбедиме кворум.

Констатирам дека во салата се присутни 61 пратеник.

Молам да гласаме.

Амандманот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 56 пратеници, за гласале 9 пратеници, против гласале 47 пратеници и никој не се воздржал од гласањето.

Ве молам уште еднаш ако може да го провериме кворумот.

Значи, гласањето е валидно.

Амандманот не се прифаќа.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 14001 Програма 11 ставка 467 потставка 467216 и на Раздел 04002 Програма 11 ставка 468 потставка 468111, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 35025 Програма 12 ставка 401 потставка 401111 и на Раздел 09003 Програма 11 ставка 471 потставка 471118, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој бара збор?

Пратеникот Коце Трајановски има збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал да напомнам дека овој амандман се однесува на средства што се потребни во Основниот суд Скпоје 1 - Скопје, бидејќи е таму во тек постапка за прием на 4 судии, најверојатно тие ќе бида примени за неколку месеци, но за нив не се предвидени средства за плати. Со овој амандман би се овозможило понатаму да не настануваат проблеми во врска со исплата на средства за овие четири судии.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Доколку друг не бара збор, амаднманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За амандманот гласале 6 пратеници, против амандманот гласале 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 35025, Програма 12, ставка 401, потставка 401111 и на Раздел 09003, Програма 11, ставка 471, потсавка 471118, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 35025, Програма 12, ставка 423, потставка 423111 и на Раздел 09003, Програма 11, ставка 471, потставка 471118, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Пари се обезбедени. Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Овие средства се исто така наменети за Основниот суд Скопје 1 - Скопје, бидејќи вистинските трошоци на судот за пошта се околу 600.000 денари месечно.

Минатата година беа поделени само 2 милиони денари за цела година, поштата од март наваму не се разнесуваше. Тоа влијаеше на успешната работа на судот. Со овие средства ќе се овожможи оваа година судот нормално да функционира во делот на поштата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Доколку никој не бара збор треба да преминеме на гласање.

Ги молам службите повторно да утврдат колку пратеници се присутни во салата.

(Службите вршат пребројување на пратениците)

Молам, доколку има пратеници надвор од салата да влезат.

Имаме обезбедено 51 пратеник во салата.

Ве молам да гласаме за амандманот.

За амандманот гласаа 4 пратеници, воздржан е 1, а против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 35025, Програма 12, ставка 423, потставка 423111, и на раздел 09003, Програма 11, ставка 471, потставка 471118, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001, Програма 11, ставка 472, потставка 472112 и на Раздел 09002, Програма 12, ставка 467, потставка 467121, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам.

Би сакам да напомнам дека овие средства се наменети за водоснабдување на селата Раштак, и селото Булачани во рамките на општина Гази Баба. Овие села се со три илјади жители, се наоѓаат блиску до Скопје и се на само 10 километри од

центарот на Скопје.Немаат извор од планината со која ќе се собира здрава вода за пиење, па затоа треба да се донесе проект со што ќе се овозможи од градскиот водовод да се донесе вода до овие населени места. Би сакал исто така да напомнам дека овие две села немаат голема миграција во градот и доколку не бидат решавани инфраструктурните проблеми, можеби ќе настане и оваа појава на миграција на овие граѓани кон градот.

Да напомнам дека овие две села за време на траење на војната во 2002 година беа едни од главните бастиони на одбраната на Скопје, бидејќи се граничат со селото Матејче и заедно со другите села придонесоа кризата од Арачиново да не се прелее внатре во Скопје.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Доколку никој друг не бара збор, ве молам да пристапиме кон гласањето.

За амандманот се изјаснија 5 пратеници, воздржан е 1, против амандманот гласаа 55 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот на Раздел 13001, Програма 11, ставка 472, потставка 472112 и на Раздел 09002, Програма 12, ставка 467, потсавка 467121, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Отворам претрес по амаднманот на Раздел 28001, Програма 11, ставка 467, потставка 467211 и на Раздел 09002, Програма 12, ставка 467, потставка 467121, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повторно ги замолувам пратениците да влезат во салата затоа што по дискусијата на пријавениот пратеник Коце Трајановски, ќе треба да пристапиме кон гласање.

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКи:

Благодарам.

Би сакал да напомнам дека и овој амаднман се однесува на водоснабдување на селата Дељадровце, Текија и Бучинци кои се во состав на општина Илинден, селата Сушица, Дивље, Долно Коњаре, Средно Коњаре и Горно Коњаре, кои се во состав на општина Петровец.

Исто така, би сакал да напомнам дека овие села се ставени во рангот на недоволно развиени подрачја. Иако се толку блиску до Скопје, поради нерешените инфраструктурни проблеми, се ставени во недоволно развиените подрачја.

Нешто што сакам да напомнам е дека жителите на обие села веќе подолго време имаат проблем со водоснабдувањето и доколку се направи овој систем за водоснабдување ќе се сопре миграцијата од овие села кон градот. Тие ќе почната да се занимаваат со земјоделие и можеби со мало стопанство. Со тоа ќе се растовари државата за проблемите што би настанале со нивната миграција.

Би сакал да напомнам дека за селата Сушица и Дивље, минатата година од Бирото за недоволно развиените подрачја беа доделени по 0,5 милиони денари, меѓутоа тие не беа реализирани, така што има можност оваа година да се реализираат, додека селата Текија и Бучинци веќе имаат примарна мрежа, меѓутоа им фали секундарната мрежа и нивното припојување кон водоводот со кој што се снабдува Рафинеријата “ОКТА”. За Бучинци би сакал да кажам дека има водовод, меќутоа има проблем со довод на вода до селото и тоа би се решило со регионалниот водовод Илинден-Гази Баба-Петровец.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Ако не бара збор, го заклучувам претресот и би требало да пристапиме кон гласање. Меѓутоа, поврторно сме на работ на кворумот.

Жалам, но ќе мора повторно да се преброиме и уште еднаш ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат.

(Службите вршат пребројување на пратениците)

Сега можеме да пристапиме кон гласањето.

Ве молам да гласаме.

За амандманот гласаа 3 пратеници, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 28001, Програма 11, ставка 467, потставка 467211 и на Расдел 09002, Програма 12, ставка 467, потставка 467121, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Отворам претрес по амандманот на Расдел 13001, Програма 11, ставка 465, потставка 465211 и на Раздел 09002, Програма 12, ставка 467, потставка 467121, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Коце Трајановски:

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал да напомнам дека овие средства се само за изготвување проект, а проекто би бил за одводна канализација што е еден од најголемите проблеми во општините Илинден, Петровец и Гази Баба, руралниот дел на Гази Баба и општна Арачиново и делови на општина Куманово од Романовце па деловите до Скопје.

Проблемите со одводна канализација во овие населени места се решаваат со септички јами што се нееколошки, скапи и нехигиенски. Нивото на Вардар, бидејќи се наоѓа од левата страна на Вардар овие населени места, нивото на Вардар е поголемо од овие населени места па затоа има проблем со оваа одводна канализација. Лоша страна на овој проблем е и можноста за добивање заразни болести па и епидемии. Јамите се празнат со цистерни што се наменети за оваа работа, се исфрлаат на простори што исто не се наменети за ова. Лошата страна на ова е што се загрозува и еколошката средина на овие населени места и би сакал да кажам дека со овој проект доколку се реши ќе бидат опфатени повеќе од 50 илјади жители кои живеат на овие простори.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, ве молам да гласаме за амандманот.

За амандманот гласаа 2 пратеници, против 60 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 13001, Програма 11, ставка 465, потставка 465211 и на Раздел 09002, Програма 12, ставка 467, потставка 467121, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Отворам претрес по амаднманот на Раздел 18010, Програма 17, ставка 443, потставка 443617 и на Раздел 13001, Програма 11, ставка 444, потставка 444111, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам.

Би сакал да кажам дека тука бараме минимални средства 500.000 денари што ќе бидат наменети за одржување на Литературните средби “Илинден 2003” кои веќе се одржуваат 3 години, но со големи финансиски потешкотии. Оваа манифестација е од меѓународен карактер и од големо значење за општината, Градот Скопје и Република Македонија. Покрај тоа да напомнам дека оваа година се навршуваат 100 години од Илинденското востание и оваа манифестација го носи токму името Илинден.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Андреј Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Очигледно дека овој амандман на нашиот колега не држи, бидејќи тој нема обезбедено поддршка ниту од сопствената парламентарна група.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За амандманот гласаа 3 пратеници, воздржани 4, против амандманот се изјасниле 55 пратеници.

Констатирам дека Собранието на го усвои амандманот на Раздел 18010, Програма 17, ставка 443, потставка 443617 и на Раздел 13001, Програма 11, ставка 444, потставка 444111, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 35026, Програма 12, ставка 423, потставка 423114 и на Раздел 09003, Програма 11, ставка 471, потставка 471118, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПВСКА:

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал да напомнам дека овие средства се наменети за Основен суд Скопје 2 - Скопје, со оглед на тоа што таму има вработени 30-тина курирски доставувачи, кои поголем дел се во редовен работен однос, а останатите преку младинска организација. Без нив нема да има нормална достава на судската пошта. Средствата што се предвидени и оние што се одбиваат од сопствените извори не се доволни за извршување на овие функции.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Доколку никој не бара збор, ве молам да гласаме за амандманот.

За амандманот гласале 7 пратеници, воздржани биле 2, а против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 35026, Програма 12, ставка 423, потставка 423114 и на Раздел 09003, Програма 11, ставка 471, потставка 471118, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001, Програма 13, ставка 468, потставка 468111 и на Раздел 09002, Програма 12, ставка 443, потставка 443717, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот  на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал само да напомнам дека овие средства се наменети за Средното електротехничко училиште “Михајло Пупин”. Ова е едно од ретките училишта од овој тип, од електротехнички тип во Скопје. Се помалку е одзивот за запишување во ова среднотехничко училиште и затоа со подобрување на условите и на останатите работи ќе се придонесе за поголемо запишување на учениците во ова училиште.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

(Со седницата продолжи да раководи господинот Никола Поповски).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, за гласале 9 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 12 ставка 468 потставка 468111 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443718, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Средствата се наменети за реконструкција на училиште.

Би сакал да го спомнам училиштето рсте Мисирков во населба Ченто кое е направено од бараки кои се крајно дотрајани. Неколку години наназад се бараат средства за изградба на ново училиште, меѓутоа не се добиваат.

Исто така и во останатите училишта од општината состојбата е многу лоша и затоа со овие средства барем делимично би се подобриле условите во кои би учеле учениците.

НИКОЛА ПОПОВСКИ :

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 11 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 1601 Програма 12 ставка 463 потставка 463212, Раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Кој бара збор?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Овие средства односно со овој амандман се врши допрецизирање на средствата наменети за информатичка опрема од  општата ставка, конкретно за основните училишта.

Сметам дека најдобар момент на учениците за запознавање со информатиката е токму периодот на основното образование. За ова сметам не треба дополнително да се објаснува, бидејќи зите знаеме што значи информатиката општо за нашето живеење. Голем дел од учениците немаат ари да си дозволат да имаат компјутер дома, така што со оваа ставка би се овозможило да се набават компјутери за основните училишта, како сите ученици би се осознале со оваа област.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, за гласале 18 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 12 ставка 463 потставка 463112 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 443 потставка 443717, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, кој бара збор?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Со овој амандман се бараат средства кои ќе бидат наменети за купување на училишен мебел, клупи, кабли и други видови на помагала, бидејќи состојбата со училишен мебел во голем број на училишта е на многу ниско ниво. Затоа предлагам

да се обезбедат овие средства со кои би се подобрила состојбата во овие основни училишта.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 72 пратеници, за гласале 18 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16101 Програма 12 ставка 467 потставка 467121 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212, поднесен од пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, кој бара збор.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА :

Средствата кои се бараат со овој амандман се потребни за изградба на спортска сала во Скопје со што би се подобрил квалитетот на спортското живеење, како на професионалниот, така и на аматерскиот спорт. Недостигот на спортска сала е еден од главните болки на градот Скопје поради оневозможување на одржување на натпревари од меѓународен карактер.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, за гласале 17 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 1810 Програма 15 ставка 443 потставка 443615 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212, поднесен од пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор?

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Средствата кои се бараат со овој амандман се со цел да се достигне нивото во буџетот на Министерството за култура за заштита на спомениците на културата, имајќи ги предвид започнатите процеси на реконструкција и заштита на спомениците на културата и плус дополнително значи за реконструкција на оштетените споменици на културата од кризниот регион.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 72 пратеници, за гасале 17 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010 Програма 17 ставка 443 потставка 443617 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212, поднесен од пратеничката Ганка Самоиловска-Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе;

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор Ганка Самоиловска-Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Во вчерашните дискусии на сите членови од Комисијата за култура беше констатирано дека не е обезбеден посебен буџет или фонд со кој ќе се финансираат активностите за прославата на Илинденското востание, бидејќи се предвидени програми и проекти кои ќе се одржуваат во текот на целата година, па се надевам, ако останатите пратеници не го поддржуваат, барем членовите на Комисијата ќе го поддржат овој амандман. Повторувам за прославата на 100 години Илинденско востание.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Гласале 75 пратеници.

За гласале 21 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010 Програма 13 ставка 443 потставка 443613 и на Раздел 08001 Програма 12 ставка 427 потставка 427122, поднесен од пратеничката Ганка Самоиловска Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Средствата се со цел да се достигне нивото на ставката од минатата година за филмската дејност, бидејќи знаеме дека македонската кинематографија во изминатите неколку години навистина ја доживеа својата ренесанса и да се задржи актуелниот позитивен тренд на развојот на македонската кинематографија, се

разбира во нагорна линија. Се надевам дека пратениците ќе имаат разбирање за македонската кинематографија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 73 пратеници.

15 пратеници гласале за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 Програма 11 ставка 467 потставка 467121 и на Раздел 13001 Програма 12 ставка  427 потставка 427122, поднесен од пратеничката Ганка Самоиловска-Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА :

Средствата се бараат со цел да се обезбеди брза и целосна реконструкција на оштетените и уништените куќи во кризниот регион, со цел раселените лица да се вратат што побрзо во своите огништа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 67 пратеници.

За гласале 17 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010 Програма 14 ставка 443 потставка 443614 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 463 потставка 463212, поднесен од пратеничката ганка Самоиловска-Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Обезбедени се средства. Министерството за култура е едно од ретките на кое не му се намалени средствата.

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збр госпоѓа Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Средства се обезбедени, се разбира, инаку како би функционирало Министерството за култура и дејностите од областа на културата, но за жал се намалени токму во ставката за музичко-сценски дејности. Со овој амандман се бара достигнување на висината на ставката за музичко-сценски дејности на ниво од минатата година.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 72 пратеници.

За гласале 13 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010 Програма 14 ставка 468 потставка 468111 и на Раздел 10001 Програма 16 ставка 443 потставка 443819, поднесен од пратеничката Ганка Самоиловска-Цветанова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА - ЦВЕТАНОВА:

Со овој амандман се бараат средства за стапката инвестиции.

Како што кажав и со вчерашното мое излагање со висината на средствата која е определена во Буџетот на Министерството за култура, за инвестиции, се доведува во прашање тековното одржување и тековните санации и реконструкции на објектите од областа на културата, а за изградба на нови објекти едноставно не станува збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 73 пратеници.

За гласале 12 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 Програма 11 ставка 472 потставка 472113 и на Раздел 09002 Програма 12 ставка 467 потставка 467121, поднесен од пратеникот Слободан Чашуле.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор?

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Мојот амандман се однесува на Охрид, на зачувување на Охридското езеро.

Амандманот го поднесувам во името на избирачите, на граѓаните на Охрид, на Струга, на луѓето од Сараиште, со намера, во услови кога мораме да бидеме рестриктивни, а таа рестриктивност е последица на еден долгорочен период на економска криза што ни го наметнаа околностите. Кога веќе мораме да бидеме рестриктивни, тогаш да се обидеме во тој недостаток на создавање многу вредности да го зачуваме барем она што го имаме. За мене, а јас мислам дека и вие ќе се согласите дека во овој момент немаме поголема вредност од Охридското езеро, дотолку повеќе што наскоро, со оглед на собитијата во светот водата ќе стане

најголемото богатство на една нација. Сега кога веќе природата ни дари нови води, надојдоа води, кога на Охрид му се дава можност и по природен пат и со малку помош од луѓето кои толку години го користеа и го злоупотребуваа, да се спаси, мислам дека 20-тина милиони денари од една ставка во друга ставка само ќе ни донесат корист и најверојатно овој проблем ќе ни го симнат во еден нареден буџет, така што не ќе мораме од година во година или од Влада во Влада да се расправаме околу тоа како ќе ја администрираме нашата сиромаштија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

За да не се дезинформираат охриѓани и цела Македонија, во врска со прекрасниот Охрид, да кажам има повеќе донаторски линии кои се обезбедени и се реализира проектот за заштита на Охридското езеро.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Извинете господин министре, јас не дезинформирам.

Не се спорни тие донации. Но за да бидеме на нивото на тие донации треба и ние да покажеме одреден ново на грижа. Јас имам целосно разбирање за вас и за ситуацијата во која, како министер за финансии се наоѓате, не спорам дека на Охрид му се помага, но мислам дека ова е критичната година кога можеме да ја турнеме работата па колекторот да се заврши, реките што го контаминираат да се свртат во друг правец и да се сочува флората и фауната.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници.

14 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на посебниот дел, Програма 42 ставка 426 потставка 426315 и на Раздел 05002 Програма 12 ставка 443 потставка 443717 на

Предлогот на буџетот на Фондот за земјоделство, поднесен од пратеникот Марјан Ѓорчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Со парафирањето на Спогодбата за стапување на Република Македонија на 15 октомври во СТО, Република Македонија се здоби со право да го субвенционира своето земјоделско производство во износ од 33,5 милиони евра и тоа по разни основи, по единица хектар и по единица грло во вид на регреси, премии, стимулации за извоз и разни помошти, со цел за менување на територијалната нерамномерна поделеност на земјоделието во Република Македонија, а исто така и за идентификација на земјоделското производство. Бидејќи во земјите на Европската Унија земјоделските фондови се организациски единици, преку кои се даваат сите субвенции, логично е како земја која што чекори кон асоцијативното членство на Европската унија, фондот за земјоделство со овие барани средства да обезбеди барем дел, иако се едвај 1/6 од тоа што претставува дозволеното право близу 2 милијарди денари за субвенционирање на македонското земјоделие, меѓутоа, со овие 300 милиона, кои што во делот пред се, на тутунопроизводството, кое што претставува производство, кое што го организираат над 50.000 демејства во Република Македонија, кои што претставуваат и најсиромашен дел на македонската популација, да се обезбеди заради исклучително лошата година на производство на тутун ниските цени, колку толку социјален мир, со овие 300 милиона да се обезбеди премија на цена на кг. Тутун по 15 денари, просечно во Македонија се произведуваат околу 20 милиони, на таков начин ќе се обезбеди цена која што би можела да биде во рамките на гарантираната цена од 111 денари, објавена во Сл.весник на Република Македонија, а државата ако не ја постигне таа цена, секако ќе се соочи со проблем, со правна процедура, овие средства по друг основ од Буџетот да ги исплати. Ова е бенинген начин на разрешување на овој проблем и мислам дека ќе

биде и во полза овој амандман на Владата на Република Македонија , во полза за земјоделците и за менување на тешката социјална положба на тутунопроизводителите во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој друг повеќе не бара збор го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, за гласале 16.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отварам претрес по амандманот на посебниот дел, програма 44, ставка 441, потставка 441323 и раздел 09002, програма 12, ставка 443, 314 на предлогот на Буџетот на Фондот за земјоделство, поднесен од пратеникот Марјан Ѓорчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа. И првиот и овој се сосема погрешни. Не водат сметка за двете страни приходи и расходи. Башка од средствата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во ставките на Предлог-буџетот на Република Македонија за 2003 година се потенцира меѓу другите, би рекол, во таа специјална димензија во Буџетот и поттикнување на вработувањата каде што се издвоени 600 милиона денари. Со овој амандман во делот на трансферите во Фондот за здравство, кои што треба да изнесуваат наместо 13 милиона, изнесуваат 30 милиона, значи зголемување од 20 милиона денари, се пледира многу поелегантен, на многу позаконски и на многу поадекватен начин, да се изврши вработување на граѓани на Република Македонија, согласно Законот за вршење на земјоделска дејност, кој што со запишувањето во регистерот на подрачните единици при Министерството за земјоделство шумарство и

водостопанство, согласно одредбите на Законот за вршење на земјоделска дејност и правилниците  и уредбите на Фондот за земјоделство им се обезбедува плаќање на придонес пензиско инвалидско и здравствено осигурување, со овој амандман се обезбедува плаќање на здравствено осигурување. На ваков начин може да се постигне за многу брзо време една категорија на граѓани на Република Македонија кои што сега не се подведуваат под никаков статус, односно се под Бирото на заводот за вработување, или се водат како стечајни работници, да се регистрираат како индивидуални земјоделци, да бидат во номенклатурата стопанска дејност, да плаќаат соодветни придонеси на државата и на таков начин да се надминува овој горлив проблем на невработеност во Република Македонија, а од друга страна, бидејќи Фондот за здравство овие средства ќе ги оприходува, се прави билансирање во една друга ставка, која што исто така е многу важна за граѓаните на Република Македонија. Се работи само за 20 милиони денари. Овој надомест се бара тие 20 милиони да се земат по основ на реформата на јавната администрација и јас би ве замолил да размислите затоа што може да придонесе за надминување на овој горлив проблем на невработеност, пред се, во сферата на агрокомплексот и вработувачката дејност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас би се консултирал со претставникот на Владата. Мислам дека овој амандман не можеме да го гласаме воопшто, затоа што позитивната страна ја намалува од Буџетот, а ја зголемува во друг буџет во Фондот за земјоделие. Тоа е и законски невозможно да го изгласаме.

Дали сум во право?

ПЕТАР ГОШЕВ:

Таму пишува 13 милијарди. Тоа е грешка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тоа е очигледна грешка. Од еден во друг фонд се амандманите позитивни и негативни.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Тоа се за пензии и придонеси, законски обврски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи господине Ѓорчев, јас се извинувам но амандманот нема да можеме да го гласаме, затоа што ја намалувате ставката во буџетот, а зголемувате ставка во буџет на Фондот за земјоделие. Значи тие се два посебни билансирани буџети, заедно со седумте што ги гласаме и не се прелеваат од една во друга. Ќе направиме законска погрешка и да се усвои, тој ќе биде ништавен.

Ве молам да ме сватите дека тоа не е можно. И не е можно да поднесете таков амандман.

Значи, амандманот нема да го гласаме затоа што е невозможен.

Отворам претрес по амандманот на посебниот дел, програма 44, ставка 441, подставка 441420 и на раздел 09002, програма 12, ставка 343, подставка 443314 на предлгот на буџетот на Фондот за земјоделство, поднесен од пратеникот Марјан Ѓорчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Мислам дека е истиот случај.

Го молам пратеникот Ѓорчев да го повлече амандманот. Врши трансфери помеѓу неспоиви буџети.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на буџетот на Република Македонија.

Молам кој бара збор по текстот на Буџетот?

Има збор пратеникот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Читајќи го експозето на министерот за финансии и слушајќи го сдамиот министер, дозволете ми од парламентарната група на ДУИ да предложам дел од експозето на министерот што се однесува до имплементацијата на Рамковниот договор на страниците 20 и 21, да биде составен дел на образложението на Предлог-буџетот, кое што е на дневен ред.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Известен сум од Владата дека тоа станува составен дел на образложението на Буџетот. (Се согласувате).

ПЕТАР ГОШЕВ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Вашето барање е усвоено.

Го заклучувам претресот по текстот. Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2003 година, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 78 пратеници, за гласале 65, против 13, никој не се воздржал.

Констатирам дека Собранието го донесе Буџетот на Република Македонија за 2003 година. Со буџетите за 2003 година на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Фондот за магистрални и регионални патишта, Фондот за животна средина, буџетот на Фондот за води, Фондот за земјоделство и Фондот за вработување на Република Македонија.

Минуваме на точката 3

Предлог за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлог на законот, извештаите на работните тела ви се доставени, односно поделени.

Отварам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година.

Ве молам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, за гласале 68, 7 гласале против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, 66 за, 10 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 37 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 29 за додавање нов член 55 по членот 54, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се исто така, составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Коста Прешовски поднесе амандмани на член 51 став 2 и на член 14 за менување на ставовите 2 и 4, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Љубе Бошковски поднесе амандман на член 7, став 2 и 4, по кои Владата не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот на член 51, став 2 поднесен од пратеникот Коста Прешоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор по амандманот?

Има збор господинот Коста Прешоски.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Овој амандман на член 51 став 2 е предложен за утврдување на рокот од 5 дена, а не од 25. Едно дообјаснување како стои во Законот на предлог на Буџетот а тоа се однесува за доставување на извод од извештајот на финансискиот план на буџетските корисници до единките корисници, за да можат и тие да ги изготват своите финансиски планови за користење на средствата од посебните сметки. Инаку е од техничка природа и ова решение исто како и во член 6 од Предлог законот и нема причина да биде одбиен по мое мислење.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, за гласале 20.

Констатирам дека Собранието не го усвоие амандманот.

Отварам претрес по амандманот на член 14 за менување на ставовите 2 и 4 поднесен од пратеникот Коста Прешоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, за гласале 22.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на член 7, став 2 и 4 поднесен од пратеникот Љубе Бошковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Има збор господинот пратеник Љубе Бошковски.

ЉУБЕ БОШКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, пред да ве пофалам, бидејќи во текот на вчерашниот ден, а и од неколку ценети пратеници во Македонскиот

Парламент, слушнавме како новата Влада прави чекор напред околу проекцијата на Буџетот и во иднина нема да се случи од една ставка, односно од еден буџетски корисник, значи од едно министерство, средствата да се пренесат на друго министерство, а за тоа да нема одлука од Македонскиот Парламент, од највисокиот законодавен дом. Со членот 7 самите се демантирате.

Мојата поента кога размислувам и кога го поднесов овој амандман беше токму во таа насока, во иднина ако сакаме во Буџетот да го трошиме и тоа да биде транспарентно, бидејќи ние сите сме потрошувачи, односно сите ние сме корисници на тој буџет, вклучувајќи не и нас во Македонскиот Парламетн, значи гласачите мораат да знаат каде се трошат тие средства, се доведуваме во ситуација на седница на Влада, да се донесе одлука средства од едно министерство, на пример од Министерството за екологија, да се пренесат во Министерството за внатрешни работи, а за тоа да не биде консултиран Парламентот.

Доколку тоа не е така, ја поздравувам оваа одлука, но ова колку што можам да го прочитам е токму така и напишано во членот 7.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Колку што јас гледам во членот 7 се работи за внатрешна прераспределба, во рамки на еден раздел, не помеѓу разделите.

Дали е точно моето толкување?

ПЕТАР ГОШЕВ:

Од еден корисник во друг не ќе може.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Законот обезбедува внатре некоја ставка да се премести господине Бошковски. Меѓутоа, не и меѓу корисниците. Вашата идеа е во ред, меѓутоа, амандманот е во рамки на Законот. Со оглед дека идеата е таа, за да не гласаме, ви предлагам да го повлечете. Идеата Ваша е инкомпорирана во законот.

ЉУБЕ БОШКОВСКИ:

Го повлекувам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, 57 гласале за, 5 се воздржале, 12 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година.

Минуваме на точката 4.

Предлог за донесување на закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2003 година, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон и извештаите на работните тела, ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара зобр? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2003 година.

Ве молам да гласаме.

Гласале 80 пратеници, 65 за, двајца воздржани и 13 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве молам да гласаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Гласале 77 пратеници од кои 60 за , 17 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлгоот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејки не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Гласале 74 пратеници од кои 57 за, 5 воздржани и 12 против.

Констатирам дека Собранието го донесе  Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2003 година.

Минуваме на точката 5-Предлог за донесување закон за царинска тарифа, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон , со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлгоот за донесување на  законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот закјлучок.

Собранието го усвојува Предлогто за донесување на закон за царинска тарифа.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 81 пратеник од кои 70 за и 11 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието се согласува на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 70 пратеник од кои 59 за и 11 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесее амандмани за менување на член 5 и 9 и тие се составен дел на Предлогот на законот.

Пратеникот Ефтим Манев поднесе амандмани на Глава 87 во тарифниот број 8701 во тарифниот подброј 870190 во тарифната ознака 8701905000 и на Глава 87 во тарифниот број 8703, во тарифните ознаки 8703219000, 8703229000, 8703239000, 8703249000, 8703319000, 8703329000 и 8703339000 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Благородна Мингова Крепиева, Весна Борозан и Томе Тромбев поднесоа амандман на Глава 17 дополнителни забелешки, точка 2, по кои Владата не се произнела.

Законодавно правната Комисија поднесе амандман на член 4 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Цветанка Иванова, Драган Георгиев, Зоран Томиќ и Борис Кондарко поднесоа амандмнаи за бришење на член 5 за пренумерација на членовите 6, 7, 8 и 9 и на член 9 по кои Владата не се произнела .

Отворам претрес по амандманот  на Глава 87 во тарифниот број 8701 во тарифниот подброј 870190 во тарифната ознака 8701905000 поднеесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа амандманот, а и другите не може да се прифатат , бидејки ова е закон за ратификација на протоколот со Светската трговска организација, кој што е ратификуван од наша страна.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас би ги замолил пратениците што имаат интервенции во царинските стапки на номенклатурата која е предложена, таа е целосната номенклатура, јас ги замолувам, тоа е нивно право, да ги повлечар, затоа што тоа е дел од Протоколот за стапување во членство во Светската трговска организација, кој на минатата седница го донесовме и сега е само имплементација во закон. Ќе направиме проблени доколку отстаиме од ратификацијата на Протоколот кој е потпишан.

Затоа Ве молам, јас ќе ја терам процедурата, меѓутоа ќе прашувам поединечно, ако се работи за такви амандмани, дали се повлекуваат.

Дали господинот Ефтим Манев останува на амандманот?

ЕФТИМ МАНЕВ:

Објаснувањето на министерот дека царинските стапки, на оние на кои што имам поднесено амандмани дека се во спротивност со Законот за стапување во Светската трговска организација немаат никаква пречка едни со други бидјеки предложениот амандман за увоз на земјоделски машини и шумски машини во царинската тарифа за увоз на нови машини нема никаква царинска стапка, а додека има царинска стапка од 3,3% на користени машини, или популарно наречени половни, што сметам дека нема ама баш никаква спротивност со тој Закон , за кој објаснуваше министерот дека е во спротивност со Протоколот. Напротив оваа стапка е спротивна и ги прави граѓаните во Република Македонија нееднакви во купувањето на нова машина и на употребуван амашина. Сметам дека не можеме со

една ваква интервенција во законот, ако некој се одлучил да купи стара машина земјоделска или шумска да плати 3,3% царина, а другиот да не плати.

Од тие причини сметам дека пратениците добро да го разгледаат и да размислат, затоа што сите граѓани треба да бидат уедначени пред законот за увоз на машини.

Молам, доколку оценат пратениците, без разлика што министерот има мнозинство, сметам дека оваа царинска стапка треба да се избрише бидејќи не претставува никаков извор на средства.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави госпоѓа Крепијева .

БЛАГОРОДНА МИНГОВА КРЕПИЈЕВА:

Ви име на пратениците Весна Борозан, Томе Тромбев го повлекувам амандмнаот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во ред, кога ќе дојде на ред, прво да завршиме со овој.

Молам, дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Гласале вкупно 77 пратеници од кои 23 гласале за, против 54.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнаот.

Отворам претрес по амандманот на Глава 87 во тарифниот број 8703 во тарифните ознаки 8703219000, 8703229000, 8703239000, 8703249000, 8703319000, 8703329000 и 8703339000, поднеесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ДИМКО КОКАРОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам дали некој бара збор.

ЕФТИМ МАНЕВ:

И овој амандман е ист како и претходниот амандман и се однесува на увоз на патнички возила каде што за увоз на нови патнички возила е предвидена царина од 10%, а додека за увоз на употребувани патнички возила од 13,3%.

Целта на амандманот е да биде уедначен увозот на сите возила, дали се стари или нови, бидејки граѓаните имаат исти права, а дали ќе увезе старо односно употребувано возило, или ново возило тоа е негово право. А до кој степен и какво возило може да увезе е регулирано со Законот за надворешно-трговско работење.

Сметам дека ваквата стапка е неправилна и незаконска и граѓаните ги става во друга улога, оние кои што зимаат такви возила.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, дали некој друг  бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандмнаот го ставма на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 77 пратеници од кои 27 гласале за.

Констатирам дека Собраието не го усвои амандмнаот.

Отворам претрес по амандмнаот на глава 17, дополнителни забелешки, точка 2 поднесен од пратениците Благородна Мингова Крепијева, Весна Борозан и Томе Тромбев.

Госпоѓа Благородна Мингова во име на предлагачите го повлековте амандмнаот. Така ли?

БЛАГОРОДНА  МИНКГОВА КРЕПИЈЕВА:

Да, така, свесни дека не можеме да измениме нешто повеќе од она што и во Протоколот за пристапување во СТО беше направено.

Сакавме да направиме обид, пред се да укажеме и на Владата, а особено на Министерството за земјоделие и економија и на царинската управа за водење сметка за влијанијата на неможноста да се разделат белиот шекер добиен со преработка на шекерна трска и белиот шекер добиен од преработка на шекерна репка, и тоа од повеќе причини.

Ќе направам една дигресија и ќе потсетам дека во воведното излагање на министерот за економија, господинот Илија Филиповски кога го прифаќафме Протоколот за пристапување во СТО беше истакнато дека  одредени негативни влијанија ќе има на почетокот, а особенов оземјоделието. Резултат на  тоа секако дека ќе бидат одредени царински стапки кои се однесуваат на земјоделски производи добиени од земјоделски производи кои се произведуваат и кај нас.

Сакавме да укажеме дека производството на белиот шекер од шекерна репа е секогаш многу поскапо од производството на белиот шекер добиен од жолтиот односно од суровина од шекерна трска. Со оглед на тоа што во Макеоднија има традиција на одгледување на шекерна репка и нашата шекерана ја користи и склучува постојано договори со нашите земјоделски производители неконтролираниот увоз на бел шекер добиен од шекерната трска може да го загрози производството на белиот шекер кај нас од шекерна репка.

Токму затоа користејки го искуството на земјит еод евроспката заедница сакам да укажам дека при примената на Законот за царинска тарифа ќе мора да се води сметка при утврдувањето на минималната цена за царина и користење на ЕУР - 1, како би можело да се заштити пред се земјоделското производство на шекерна репка. Притоа можам да кажам дека истите мерки ги користат сите земји на Европската заедница, нашите соседи исто така се имаат заштитено, затоа што ова е индирекна порака на земјоделците дека не треба во иднина да садат шекерна репа, а тоа мислам дек аќе има негативен развој врз земјоделието.

Затоа би апелирала , бидејки 4 април е време кога треба да стапи законот за царинска тарифа во исто време да се направат напори да може да се утврди фиксираната цена по која ќе се царини и обврската на презентација на ЕУР-1 при увозот на бел шекер во Република Македонија .

Инаку , во име на пратениците јас го повлекувам амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Отворам претрес по амандмнаот за бришење на член 5 поднесен од пратениците Цветанка Иванова , Драган Ѓеорѓиев, Зоран Томиќ и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Ова не е веќе за стапките, ова е за членовите пред тарифите.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Почитуван претседателе, почитувнаи колеги пратеници, претставници на Влада,

Пред да се произнесе Владата сакам во името на сите предлагачи на овие амандмани да ги повлечам амандманит еод причини што во меѓувреме, по поднесувањето на нашите амандмани Владата поднесе амандмнаи на член 5 и на член 9 на истите овие членови на кои што ние поднесовме амандмнаи и овие

амандмани се во тој правец, па од тие причини сметаме дека нашите амандмани се веќе беспредметни и затоа ги повлеквуаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ги повлеквуате ли сите три амандмнаи.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА

Да, сите во целост.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да, тие се од Владата поднесени како нови.

Завршивме со амандманската расправа, продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор по текстот на законот.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине претседател јас незнам дали ќе се вклопи во текстот, ако не се вклопи слободно прекинете ме, но со оглед на тоа што имаше поднесено амандмани од Тромбев, од Благородна и од госпоѓа Борозан сакам да предложам еден заклучок , кој ќе го предложите за усвојување кога ќе биде усвојувањето на законот. Заклучок со кој што би се обврзала Владата по однос на заштитата на шекерната репка.

Доколку ми дозволитепред гласањето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Мене ми е проблем ако го ставам на гласање дали Владата ќе може да проучи што ќе предложите во меѓувреме.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ;

Бидејки имавме дискусија по однос на заштитата на шекерната репка, бидјеки кога го ратификувавме Протоколот за влез во СТО опозицијата се фалеше како направи многу добри разговори, ние се фалефме како за наше време се донесува еден протокол, но некои работи ни промакнаа. Една од тие работи е производството, увозот на белиот шекер во Република Македонија . Затоа би предложил еден заклучок кој би гласел:

Се задолжува Владата на Република Македонија да ја согледа состојбата и можните последици од увоз на шекер и да предложи заедно со царинската управа мерки за заштита на производството на шекерна репа.

Ако е потребно и би го образложил накратко.

Ова би требало да го направат заедно Министерството за економија, Министерството за земјоделие и Царинската управа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлагам да не галсаме за заклучокот, а заклучокот да го доставиме на Владата на проучување.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ;

Прифаќам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидјекаи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот, а од стенографските белешки да се симне заклучокот и да се достави до Владата на проучување.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Гласале вкупно 68 пратеници од кои 59 за, 2 воздржани и 7 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за царинска тарифа.

Минуваме на точката 6-Предлог на програма за користење на средства остварени од приватизација на претпријатија со општествен капитал во 2003 година.

Предлогот на програмат аи извештаите на работние тела на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот на програмата .

Законодавно-правната комисија поднесе амадмани на основот за донесување на програмата и на точките 2, 3 и 4 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се сотавен дел на текстот на Предлгот на програмата.

Продолжуваме со претресот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Блаже Стојановски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги  Програмата за користење на средствата остварени од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал за 2003 година што во вид на Предлог ја добивме како пратеници како точка на оваа седница, сметам дека не е целосна.

Прва работа, донесуваме Програма за средства кои не се предвидени, а кои треба да се остварат од приватизацијата на претпријатијата со општествен к апитал што се планира да се остварат во текот на 2003 година. Воопшто нема наведено ниту износ ниту планирани или проектирани средства од оваа приватизација.

Втора работа која навистина е во согласност со ова се однесува на користењето на овие средства. Сите средства кои треба да се остварат со оваа Програма се предвидуваат да се наменат за една намена, меѓутоа, колкав износ ќе се намени за таа намена, колкав е вкупниот износ по овој основ кој треба да биде отплатен по основ на обврзниците кои се издадени согласно Закконот за начинот и постапката за исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните не е наведен.

Сметам дека не е сериозно да се носи програма во која немаме целосен износ на средства, туку имаме само дел кој се однесува на средствата од приватизацијата на Македонски Телекомуникации кој е точно наведен и точно се наведени намените за кои тие средства треба да бидат ангажирани.

Од овие причини сметам дека Владата треба да направи една проекција на средствата кои треба да бидат остварени по основ на дозавршување на приватизацијата во 2003 година и на тој начин да можеме тие средства да ги имаме во предвид и да знаеме колкав износ од тие средства ќе биде одделен за отплата на долгот по основ на овие обврзници кои ги наведов претходно.

Сметам дека тоа е нормален начин за да можеме да донесеме програма која ќе претставува целосна програма која ќе значи утврдување на износи кои се проектирани, бидејќи ние носиме Програма, а не начин на користење на средства кои се веќе собрани. Сепак тоа претставува една проекција за она што треба да се обезбеди во текот на 2003 година од приватизацијата, а она што е веќе обезбедено тоа е дефинирано и тука е евидентно за кои намени кој износ ќе се троши.

Овие средства ќе треба да бидаст утврдени и мислам дека Владата треба да даде одговор од кои причини нема направено никаква проекција и  ние како

пратеници немаме никакков увид во однос на очекуваните средства од реализацијата на приватизацијата на општествениот капитал во текот на 2003 година.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор министерот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Еве кратко да кажам тие приходи кои се познати од Телекомот и Агенцијата за приватизација тие се во Програмата  и тие се за намените, во буџет се планирани и тие се за намените кои се гледаат од буџетот. Ако одат за други намени го зголемуваат дефицитот во буџетот, не можат поинаку да се распоредуваат.

Кога ќе имаме други приходи од приватизацијата повторно со Програма и со ребаланс на буџет и ќе дојдеме во Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, ако се остварат средства од приватизација во текот на 2003 година тие средства нема да се распределуваат по волја на Владата, туку повторно ќе донесат одлука и програма која ќе ја гледаме во Собранието. Нема опасност дека Владата ќе ги троши без одлука на Собранието согласно законот, не може Владата без Собранието, меѓутоа, ги нема средствата.

Господинот Стојаноски

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Се согласувам со тоа дека треба да се донесе посебна програма за тие средства, меѓутоа, не гледам причина зошто тука би ги наведувале како основи, како намени на тие средства, затоа што нема средства во овој момент, како што можат да се проектираат по тој основ.

Значи, кога ова би отпаднало, тогаш би донеле програма која е за средствата од Телеком, а Програма за дополнително обезбедените средства секако треба да донесеме, како што кажа министерот. Целосно се согласувам со него, меѓутоа, а не гледам причина да стои во оваа Програма само текст без никакви податоци.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја утврдуваме намената, а висината ќе ја утврдиме откако ќе имаме средства.

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Програмата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ќе се лицитира со почетна цена 0, не се знае колку ќе биде.

Гласале 68 пратеници, за гласале 56 пратеници, 12 гласале против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе Програмата за користење на средства остварени од приватизација на претпријатијата со општествен капитал за 2003 година.

Тука ќе ја прекинеме седницата, утре во 10,00 часот ќе продолжиме со седницата Ратификација на договорот со Европската Унија, потоа ќе направиме пауза па ќе продолжиме со оваа седница истиот ден.

(Седницата прекина со работа во 18,50 часот. )